
МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ
Анте
Поповски
СВЕТА
ПЕСНА


МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ
Анте
Поповски
СВЕТА
ПЕСНА

*Анте Поповски*
**СВЕТА ПЕСНА**

*Издавач*
МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА
НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

*Уредник*
Георги Старделов

*Координатор*
Виолета Јовановска

*Јазична редакција*
Здравко Корвезироски

*Ликовен уредник*
Кочо Фидановски

*Печат*
Југореклам
Скопје 2001

*Тираж* 500

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

*Анте Поповски*

# СВЕТА ПЕСНА

CIP – Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски",
Скопје

821.163.3-1

ПОПОВСКИ, Анте
Света песна : поезија : интегрирана песна во 22 пеења / Анте Поповски. - Скопје : Македонска академија на науките и уметностите, 2001. - 488 стр. ; 24 см

ISBN 9989-649-87-1

## За мојата **Света песна**

Еве ја мојата **Света песна**, мојата **Cantica sacra**. Ја откривав кога мојот живот го демнеа големи опасности и неизвесности, кога се насетуваше крајот. Сега веќе говорам како никогаш и ништо да не се случило: **Cantica sacra**, исцелителу!

Низ целиот мој творечки опит ме измачува љубопитство: како би се однесувал македонскиот јазик во подолгите, и лирски и епски, уметнички форми? Ме поведе искушението и самиот да се опитам во тоа. Бев уверен дека λογος-от – создател е просветлен и сам да открива свои нови и ненасетени дарби. Што има повозвишено и посвето од тоа својот разум и својата душа да ги опиташ во јазикот на својот народ? Постапно ја насетував светлината на зборот која низ редовите ги населуваше сенките не само на моите стихии и соништа туку и мојата спиритуална прошетка низ времето.

Независно од мојата сакрална почит кон јазикот – се осмелив да излезам на двобој со него. Се разбира, и овојпат победник е – тој! Јас, Давид, сега лежам беспомошен, кутнат наземи и загледан во небото и пратот на Голијат! Јазикот ѝ прости на мојата невиност да му се противставам.

Целата **Света песна** е испеана во 40 пеења со над 22 илјади стихови. Тоа се самостојни тематски кругови кои се



стремев да живеат и во целината на зафатот. Заради околностите кои ја придружуваат судбината на книгата кај нас во овие и вакви времиња, принуден бев да ја поделам во две книги со ист наслов. Ѝ должам исклучителна благодарност на Македонската академија на науките и уметностите, на нејзиниот Издавачки сектор и на Одделението за литература и уметност, за разбирањето и напорите што ги вложија овој мој ракопис да се појави на денот на мојата пристапна беседа во овој свет дом на македонските науки и уметности. Живеам во голема надеж дека и втората книга на **Света песна** ќе си изнајде начин и пат наскоро да му биде достапна на македонскиот читател.

Во овој том јас избрав 22 пеења: се разбира, не поради тоа што низ 22 зафати и Создателот го создал светот; не и поради тоа што и Откровението на свети Јован има 22 поглавја. Се определив за оваа бројка, зашто таа ги искажувала сите преобразби на битието низ времето и дека е рамнозначна на **α** и **Ω** и на буквата **М**. Зар **М** и не е меѓу **алфа** и **омега**, меѓу почетокот и крајот? Какви сѐ асоцијации буди оваа буква во мене – најубаво ќе се види на овие страници.

Со што може да му возврати еден поет на еден благороден и возвишен човек кој застана заедно со мене за да го брани мојот живот и да ме пододдалечи од крајот? Во тој заеднички меѓупростор е создавана оваа книга и од тоа заедничко меѓувреме доаѓа мојот глас на искрена благодарност кон господин Трифун Костовски, зашто ако е мој животот – негова е книгава.



# ПЕСНА I

## Каин и Авел

18–30 *Сега јас сум само еден преплашен човек,*
*Ева,*
*еден преплашен Адам кој пали огнови*
*околу гробиштата*
*за да им биде светло на мртвите*
*дури одат на причесна;*
*сега јас сум само еден стаписан Адам,*
*кој врз себе ја презел целата одговорност*
*за секој човек, одделно, и за сите потомства*
*заедно,*
*свесен, притоа,*
*дека и прашинката е поголема и потрајна*
*од него!*

80–85 *...Мој грев ли е, јас, Адам,*
*првиот човек меѓу луѓето што сум создаден од земја*
*наспроти вториот Адам кој ќе биде создаден од дух*
*за небески да биде?*

191–198 *Затоа мојот вистински дом, Адаме,*
*е – Дом на коските! Само децата Каинови*
*некогаш, играјќи си низ големата пустина,*
*ќе речат: тука, на овој камен седела Ева*
*а на овој, сироти Ева – Адам:*
*горд и скрушен старец кој,*
*во строга античка поза*
*им пеел на звездите...*

200–207 *Стоев јас, Адам, само со невиноста моја*
*и со силата на Словото во мене:*
*Словото ми беше светлина со која гледав,*
*клуч со кој ги одгатнував сите сенки –*
*освен мојата и сенката на Создателот.*
*Нив можеше да ги одгатне само Тој*
*зашто јас и без тоа останав само сенка*
*на неговите соништа.*

228–236 *Словото мене ми беше единствена слобода*
*но и окрвавен меѓник кој ме делеше*
*од Создателот:*
*во ноќите, низ зорите, квечерините –*
*се нишаа само нашите сенки,*
*неговата и мојата;*
*и беа ставени две трпези –*
*неговата и мојата:*
*едната на небесата – другата на земјата;*
*Создателот на една трпеза, сам со себеси,*
*јас на другата трпеза, уште посам од себеси...*



312–320 *Сега со денови и со ноќи*
*осамен кружам околу могилката на Авел*
*и избезумен го прашувам нешто*
*кое и самиот не знам што ми значи:*
*Сине, Авел, му шептам, како издржуваш без море?*
*Адаме, татко мој,*
*сред оваа пустина морето е – излишно!*
*По Откровение ќе нема и – море, татко Адаме,*
*зашто самите го избравме совршенството на смртта...*

482–493 *– Земјава не љуби зборови,*
*во земјата се молчи,*
*таа судбина ме предодреди*
*и писмото кое никогаш нема да биде*
*напишано*
*да умеам да го одгатнувам и да го читам:*
*таа голема неволја при мене те води,*
*Каин,*
*доаѓаш правта на мртвите да ја искушуваш*
*заборавајќи дека мртвите*
*никому и ништо веќе не должат:*
*тоа живите одговор на мртвите им должат...*

531–541 *Помлад од тебе во животот*
*но постар – во смртта,*
*каде и да погледнам*
*твоите окрвавени раце*
*и вземи ме прогонуваат!*
*Па и земјава во која лежам*

*и врз која е означен обликот на моето тело,*
*оваа моја кобна постела, Каине, –*
*е и твој дел: така, брату мој, Каин,*
*јас, Авел, помлад од тебе во животот*
*сега сум постар од тебе – во смртта!*

686-698 *Смртта негова е дело само твое и на никој друг*
*и таа смрт сега фрла сенка на сиот живот,*
*и не само врз твојот и мојот живот,*
*и не само врз животот Адамов,*
*туку таа сенка се издолжува отаде животот*
*и сега засекогаш ти времето го подели*
*на време на животот и – време на смртта;*
*земското го подели на две големи неизвесности,*
*небеското на – погибии и тајни...*

720-727 *Божјото провидение,*
*со црниот знак на моето чело,*
*му ги испеа највдахновените химни на животот*
*а не на смртта!*
*Со тој знак, со таа клетва на челото*
*јас го напишав она кое не е дадено за живот,*
*враќајќи го, во исто време,*
*и долгот наш човечки кон Бога...*



О, Ева, Ева,
друг и поинаков лик на мојата душа
и на моето тело,
сега јас сум само дух од себеси а ти
– коска од мојата коска,
стоиш спроти мене и само плачеш
и само ме гледаш и проколнуваш...
О, Ева, Ева,
сега обајцата сме само смртна сенка
на животот и твој и мој,
кажи, изусти како се случи тоа
јас, Адам,
татко на светот и на сите потомства, татко,
кажи како се случи тоа, о, Ева,
јас да бидам тој прв грешник
кој се откажува и од вечноста и од Господа
а ги прифаќа исчезнувањето и смртта?

Сега јас сум само еден преплашен човек,
Ева,

еден преплашен Адам кој пали огнови
околу гробиштата
за да им биде светло на мртвите
дури одат на причесна;
сега јас сум само еден стаписан и обезличен
Адам,
кој врз себе ја презел целата одговорност
за секој човек, одделно, и за сите потомства,
заедно, свесен, притоа,
дека и прашинката е поголема и потрајна
од него!
О, Ева, Ева,
коска од мојата коска
и поинаков лик на мојата душа
и на моето тело,
кажи како се случи тоа сега да бидам
поосамен и од бога во небесата?
Ниту престапник, ниту безумец, ниту зол,
твојата непокорност мене ме зароби
и ми пресуди
сега да бидам само блед призрак од себеси,
да бидам еден тажен, еден скршен човек
меѓу луѓето,
со голема лузна на душата и кој,
и не знаејќи ниту зошто
ниту пак кому се моли –
кога изгрева се моли побрзо да зајде
а кога зајдува – побрзо да изгрее.

Господ веќе не го позема мојот збор,
мојата молба сега е една осквернавена



и неуслишима тага,
стебло кое веќе не раѓа плодови,
– ниту таму кај што е
ниту пак таму каде што никаде не е.
О, ти Ева,
коска од мојата коска
и поинаков лик и на мојата душа
и на моето тело,
кажи ми како се случи тоа да ме опсениш
за да ѝ бидам заробеник на љубовта кон тебе
а не кон Господа,
па сега и земјата околу нас да биде пуста
како и срцето човеково?
Кажи ми како се случи тоа
во мене да се насели една голема лузна,
судбината да ме пресоздаде во црн печат
на осквернавена љубов
меѓу земјата и Господа?

Во што е мојата грешка, о, Ева,
кога веќе никогаш не помислив да се поистоветам
со Создателот
или пак тој, бирајќи меѓу тебе и мене,
пресуди така –
првиот секогаш да биде причина и за она
кое од него и не произлегува?

Пред да оживеам, Ева,
името ми беше Г о л е м и о т
сѐ до оној миг Бог дури не ми вдахна
животворен здив. Мој грев ли е, Ева,

потомствата што ќе го носат мојот лик
и проповедниците на Вториот Адам
што ќе проценат дека сум се пресоздал
во жива душа? Мој грев ли е, јас, Адам,
првиот човек меѓу луѓето што сум создаден од земја
наспроти вториот Адам што ќе биде создаден од дух
за небески да биде?

Сѐ појасно станува дека залудна е мојата молба
мојот жив син да ме послуша да скине плод
од Стеблото на животот,
од тајните на бесмртноста! Ангелот
кој го чува рајот сега нема да му допушти
да се доближи до стеблото.
Во замена ќе му даде неколку семчиња
кои да заврзат врз моето тело.
Од нив ќе израсне стебло
кое ќе биде и стебло на страдањата
но и Стебло на крстот на кој да биде распнат
вториот, небескиот Адам! Мојата глава,
о, Ева, ќе стои под крстот Исусов,
мене тоа ми е многу јасно:
мојата глава ќе биде само знак низ преданијата
според кој ќе се препознаваат
само земјата и смртта.

О, Ева, Ева,
според знакот на мојата глава
во Дрвото на крстот, ќе прикажуваат:
во Адама живеело Словото...
Но, кое слово, Ева, какво Слово?



Што остана од тоа слово и од тоа писмо
сончево и озвездено?
Земјата сега подобро од крвта
го памети моето слово. Скршено ми е срцето
и вршката на благунот дури ги запишува
птиците и ветровите,
ѕвездите дури прераскажуваат чуда
од последниот ден на Создавањето,
од денот Бог пред да ме создаде мене,
јас, загледан во пустината – точно во пустината
откривам бесконечна книга во која се запишани
и твојата и мојата, но судбината –
и на нашите деца, Ева;
на сите нивни и наши потомства, Ева –
пустината ни е лулка!

Сѐ појасно станува, о, Ева,
дека јас сега умеам да ги одгатнувам зборовите
кои сѐ уште не се ниту изговорени
ниту пак запишани некаде, но – сѐ е попусто:
сега и ти и јас
сме само прав од мртви зборови.
Само семето е жива мисла, Ева,
а јас веќе се разделив на семе на животот
и семе на – смртта!
Погледај: околу нас сѐ се пресоздаде
во место на еднаквост
па ништо не ме разликува од земјата
ниту мене – ниту мојот род:
во земјата сега се препознаваат
и телото и духот
на сите живи и на сите мртви...

Ти ме скрши или пак тоа јас, самиот, Ева,
копнеев по непослушноста
па сега оваа пустина пред нас
ќе ни биде чесна трпеза
со полни паници сини ѕвезди?
Ти ме скрши или пак тоа јас, самиот, о, Ева,
ја изреков твојата мисла: Адаме, Адаме,
кралу на сите порази,
децата твои прилегаат на твоите очи
кои и будни сонуваат...

Верував, Ева, дека Господ нема да го престори
нашиот Каин во свое копје. Верував
небото и земјата дека нема да ги создаде
во живеалишта на луѓето
а душата и телото човекови
дека ќе ги избере
за свои живеалишта!
Така, Ева, преку тебе и мене Создателот
сега не живее само на небесата
туку и во нас, на земјата;
во твојата и во мојата душа
– сега Тој живее како во свој дом.

Ах, Адам, Адам,
единствен и само мој
зашто друг не постои Адам и друга нема Ева,
о, Адам, Адам, радости моја,
твоето и моето разгрането дрво
сега е споделено: гранката Каинова
уште зеленее;



на другата, на Авеловата,
само гаврани и утја слетуваат.
Наше потомство, Адаме, од гранките врз тебе
нема да прави харфи
со кои да ја воспеваат нашата девственост
туку твојата глава ќе стои под крстот
на Исусовото дрво; на дрвото на Вториот Адам,
небескиот.

Така, Адаме, единствен и само мој
зашто друг не постои Адам и друга нема Ева,
сега коските на твојот и мојот син, Авел,
веќе се сушат на пустинските ветрови
како што утре ќе се сушат и нашите.
Затоа мојот вистински дом, Адаме,
е – Дом на коските! Само децата Каинови
некогаш, играјќи си низ големата пустина,
– можеби, ќе речат: тука, на овој камен седела Ева
а на овој, спроти Ева – Адам:
горд и скрушен старец кој,
во строга античка поза
им пеел на ѕвездите.

Никој, Адаме, ниту ти ниту пак јас,
никој освен Создателот не може да тврди
дека пред нас двајцата земјата била
безоблична и пуста
и мрак дека стежнал над бездните.
Никој, ниту ти ниту пак јас сме слушнале
Создателот кога заповедал:
нека биде светлина и кога го разделил светлото

од темно, првата зора на сите времиња
кога го огреала светот.
Ниту ти, Адаме, ниту што и да е друго
освен оваа птица, не слушнал
Создателот кога наумил првин да те создаде тебе
а потоа да те фрли во длабок сон
да каже: ајде сега да создадеме човек
според лика и подобие како што сме Ние...
Ниту ти ниту пак јас се сеќаваме
како нè создавал, како нè обликувал,
кога и каде точно се случувало тоа –
никој освен Создателот не се сеќава на тоа...
Но, како ќе се случело сето тоа што се случило,
како можело сето тоа да се случи,
како ќе заповедал Создателот доколку
покрај себе не го имал С л о в о т о?
Затоа: на почетокот беше С л о в о т о
и Бог беше С л о в о
и С л о в о т о беше – Бог!

Сосем сам, Ева, сосем сам
стоев пред Создателот
и како негово највозвишено дело
но и како жртва што сам себеси си ја принесува.
Стоев јас, Адам, само со невиноста моја
и со силата на Словото во мене:
Словото ми беше светлина со која гледав,
клуч со кој ги одгатнував сите сенки –
освен мојата и сенката на Создателот.
Нив можеше да ги одгатне само Тој
зашто јас и без тоа останав само сенка
на неговите соништа.



Словото мене ми беше единствена слобода
но и окрвавен меѓник кој ме делеше
од Создателот:
во ноќите, низ зорите, квечерините –
се нишаа само нашите сенки,
неговата и мојата;
и беа ставени две трпези –
неговата и мојата:
едната на небесата – другата на земјата;
Создателот на една трпеза, сам со себеси,
јас на другата трпеза, уште посам од себеси.
Трета трпеза уште немаше.
Доцна осознав дека и смртта била
составка на Словото; брашно, сол и вода
од кои бил замесен лебот на честа и на стравот.
Затоа Словото ми беше и двор на невиноста
но и окрвавен меѓник кој ме делеше
мене, Адама, од – Создателот.

Доколку, веќе, не сум можел да го слушнам
гласот на Создателот кога заповедал
еднооподруго да се случуваат и откриваат
нештата при создавањето –
убаво се сеќавам во една летна изутрина
како се загледа Тој во мене,
како проникна длабоко во мојот поглед
и како прочита една голема неизвесност
во мене и една голема тага
што сум сосем сам во светот што го
создаваше Тој:
– Адаме, Адаме,

гледам голема тага те обзела,
што ти недостига? Човек, му велам на Создателот,
човек ми недостига. А Тој слатко се изнасмеа
и ми вели: човек – да, но поинаков од тебе,
поинаков од Адама...

И навистина: Создателот седна сам до Словото
и му вели: не е добро за Човекот да биде сам!
Да му создадеме помошница, слична на него?

Тогаш Создателот ми прати длабок сон,
ме скри во сонот,
Тој на Негов начин – јас на свој начин
се идентификувавме со сонот. Ми извадил
ребро и од него беше создал
Човечица. Застана тогаш спроти мене
и ми вели: Адаме, еве ти Живот,
еве ти ја Ева, коска од твоите коски
и плот од твојата плот.
Името нека ѝ биде Ж е н а, зашто е земена
од мажот. Еве ти ја Ева, честит Адаме,
зашто не е добро човекот да биде сам!
И кога веќе самите ние, Ева и јас,
се откажавме од совршенството на животот
и го избравме совршенството на смртта –
јас одново го слушнав Создателот:
Адаме, Адаме,
не страхувај и од смртта,
преку смртта Адам ќе напредува во честа...

Од какво значење е тоа, што јас и ти, Ева,
сме единствените кои некогаш разговарале со Господа



очи в очи? Кому е значајно тоа ако кажам
дека по гревот што го направи Каин,
мојот и твојот син,
тоа право си го одзедовме сами оној час
не ти, не мојата горда и непокорна Ева
кога ја погази заповедта на Господа
туку оној час
нашиот син Каин кога крена рака
на брата си Авела.
Кај бевме ние тогаш, Ева?
Што сторивме ние за да го спречиме Каина?
Кој ќе го избрише сега нашиот грев, о, Ева?
Гледајќи крвта на братството како се пресоздава
во крв на смртта –
истиот час ми стана јасно
дека сѐ подалеку ќе бидеме од Господа
зашто од крвта на мојот син беше овоплотена
смртта. Сега стана јасно дека еден нов Адам
ќе дојде низ воскресение да го овоплоти –
животот! Така, од жртвата на мојот син
се овоплоти гревот
а од жртвата на синот божји
ќе се овоплоти спасот!
Ете, толку сме далеку од Бога:
само една смрт – само еден живот...

Сега со денови и со ноќи
осамен кружам околу могилката на Авел
и избезумен го прашувам нешто
кое и самиот не знам што ми значи:
Сине Авел, му шептам, како издржуваш без море?

Адаме, татко мој,
сред оваа пустина морето е – излишно!
По Откровение ќе нема и – море, татко Адаме,
зашто самите го избравме совршенството на смртта...

Ах, Адаме, Адаме,
ти кој некогаш му беше единствен другар на Господа
сега си бесконечно сам. Единствен и прв
во судбината Твоја, како што единствен и прв
во судбината моја – сум јас, Авел,
усмртен од братот свој и синот твој и на Ева,
Ах, Адаме, татко Каинов и мој,
не е мое за волјата Божја да судам
но само прашувам:
што ќе се случеше само јас, Авел, да бев
син твој и на Ева а не и братот мој Каин?
Каин да беше син твој и на Ламија
а не на Ева, дали ќе се случеше, Адаме,
и тогаш истото што се случи?
Ќе се случеше ли и тогаш Каин да ме усмрти
а потоа божјак, со лузна на челото,
да талка низ пустината и низ себеси
та и од себеси во себе да се крие?
Ќе се случеше ли тоа, о, Адам,
о, татко на родот човеков и татко
на синот твој
прв усмртен меѓу сите живи?

Што ќе се случеше, о, Адам, Каин да беше
син твој и на Ламија а не на Ева?
Прилегаше тоа така да биде зашто Ламија е



единствена жена од земја создадена како и ти,
страсна и дива која ти пријде тебе,
како земја на земја и како земја во земја
заедно за да – оземјувате?
Што ќе се случеше Каин да беше син
на две непокорни и силни суштества,
да биде земја од две земји оземјен,
камен од два камена окаменет?
Отелотворен од тебе, Адаме, и од Ева,
Каин не беше јак Бога да го погледне в очи
а не мене; на Бога да дигне рака
а не на мене! Тој, едноставно, посегнувајќи
по мене – посегна по животот,
па вината за смртта моја во Каина не е
туку во тебе, Адаме, и во Ева се крие:
вие го создадовте него, совесен и вреден
и пострашлив и од смртта да биде!
Сега, и на твојата смрт, Адаме,
и на сечија друга –
мера мојата смрт ќе биде!

Смртта своја мерена со смртта на другиот
не е вистинска смрт. Единствен сум јас, Авел,
зашто ниту Ева, ниту Каин, ниту пак ти, Адам,
мера на мојата смрт нема да бидете.
Јас сум тој синор, таа окрвавена меѓа,
тој алов камен
кој вреска низ времето
и според тој камен вие ќе го мерите
и својот страв и својот грев
и своето ужасно чувство на вина

дека ќе ме наџивеете: мојата смрт
го начна и вашиот живот и сега доаѓате
при мене заедно со вашата прелага
дека ќе ја одминете
тишината на вашето тело.

Ах, Адаме, Адаме,
единствен и прв во судбината своја
како што единствен и прв
во судбината моја сум јас:
усмртен од синот твој и на Ева
и брат мој – Каин!
И секој чекор ваш натаму
ќе биде само одговор на довиците на
смртта моја
и ништо посигурно и повистинито нема
да доживеете, зашто единствена вистина
која ќе ве прогонува низ животот –
ќе биде вашата смрт:
осетот за време вам ќе ви биде – смртта!
Постара од сите човекови искуства натаму
ќе биде само мојата смрт; таа ќе ви биде
и почеток и крај, таа ќе ви биде
и велигденска кошула и света свирка
и свето оро...

Потекнавме сите од тебе, Адаме,
ти нè зачна во грев,
и како што гревот преку тебе се насели
во животот а преку гревот и смртта –
така и смртта моја преку мене
премина на сите живи.



Ти и Ева, Адаме, ме пресоздадовте
во стебло на искушенијата
кое ќе фрла сенка над целата историја:
сега и крстот кој сени врз мене
е направен од стеблото на забранетиот плод
што го вкусивте вие.
Затоа, Адаме,
во тебе ќе умираат сите луѓе,
и птиците и ѕвездите, и рајот и смртта,
и распнувањето и самото – воскресение!
Сè заедно ќе стои на едно исто место
покриено од сенката на искушението...

Ти, Адаме, во рајот, во местото на бесмртноста,
самиот ја поучуваше Ева дека она
што не е слободно – не е и чесно,
и Ева те послуша:
во состојба на неосквернавена љубов
нејзе само едно ѝ недостигаше:
да го допре Стеблото на познанието
на доброто и злото!
Затоа единствен си, Адаме,
заедно со Ева,
кој ја допре бесмртноста и осозна
дека е неопходно да постои зборот
и дека не е неопходно да се живее.
Сега сите ќе проповедаат и пеат:
да си појдеме кај татковците
во оваа голема пустина која е
непрочитано писмо

зашто тука секоја прашинка и секој повев
на ветровите –
поинаку пишува...

Сега правта твоја, Адаме,
ќе биде покрај мојата, тука,
во пустината, а името насекаде:
така ти преку смртта моја
од пределите на рајот
засекогаш се насели во – зборот;
од една – во уште потрајна вечност...
Обсидан во непробивни ѕидишта гнев
и со кобен знак на челото,
ноќем ги наслушува ѕвездите, им шепти
и никој и ништо на ниеден негов збор
не му возвраќа:
духот само на неговиот брат
му ја разбира мислата:

– Кога би можел да ми го подариш митот
кој раскажува за тебе и за мене –
јас не би бил осамен. Низ митот,
сенката твоја и сенката моја
шетаат живи, брату мој, Каин?

Митот е во мене: тој не е ниту нива,
ниту пак прстен што може да се подари,
брату мој, Авел...

– Те гледам, скиташ од немило до недраго
и само молчиш, брату мој, Каин?



– Само со еден замав на раката,
само со едно остро парче црвен бигор
го кажав она кое цел живот
треба да се прераскажува.
Јас и – никој друг!
Меѓу мноштвото повикани –
само еден избран, јас, Каин!
Ехо на сето тоа
се твојата и мојата судбина.
И не моите зборови туку твојот молк
сега е причесна за сите живи:
света постела на еднаквоста,
брату мој, Авел...

Но, ќе одгатнам ли еднаш:
кобниот вопиј на крвта твоја
или пак мракот на гневот мој
постојано ме довикува
да навраќам при тебе, тука,
о, брату мој,
о, Авел.

– Земјата не љуби зборови,
во земјата се молчи,
таа судбина ме предодреди
и писмото кое никогаш нема да биде
напишано
да умеам да го одгатнувам и читам:
таа голема неволја при мене те води,
о, Каин,
доаѓаш правта на мртвите да ја искушуваш

заборавајќи дека мртвите
никому и ништо веќе не должат:
тоа живите одговор ним им должат...

Што направи ти, о, Каин,
и од мене и од себеси?
Мене ти во семе на смртта ме пресоздаде
а гневот твој до судбина го извиши
а не до подвиг!

Што направи од Адама, твојот и мојот татко,
подеднакво сега и мртов и жив?
Невин светец, совесен како светлината
која изгаснува?
И што направи од Ева, твојата и мојата мајка?
Од мајка на живите
ти ја сподели и ја пресоздаде
и во мајка на мртвите!
И не заради мене туку заради тебе
таа ја превозмогна мојата судбина,
како волчица ја задави
својата немоќна рожба
и со глас кој ги надви сите времиња,
извика:
И покрај сѐ и наспроти смртта
животот нека продолжи!

– О, Авел, сине Адамов и на Ева, и брату мој,
тоа кобниот вопиј на крвта твоја
или пак мракот на гневот мој
ме довикува да навраќам при тебе,
о, брату мој, о, Авел?



Неволја голема при мене те води,
о, брату, Каине. Те води тука
каде што никој освен мене уште не бил,
па што и да помислам,
каде и да погледнам,
насекаде сенката на твојата рака
и парчето црвен бигор во неа –
ме прогонуваат.
Сега сите мои соништа
и сиот мој имот низ сите времиња –
е смртта што ми ја пресуди ти, Каине...

Помлад од тебе во животот
но постар – во смртта,
каде и да погледнам
твоите окрвавени раце
и вземи ме прогонуваат!
Па и земјава во која лежам
и врз која е означен обликот на моето тело,
таа моја кобна постела, Каине, –
е и – твој дел: така брату мој, Каин,
јас, Авел, помлад од тебе во животот
сега сум постар од тебе – во смртта!

Ме прашуваш крвта дали вопиј е мој
но јас – молчам! Судбината ме предодреди да знам
дека мртвите
нема што да им кажат на живите:
сѐ што имаа да кажат – тие веќе го кажаа.
Па сепак: душава моја по тебе пека
како гусле и страдам проколнат

зашто брат мој си и ничиј освен мој
и гледам длабоко во твојот грев
како пропаѓаш. Читам во твоите страдања,
брату мој, Каине,
исцеление на твојата душа –
нема да има...

Сега ниедно покајание и ниеден псалм
болката и плачот твој нема да ги смират,
низ сите времиња тебе
пустината –
и нива и трпеза ќе ти биде...

Ништо не осквернавев па, сепак,
сега сум едно исушено дрво;
јаглен сум
со кој единствено можев да си ги напишам
моите свитоци во кои секој збор
проткајува цели галаксии соништа
и тага по тебе.
Така и овој разговор меѓу тебе и мене
веќе сите го знат, о, Каин,
како што знаат
мојава могила на Адамова земја
најочит доказ е: таа говори
брат си мој, Каине, а јас Авел, и мртов,
брат сум твој, о Каин, само твој
и ничиј друг. Јас, Авел, и мртов,
одново брат сум твој, о, Каин.
Сите знаат: последниот збор од нашиот разговор
дека мораше да биде – окрвавен!



Дека е ова така –
подоцна и Создателот тоа го потврди:
зедов парченце јаглен од жртвата Авелова
и парченце јаглен од жртвата Каинова –
Каиновиот јаглен ништо не запиша,
јагленот од коската Авелова
сама запиша:
зошто мајко Ева Авела го роди
кога веќе го имаше Каина?
Зар животот Каинов со смртта на Авел
се брани?

Пустината и во тебе и во мене, о, Каин,
на плеќи ја носам и одам,
и сам си пеам:
достатно е да бидеш и пепел од себеси но –
изгорен во сопствен оган!

– Брату Авел, ти самиот си ми сведок
дека јагленот од жртвата моја ништо не запиша
и дека животот мој со смртта твоја –
не се брани! Брату, Авел,
ти најдобро од сите знаеш колку голема
е среќата
својот живот дури да го живееш и како пепел
но на сопствен оган спепелена...
Ах Адаме, ах Ева...

Ева, мајко на Авел и моја, тоа јас,
Каин, прашувам:
зошто го роди Авел кога веќе ме имаше мене?

Дотогаш ти беше мајка само на живите –
со Авела се раздели надве:
стана мајка и на мртвите?

– Мајка на сите свои рожби сум:
мртви или живи –
тие и во мојот дух и во мојата крв
зачнати се.

– О, колку убаво ќе биде
душата моја кога ќе отпатува
заедно со мојата молитва
но – без покајание, зашто јас, Каин,
и никој друг
сум првиот и вистински човек:
прва рожба на љубовта човекова
обележана со светлина
и родена од човека а не создадена
од Господа!
И повеќе од тоа:
прв човек сум
но и прв кој – уби:
само со еден замав на раката,
со црвеникав бигор,
ја пресеков светлината на својот брат Авел...
Сега убаво знам дека со таа смрт
зачна и сеќавањето на историјата.

Мојот татко Адам е божјо дело:
грутка глина и дух низ кои
се провери моќта на Создателот.



Но, и ти, мајко, само божја промисла си
и ребро од мојот татко,
а јас, и никој друг освен мене –
сум првиот човек создаден од човека!
Семето мое а не семето на друг –
е првото човеково семе
силно да го пресоздава времето
во потомства и потомства човекова прав
преку која
Бог си ја враќа земјата што му ја должиме:
грутката глина од која тој го создал
твојот маж и мој татко – Адам...

Ете, честа моја не допушти
да му должиме нешто и на Бога,
па јас, и никој друг пред мене
со крвта на твојот син и мој брат, Авел,
вратив дел од твојот долг-
а друг, поголемиот,
јас сè уште го враќам
талкајќи прогонет и презрен од сите,
сам шептејќи си – сам слушајќи се
прашинка по прашинка како се делам од себеси
и како исчезнувам
во сè поголема неизвесност и очај...

– Но, зошто Каине, зошто мој најмил Сине,
не ја дораскрвави раната мајкина,
зошто долгот кон Господа – Бога,
не го плати со својата крв
туку со крвта на братот твој Авел?

Конечно: Авел немаше а ти, Каин,
имаше своја земја за – своја могила?
Кој тоа гнев пустоши низ тебе
па радоста ти ја пресоздава во пекол,
о, Каине, о, сине мој?

– О, мајко, о, Ева,
искушувај ме и опитувај ме,
погуби ме,
но –
не навредувај ме!

– И во сонот мој и во моето јаве
само гласот твој и само сенката твоја
ми се мерка:
ти си ми и ѕвезда и стебло и птица,
но ѕвездата на Авел не потреперува веќе, о, Каин,
птицата Авелова не откликнува веќе, о, Каин,
стеблото Авелово – бесплодно:
Авел мртов за Каин да биде жив!
Затоа мој немир си ти, о, Каин,
и сите бранувања на крвта моја и на гневот мој
си – Ти!

Посилен си ми од Адама, о, Каин, о, сине мој,
о, гордости, о, немиру мој,
светлино моја и мраку мој, посилен си од Адама
зашто ти го понесе и сиот презир и сиот гнев
но и сиот грев
за смртта на Авел, братот твој!



Смртта негова е дело само твое и на никој друг
и таа смрт сега фрла сенка на сиот живот,
и не само врз твојот и мојот живот,
и не само врз животот Адамов,
туку таа сенка се издолжува отаде животот
и сега засекогаш ти времето го подели
на време на животот и време – на смртта;
земското го подели на две големи неизвесности,
небеското на – погибии и тајни...

Авел е мојата тага, о, Каин,
мојата птица – девственица.
Што остана сега од моите деца,
од љубовта и животот што остана?

– Останав јас, о, мајко, останав да бидам прв
кој живее наспроти смртта на твојот син
и мојот брат.
Твојот син и мој брат има пократок живот
но тој е прв во смртта,
како што јас,
прва човекова рожба,
прв човеков – човек –
прв во животот сум!
Прв ѝ погледнав на земјата
и не плашејќи се од неа
прв сетив дека таа
подолго од крвта го памети зборот
и мојот ужасен знак на челото
друго и не е – освен прокоба
и гнев на зборот!
Искушувај ме, испитувај ме, но – не навредувај ме!

Божјото провидение,
со црниот знак на моето чело,
му ги испеа највдахновените химни на животот
а не на смртта!
Со тој знак, со таа клетва на челото
јас го ништев она кое не е дадено за живот,
враќајќи го, во исто време,
и долгот наш човечки кон Бога.
Моето, а не потомството на смртта,
о, мајко,
ќе дава плодови зашто тоа не е
однапред проколнато да се суши.
Останав јас, о, мајко,
да бидам прв кој ја осмисли смртта
за да живеам наспроти неа!
Затоа и самиот Бог запиша:
  зедов парченце јаглен од жртвата Авелова
  и парченце јаглен од жртвата Каинова.
  Јагленот од билките на Каин – не пишуваше;
  Јагленот од коските на Авел – запиша...

Но, зошто мајко Ево го роди Авела
кога веќе го имаше Каина?
Не пишуваше јагленот од мојата жртва – паленица
зашто она што требаше да се напише
јас не го пишував со јаглен
туку со мојот проколнат живот
и со крвта на Авел.

– Остана, сине Каине,
но сега целиот мој живот е само ужас



и страв: секој миг треперам
некој со кама да не те прободи;
да не би да стави крај на мојот род!
Што е мојот живот сега?
Каков е мојот мир кога те гледам
со тој кобен знак на челото?
Си помислувам: јас го родив твојот брат Авел,
но, навистина – зошто кога веќе беше роден Ти?
Она што го раѓав јас – го раѓав со порив за да живее
а не да живеам јас
во сенка на издолжените прсти на смртта.
Сега и јас, самата,
живеам со окрвавени раце
и сонцето мое предвреме веќе заоѓа
во гневот на живите.
Но, кои живи Каине, сине:
живи сме само ние: Ева, Адам, Каин...

– Но, зошто сега целиот твој живот е само ужас
и страв; и зошто секој миг трепериш
некој со кама да не ме прободи?
Адам е немоќен за тоа
а јас себеси се љубам – жив.
И третиот жив човек си ти, о, мајко?
Зар во твои раце е камата
која ќе биде забиена во мене?

– Помислував: ако биде чисто и светло твоето око
и душата моја ќе биде чиста
и поривот и сонот,
зашто ти си мој дел: откинат од мене

и проникнат во мене.
Авел, мојот син и твој брат,
е цената за жолтата глина
од која бил создаден Адам,
мојот маж и твој татко
и крал на сите порази... Затоа,
твојата болка, сине Каине,
е само сенка на мојата...
Она што го раѓав – го раѓав со порив за да живее
а не да живеам јас
во сенка на издолжените прсти на смртта.
Сега и јас самата живеам со окрвавени раце
и сонцето мое пред време заоѓа
во гневот на живите...

– Кој е тој збор, сине, Авел,
што не стигна да го кажеш,
и кој, доколку го изговореше –
ќе заокружеше сè?

– Смртникот тој збор не го знае, о, Ева,
о, мајко, само на еден мртов меѓу родените.
Тој збор се крие во песокот на пустината
во која лежам јас, Авел, синот Твој,
единствен патријарх на смртта
која и мртов ја проколнувам и мразам.

– А што доба е, сине Авел, меѓу мртвите сега?

– О, Ева, мајко само на еден мртов меѓу родените,
Мајко на сина ти Авел,



доба е голема сенка кога нè покрива сите
зашто денес над нас раззелени стеблото
кое на три илјади години само еднаш расцутува...
Сè тука прилега на сенката и на одзивот:
овој наш разговор одново ќе се чуе
по три илјади години
ова стебло одново кога ќе раззеленее...

– Стебло врз тебе? О, Авел, о, сине,
во која пустина, тоа, ги закопав твоите соништа?
Барем во пустината на својот живот
јас, Ева, твојата мајка, уште не здогледав стебло?

– Две стебла потреперуваат, мајко:
стеблото на смртта моја, и стеблото твое,
о, мајко, Стеблото на искушенијата.
Плодовите на обете стебла веќе ги вкуси ти,
преку смртта моја и преку судбината
Адамова и твоја. Така, мајко, во мене
пристан сега веќе за никого нема:
пустош – постојното,
поголема – непостојното! Сè прилега на
сенката и нејзиниот одзив:
моето име постапно се пресоздава
во едно бесконечно сеќавање:
облечен во жолта наметка,
час во песокта престојувам,
час во камењето под неа
и од нив учам дека време тука нема.
Она што прилега на време –
и без сенка е, и без минато и идно,

и никој пред смртта блажен не е:
*Nemo ante obitum beatus est...*

Тука убаво се гледа дека каменот се стреми кон –
камен, водата кон – вода и младоста кон –
младост. Сè друго прелага е! Само кога молчам
сите зборови ги впивам и кријам низ себеси и
низ нив самите: голема погибел вести
немуштата и нечесна реч! Сите зборови
ги впивам, ги шмукам со невидливите
влакненца на корењето, зашто тоа се
зборови на леунки и деца, на ветрови и птици,
на пророци и светци.
И гледам низ тие зборови дека збор
кој може да заокружи сè е – гревот!
Не знаев, смирен и добар, дека
сум го искушувал тој збор
и видов дека земјата не е на оној
кој пресудува
туку на оној на кој му се суди.
Твојата прокоба, о, мајко,
живот му пресуди на Каин, братот мој,
а мене ми ја завешта – смртта!
Сега гледам животот и гревот
дека се скриени во секоја клетка,
во секоја помисла, мајко...

На сила бев разделен од тебе
и од мојот татко, Адам,
и од Каина, братот мој,
и од земјата на која стоев, о, мајко,



и сега, вон тоа парче земја,
јас никаде веќе не застанав:
вие сега – Ти, Адам и Каин
ме веете низ пустинта како окрвавено знаме;
го расфрлате моето име
како црно семе на смртта...

– Ах, сине Авел, храм и молитво моја,
крепости моја,
ти влезе во мерката на совршенството:
девствено е што ја облече белата кошула
на жртвата
но ужасно е што останав без тебе!
Сама покрај огниште сега веќе знам
дека никогаш твои деца
харфи нема да прават од нашиот кипарис
во дворот
туку на потомства и потомства
една крв ќе довикува – друга
и ќе ѝ се одмаздува.

Ах, сине Авел,
литургија и сенка моја,
праведен како соништата на детето,
ги колнам пророците кои ни ја украдоа
убавината на животот –
цела земја сосе пустини и билки и птици
кога воскликнуваше од радости.
Сега Каин,
кога би наумил да загради свој дом,
да изѕида камење,

да нафрла земја,
тој,
всушност,
пак со твои траги ќе се загради:
со правта од душата и плотта на Авел.

Ти отиде а јас
седам сама
и заедно со една црна птица во дворот
го делам залезот како леб...

Тешко е покрај огниште без тебе, о, Авел,
Адам и јас,
наместо да им раскажуваме приказни
на твои деца и наши внуци,
саноќ, како погрешени, гледаме во пламенот
и во него ја препознаваме твојата душа
и ги броиме искрите нејзини во огнот
кои залудно се мачат
да се пресоздадат во зборови
за да се изразат, за да ни кажат:
Добра вечер, мајко Ево,
Добра вечер, татко Адам,
Добра вечер, брату Каине...

Со скршено срце излегувам надвор
седнувам пред куќа
кај што те успивав песјќи ти,
и сега само по некој црн грак
ќе падне покрај мене во залезот
и тоа е сè:
одлетале гавраните накај могилата на Авел...



И јас тогаш низ ноќта довикувам:
Авел, Авел,
што направи со зборовите што ти ги дадов?
Кај ти се ѕвездите
со кои ти ги полнев дланките?

– Еве ги, о мајко,
во ова грне покрај мене,
полно со молитви и страдања...

Се обиде Тој
да се врати во самите искони
кои Создателот штотуку ги осмислил и создал.
Тргна и стигна
сè до времето од кое подоцна продолжуваа
сите времиња и допре
сè до просторот од кој подоцна се намножија
сите други простори.

И не виде Тој таму
ништо видливо и ништо невидливо
и заклучи дека таму е можно сè:
вон времето беше во - време
и вон просторот беше во - простор.
Мост меѓу можното и неможното
нему му беше Словото, Λογος-от на Создателот
а потоа и Λογος негов.

Ги допираше Тој и времето и просторот
и постапно осознаваше



дека тоа е време кое нема ништо друго
освен себеси и дека тоа е простор
кој нема ништо друго освен себеси:
сред нив беа само Создателот
а покрај него уште Адам и Ева,
и уште Каин и Авел и првата - смрт!
И само првата птица од создавањето
надлетуваше над нив
и над пустини и околу нив и во нив.

Почестен се почувствува Тој:
стоеше еднододруго со Создателот,
со Λογος-от; со она кое му се пристори
дека е и конечна цел
на сè што постои и не постои.
Почестен се почувствува Тој зашто
избран беше да стои еднододруго
со првиот човек,
дело на Создателот
и негова непогрешна креација
од мил.
Почестен се почувствува да биде покрај
првата човечица. Помисли Тој:
Покрај првите патријарси
на сите човекови потомства
низ времињата минати и идни...

Λογος-от ја имаше таа сила
да го поведе него и отаде времето и отаде просторот
и да го пресоздава
час во облик на просторот,
час во тек на времето...

Се дружеше тој со Каин и со Авел
како со свои прекрасни пријатели:
Каин, поврзосен од него во - животот,
Авел, поврзосен од него во - смртта.

Шеташе Тој таму и сам и заедно со нив
низ светови кои копнееја
да им се вратат на безличноста
и на хаосот. Тако осозна
дека гревот не е пуштен од небото
туку дека Тој само се бележи таму.
Допираше Тој до битието на тоа време
и на тој простор и постапно осознаваше
дека точно во нив се заробени првите
и најголемите искушенија човекови.
Тоа го враќаше, сѐ поназад и сѐ подлабоко
во исконите, сѐ до пределот на Црните Бигори.
Врз нив беше запишано: Брате Каине,
сега времето јас го поделив:
до нас - невино,
од нас натаму - крвово...

Му се пристори дека окрвавува
И потписот под ова што го кажува.

# ПЕСНА II

## *Земјата не љуби зборови*

999–1001 *Како Исуса:*
*Процени дека е време да си постави прашање:*
*подготвен ли си на коцка да ставиш сѐ?*

1019–1022 *Се сеќава уште како дете*
*дека бил маѓепсан од обликот на зборовите,*
*дека ги препоторувал во себеси, ги шептел,*
*ги запишувал а потоа*
*ги палел заедно: и хартијата и зборовите.*
*Што правиш – кога ќе се запрашаше*
*во тие мигови себеси –*
*еве, горам, одговараше, исчезнувам...*

1051–1053 *Исус имал коски кои не поднесувале светлина;*
*Исус имал и небо*
*кое им го отстапил за пајковина на сите.*

1080–1082 *Убаво распознаваше во мракот*
*млада секавица како влегува во ноќта*
*и како ја оплодува неа.*



1088–1091 *Со јатки од својата јагленосана душа*
*продолжува да запишува:*
*земјата не љуби зборови,*
*обеззборени песни се пеат во неа.*

Како Исуса:
Процени дека е време да си постави прашање:
подготвен ли си на коцка да ставиш сè?

Многу знаци упатуваа на тоа дека е подготвен
но тој се двоумеше, се криеше низ себеси,
се снебиваше да го стори тоа:
на коцка да се стави сè? Зошто?
Да се отпатува, да се исчезне,
како никогаш и ништо да не било?!
Како никогаш ништо и да не постоело!

А убаво се сеќава
како ги насетувал подземните текови
на тенките жилички вода
и како раскопувал сè дури не допрел до нив:
како носел дрва од планина,
палел огнови по ливадите...
Се сеќава уште како дете



дека бил маѓепсан од обликот на зборовите,
дека ги преповторувал во себеси, ги шептел,
ги запишувал а потоа
ги палел заедно: и хартијата и зборовите.
Што правиш – кога ќе се запрашаше
во тие мигови себеси –
еве, горам, одговараше, исчезнувам...

Многу знаци упатуваа на тоа дека е подготвен:
Постапно се ослободуваше, се чистеше себеси однатре,
треба да одам, велеше, треба да се отпатува, велеше,
а како ќе одам ваков, сè уште преполн со зборови
а земјата не ги љуби нив?
Па, нели, во неа се молчи, нели
обеззборени песни се пеат во земјата?

Многу знаци упатуваа на тоа дека е подготвен
но тој се двоумеше, се криеше низ себеси,
се снебиваше да го стори тоа.
Знаеше, неговите предци, како црвен виор
дека прескокале многу туѓи царства,
дека ги бришеле меѓите меѓу вековите;
континентите и Нил, Еуфрат и Ганг –
ги прескокале како воденички јазови;
знаеше, неговите предци
зад себе како кученца дека воделе
и запалени клади
и самите дека врз нив ги ставале своите животи,
како света жртва
што ја принесувале самите себеси.

Знаеше тој и многу други нешта
и, конечно, процени дека сепак е време,
како Исуса,
самиот себеси да си постави прашање:
подготвен ли си на коцка да ставиш сè?

Но, што свое да се стави на коцка,
што свое?
Исус имал коски кои не поднесувале светлина;
Исус имал и небо
кое им го отстапил за татковина на сите.
А ти?
Твоите птици колваат по камењарите
трошки од изгаснати ѕвезди;
твоите харфи озвучуваат
скаменети молитвеници и псалми,
што свое, што – Ти?

Тишината со која
ги означенуваш лишаите врз карпите?
Врчките модрина што ги растураш врз нив?
Зборовите што ги запишуваш со јатки
од твојата јагленосана душа?
Певот на рајските птици, кои,
освен Долината на јадрите ѕвезди
не допираат други земји
за да не се извалкаат од нив?
Што свое?
Што – Ти?



Се засолни во пештера
отаде сите мориња
и тука го листаше
големиот молитвеник со псалмите
кои проповедаа светови
отаде видливото.
Убаво распознаваше во мракот
млада секавица како влегува во ноќта
и како ја оплодува неа.
Гледаше уште
црвени гнезда
направени од ситни одломки далечни сонца.
Светкаа тие во мракот
и го изедначуваа него
со ноќниот пев на птиците:
шета тој меѓу бденија и привиденија,
си потпевнува
и со јатки од својата јагленосана душа
продолжува да запишува:

земјата не љуби зборови,
обеззборени песни се пеат во неа.

Но, ти?
Подготвен ли си на коцка да ставиш сè?

# ПЕСНА III

*Зборот.*
*Патријархот.*

1104–1107 *Од одломки сонцишта*
*ги боготвореше зборовите*
*а тие го кажуваа и она*
*кое и светлината се двоумеше да го каже.*

1122–1124 *Псалмичен хаос сред кој*
*живиот го бараа меѓу мртвите,*
*словото – меѓу коските!*

1125–1128 *Зборот беше единствен патријарх*
*кој го предводеше својот народ*
*и кој му ги појаснуваше знаците*
*низ кои проникнува во иднината.*

1169–1173 *Почна и самиот да ја проповеда*
*мислата на најстариот збор*
*според кој освен зборовите*
*само сонциштата и ѕвездите*
*имаат божја чест.*



1225–1228 *Зборовите гласно извикаа:*
*Те молиме, повторно кога ќе се родиш,*
*направи ни чест –*
*одново меѓу нас роди се...*

Им веруваше на зборовите:
низ нив го докрајчуваше секое свое чекање,
зад нив се затвораа сите негови врати:
и девет сонца кога би грееле,
и девет неба ѕвезди кога би потреперувале
над него, без зборовите –
тој би бил само пепел од изгаснатиот оган
кој ги осветлува неговите соништа,
празен жртвеник,
заборавен и од верници и од неверници.

Од одломки соништа
ги боготвореше зборовите
а тие го кажуваа и она
кое и светлината се двоумеше да го каже:
Земјата и небото кога не ќе бидат –
зборовите ќе останат
и времето кое и не е нешто друго
освен – збор. Сè друго



кое од зборови не беше сочинето
веќе заборавено беше:
заборавена, фрлена одломка од скршена стомна,
скаменета утка во пустина,
лилјак потиснат меѓу урнатини...

Насетуваше низ соништата:
по времето одново дека надоаѓа време
и збор по – зборот.
Сè друго освен времето и зборовите
беше само минливост и студ,
псалмичен хаос сред кој
живиот го бараа меѓу мртвите,
словото – меѓу коските!
Зборот беше единствен патријарх
кој го предводеше својот народ
и кој му ги појаснуваше знаците
низ кои проникнува во иднината.

Наспроти потомства и потомства
кои учеа од книгите –
тој учеше од своите соништа:
зборовите ги сметаше
за најправедна и најтрајна твар
од која беа создадени
духот и коските на времето
и кои беа и наша земја на земјата
и наш предок на предците.

Настојуваше никогаш и со ништо
да не ги изневери зборовите:

со нив легнуваше и со нив се будеше,
на секој збор му ги знаеше
и домашните и блиските,
сета рода и порода,
и цел живот копнееше
да нема големи и мали букви
со кои се означуваат зборовите:
копнееше да биде како во древните времиња –
сите зборови во светите книги
кога беа пишувани со еднакви букви:
еднаквоста на буквите, веруваше тој,
ќе довикува еднаквост
меѓу времињата и –
невидливото.

Се прашуваше:
подготвен ли си сам да ја изодиш пустината
која сама од себеси се возобновува и ништи?
Подготвен ли си да го насетиш просторот
кој постои само во вообразбите на Бога
и да ѝ се предадеш на една бесконечна скитија
низ оброчишта, сеништа, ништа,
на сѐ што од мислата допрено било
и веќе го нема?

Долги ноќи седеше сам
покрај огниште со зборовите,
слушаше кои песни ги пеат тие,
гледаше со света вода како ги попрскуваат
нивните сновидения,
учеше со што и како се хранат



и почна и самиот да ја проповеда
мислата на најстариот збор
според кој освен зборовите
само сонцата и ѕвездите
имаат божја чест
и дека тие не страдаат од духовни болести!
Ѕвездите, пак, проповедаа
дека оној кој не верува во зборовите
– ќе биде само пепел:
камен кој постојано ќе довикува
кон своето минато.
За него нема да речат:
беше птица во окото на сонцето,
беше полноќно сонце и
збор во – зборот.

Имаше мигови кога самиот себеси се прашуваше
подготвен ли си да го изодиш патот,
да ги превозмогнеш сите искушенија
низ кои водат зборовите а да не им наштетиш?
Да бидеш нивни патријарх и нивни заточеник
и тие тебе тоа да ти бидат?
Да бидеш отсјај на нивниот оган
во кој ќе согоруваш?
Тие да ти бидат и ѕвезда и ѕвездило,
и рода и – порода? Со нив да легнуваш
и со нив да се будиш,
да ги храниш и да ги поиш,
како свои дечиња да ги водиш за раце
на причесна?
Како заробеник да шеташ

низ сите нивни бденија и привиденија,
едни, зборовите само, да ти бидат твои неизвесности
за да го вдишуваш на сон светиот мирис
на нивниот глас:
низ нас на секое совршенство
и на секој бескрај
ќе му ги откриваш границите...



Од тоа неразделно дружење со зборовите
тој се увери дека освен нив
само ѕвездите и сонштата
имаат божја чест!
Тоа го охрабруваше
па и самиот почна да здобива
облик на зборови:
зборовите кои не беа отелотворени
лежеа покрај него како пуста земја
на која изгорело сè.

Кога остана без зборови,
беспомошен и во возвишена осама,
се загледа во себеси
и панично извика:
- Па, во ова тело некогаш имаше човек?!
Кога почна сосем да прилега на зборовите,
кога почувствува дека конечно заминува,

зборовите гласно извикао:
Те молиме, повторно кога ќе се родиш,
направи ни чест -
одново меѓу нас роди се...

# ПЕСНА IV

## *Вѿроени камени враѿи*

1245–1247 *Низ пустините се множеа и растеа,*
*низ пустините, постојано, и самите*
*во пустина се пресоздаваа.*

1305–1307 *Во миговите меѓу два сона*
*се среќаваа со толпите*
*кои без трага се разминуваа*
*и одминуваа меѓу себе*
*преповторувајќи ја и множејќи ја*
*правта на која се расчинуваа*
*пеејќи: време е*
*сама земјата кога се гази себеси...*

1342–1344 *Големите ноќни студови низ пустината*
*беа единствениот самогласник*
*во писмото на Сонувачите...*

1360–1364 *Зборовите,*
*и не само зборовите –*



*туку и помислите на Сонувачите*
*во допир со светлината*
*и самите во светлина се пресоздаваа...*

И тогаш кога беа живи
и тогаш кога и без животот ќе останеа,
Сонувачите,
со втроени камени врати
се затвораа во себеси
и како пустиножители крстосуваа
од една своја пустина во друга
и никогаш, веќе, и не помислуваа
одново да се вратат откај што дошле.
Сами им беа стражари на своите помисли
и секогаш кога ќе се покажеше
моровата сенка на помислата –
тие ги оптегнуваа лаковите кон неа
за да ја вратат таму
откај што наумила да побегне.

Сопствената пустина на Сонувачите им беше
и Ма и нивна Голема Мајка;
и 'рвеник и оган:



низ пустините се множеа и растеа,
низ пустините, постапно, и самите
во пустина се пресоздаваа. Затоа тука
земјата не им беше ниту потуѓа
ниту поблиска
од другите земји.
Сонувачите веруваа
дека без пустината во нив
друго – и не постои.
Таа беше нивна
и прва и последна вистина,
и онака како што Кибела
со векови ги корнела стеблата
за да го открие Атиса,
својот возљубен и син, –
така и Сонувачите скитаа
низ пустините во себеси,
низ Ридовите на исушените коски,
низ Долината на младоста,
ги празнеа стерните,
ги превртуваа камењарите
и му пееја на невидливото,
се измачуваа да го допрат –
неискажливото.

Секој Сонувач
имаше своја сопствена патека
низ пустината. Сонувачите и низ пустината
и низ животот како деца приповторуваа:
подмолните одат во глутници –
лавовите чекорат сами...

преповторувајќи ја и множејќи ја
правта на која се расчинуваа
пеејќи: време е
сама земјата кога се гази себеси...

Опитните Сонувачи гласно говореа
само во време на залезот:
Бог Господ ги слушаше зборовите
на Сонувачите и гледаше нивните знаци
како се искачуваат по ридовите,
по стеблата и по камењарите.
Зборовите кои паметеа големи далечини
во себеси – се искачуваа
на крилјата на птиците и од високо гледаа
сонцето на залез како ги издолжува
нивните сенки а сенките – немоќни
да ја одгатнат светлината
која ги создава нив...

Така Сонувачите постапно осознаваа
дека Бог Господ е и отаде светлината
и отаде мракот
и дека Тој би ги дал
и сите ѕвезди на небото негово
за само еден збор од усните нивни;
но, чуму зборот наш во студовите небески,
велеа, чуму кога во сè позгуснети пласје
неискажливото
нова пустина
во сонот на Сонувачите
пласти:



*спомен сум само на една сенка*
*и ништо веќе не ми преостана*
*и од себеси –*
*само сенка меѓу сенките сум*
*која ќе се покаже и покажува*
*во твојот сончев живот.**

Така Сонувачите се пресоздаваа
во сенка на нивната сенка и пееја и во сонот:
блажени се оние кои го допреле невидливото...
Големите ноќни студови низ пустината
беа единствениот самогласник
во писмото на Сонувачите
и тие тогаш се сеќаваа
некогаш и некаде дека веќе виделе искри
два камена кога се тријат:

*на крајот на краиштата, можеби,*
*не е ни мрачно во каменот,*
*можеби и месечина свети,*
*од некаде, како одзади ридот,*
*одвај и толку светлина*
*колку да се распознаат*
*непознатите букви, ѕвездените мапи*
*на внатрешните ѕидови.**

На крајот на краиштата, можеби,
не е ни мрачно во каменот
а камоли во душата – веруваа Сонувачите
и одново се засолнуваа во сонот.

* Чарлс Симиќ: „Камен“.

Зборовите,
и не само зборовите –
туку и помислите на Сонувачите
во допир со светлината
и самите во светлина се пресоздаваа:
како да му заблагодариме на Бога за ова,
како да му ја соопштиме нему
нашата молитва за да нè разбере? –
се прашуваа, сеедно што добро знаеја
дека Бог разбираше сè:
Тој сите јазици на Сонувачите
ги разбираше...



Се загледа во највисокиот даб
и со денови не може од него да се раздели.
Влегува во неговата тишина и гледа:
од ништо се покажува
и одново во ништо
исчезнува ова стебло;
најпрво се пресоздава во сенка
и од сенка - во заборав.

Во еден августовски залез,
сè кога е исполнето со црвени пастуви
и птици, тој влегува во залезот,
подраскопува пред себеси,
се присетува на Друидите и се обидува
да се засади себеси во коренот на дабот.

Ноќта проникна низ корењето
и долго чекаше да ја види првата фиданка
која разбеленуваше на неговата дланка.

Кога се покажа фиданката,
кога затрепери од студот во зорите,
една птица,
со бели крилца - со златно опавче,
колве црвени трошки од изгревот
расфрлан низ лисјето
и го чита она дивно писмо на честа
од ништо кога се покажува
и во ништо одново кога исчезнува
оној црн доб
кој осамен танцува на камењарот
пеејќи: по дворови снопја и стожери
над дворови -
крваво ми сонце огреало
и од него
ѕвезди попаѓале.
Ќе речат: овие дабови, овие сонувачи,
имаа век колку блесок на рофја
но сенките на нивната чест се издолжуваат
- отаде заборавот!

# ПЕСНА V

## *Сами себеси и земја и крст*

1415–1417 Не се памети некој Деник
да им прераскажал свој сон на живите. Дениците
своите соништа ги таеја како сопствено просветление!

1485–1499 Виденото во сонот
тие го запишуваа во сетилото
на своите прсти
и за сите времиња
го населуваа во сеќавањето...

1506–1516 Во големите зимски стихии,
волци со месечина во забите,
низ ужасен рик почнуваа да вијат
и да ги ладануваат соништата
кои овде-онде биле запишувани.
Осетот, велеа, осетот на прстите
е и наше око и наш слух
и во него се скриени сите знаци
и сите тајни, дури и на она кое никогаш



не било допрено од животот,
сите знајни и тајни писма под сонцето...

1532–1533 Без сон ние и земја на земјата не сте,
им велеа...

1563–1570 И никој меѓу нив не сакаше да умре
без сонот во себеси.
Одејќи минуваа од царство во царство,
од ветар во ветар и од зло – во зло:
живееја и исчезнуваа сонувајќи.
Оние, пак, кои доаѓаа без сон во себеси,
празни и пусти шетаа и низ смртта
зашто немаа сон да ги воскресне...

1576–1583 Откако ќе стигнеа до морето
стануваа бестелесни и реејќи над водите
влегуваа во заоблените предели
на мијачките вокали,
застиваа меѓу **а** и **о**,
се будеа меѓу **е** и **и**
или меѓу **о** и **у**,
и тој предел го сметаа за Битие.

1923–1939 Откако ќе огрееше месечина во дворот
и откако ќе запееше гусларот
се случуваше
кожата од кученце оптегната
со дрвени чивии врз отворот на гуслето
да почне да се напнува, да се надува
сама од себеси –

*тоа месечината беше ја вознемирила*
*сенката на некогашното кученце*
*и тоа почнуваше да оживува,*
*да потскокнува,*
*да цавка, да лае.*
*И гуслето од јавор,*
*најтажното меѓу сите стебла,*
*тогаш растукуваше:*
*не можеше тоа да ги издржи*
*страдањата во песната на гусларот...*

***Деници и Ѕвездари,***
***Без сон вие –***
***и земја на земјата не сте...***

Не се роди човек во Долината кој да не сонува
и не одмина доба во животот во која да не се сонува.

Оние кои сонуваа со отворени очи не беа мнозина
и нив ги викаа Деници. Ним соништата им беа
свети сенки на душата: легнуваа со сонот,
шетаа со сонот, се криеја низ сонот,
сонуваа со сонот, но уште не се памети некој Деник
да им прераскажал свој сон на живите. Дениците
своите соништа ги таеја како сопствено просветление!

Веруваа дека единствено беспорочно и чисто
на кое може да му се верува се птицата, каменот и сонот!
Птицата и каменот, како и сите испосници.

не ги менуваат своите навики,
не одречуваат изречен збор,
не се плашат од тоа дали ќе им се исушат
чувствата и семето
и не страдаат за време:
и времето лежеше покрај нив на небеска постела.

Затоа, соништата на Деникот
можеше да ги прочита и протолкува
само земјата: Деник кој носеше зли соништа во себеси
не можеше да направи чекор ниту напред – ниту назад
туку заедно со своите соништа останувашe
жив вкопан в место! Него земјата го заробуваше
заедно со неговите соништа
и таму кај што ќе останеше
стракчињата околу него сами се исправаа
и се накострешуваа како сабји.
Земјата знаеше подобро од луѓето
дека сонот не е прстен што може
да му се подари некому, туку
таков каков што е – бестелесен и непојаснив –
тој си поигрува со потомствата –
како ветрот со гранките...
Деник кој носеше зли соништа во себеси
беше повеќе земја отколку сè друго.

Оние, пак, кои сонуваа ноќем, ги викаа Ѕвездари.
Се будеа уште пред мугри, длабоко во себеси
ги засолнуваа последните слики од сонот
и се упатуваа кон големата река, Спасителка
што ја именуваа. Кој како ќе стигнеше



– така и ќе ѝ запееше на реката:
Ој, реко која истечуваш – ние сме твојот тек,
Ој, сонце кое изгреваш – ние сме твојот сјај.

Веднаш потоа ѝ ги прераскажуваа сонишјата на реката
и како ги раскажуваа – така гледаа
нивите зборови како потскокнуваат и се превртуваат
низ далгите, како светкаат низ водата,
а други, пак, неповратно како тонат
и исчезнуваат во неа засекогаш. Гледаа и се чудеа:
водата која нема ниту 'рбет ниту коски
како ги позема тешките зборови од сонишјата
и како ги скрива под своето дно –
и одново продолжуваа да пеат:

> *Ој, реко која истекуваш – ние сме твојот тек,*
> *Ој, сонце кое изгреваш – ние сме твојот сјај...*

Тие дури пееја реката и натаму ги миеше сонишјата,
ги прочистуваше од сите прекумерности и зла.
Ѕвездите помислуваа дури дека би било добро
да ги соберат прочистените зборови од реката
и трагите зло останати во нив и врз нив
да ги прочистат фрлајќи ги во голем оган
што би го запалиле покрај реката Спасителка.
Ѕвездарите беа упатени и во тоа дека сонишјата
оставени самите себеси можат да се преобразат
во зли знаци та затоа секој меѓу нив настојуваше
сонот да си го протолкува пред тој да се збидне.
Тие добро знаеја дека секој глас и секој повев на ветрот,
и сè друго и најмало кое се крие низ сонот.

дека е позначајно од кој и да е патријарх
и точно тие мали нешта во соништата ги чуваа
како зениците во своите очи, пеејќи:

*Не бројте ги ѕвездите туку чувајте ги соништата,*
*ој, реко која истекуваш – не сме твојот тек,*
*ој, сонце кое изгреваш – не сме твојот сјај...*

Луѓето од Долината,
и кога почнуваа со големи строителства
и кога седнуваа на трпеза,
и кога легнуваа в постела,
нивна и прва и последна молитва беше:
Подобро нас да нè снема –
отколку сонот да ни го снема...
Секој во осама
си го препоторуваше сонот
и се крстеше пред сонот –
како пред најголема икона.
Виденото во сонот
тие го запишуваа во сетилото
на своите прсти а преку нив
за сите времиња
го наслуваа во сеќавањето
кое поучуваше дека
доколку не може одново
како некогаш да се љуби –
тогаш барем
возљубеното да се памети...

Опитот нивни и на нивните предци
ги поучи на тоа: во големите зимски стихии,



волци со месечина во забите,
низ ужасен рик почнуваа да вијат
и да ги задавуваат соништата
кои овде-онде биле запишувани.
Осетот, велеа, осетот на прстите
е и наше око и наш слух
и во него се скриени сите знаци
и сите тајни, дури и на она кое никогаш
не било допрено од животот,
сите знајни и тајни писма под сонцето...

Оние кои не го почитуваа овој опит
туку гласно ги прераскажуваа своите соништа,
кога тргнуваа кон своите –
своите не ги примаа:
– без вашите соништа вие сте празни
како ветровите, – им велеа,
подобро е да падне небото
отколку да го изгубите сонот, – им велеа
и им ги затвораа вратите
на оние кои пред тоа беа нивни
но за нивни веќе не ги сметаа
без соништата: каде сте тргнале
гласно прераскажувајќи ги вашите соништа
кога веќе убаво знаете дека и земјата
е создадена од молчење?
Без сон вие и земја на земјата не сте,
им велеа...

*Оние кои доаѓаа без сон во себеси*
*ӣразни и ӣусѿи шеѿаа и низ смрѿѿа*
*зашѿо без сон немаше шѿо да ѓи воскресне...*

Луѓето во своите татковини
се делеа на оние кои се
и на оние
кои никогаш и никаде не постоеле.
Не барајте ги нив тука, упатуваа првите,
зашто тие никаде не се –
недопрени ни од добро ни од зло,
ни од ветришта ни од светлина,
прашинка се само во раскошот на тајните.

Оние, пак, кои постоеја – сонуваа
и ниеден од нив и не помислуваше
да исчезне некаде или во нешто
без соништата во себеси.



Потомства и потомства надоаѓаа од некаде
и одеа и само одеа:
старо и младо, уко и неуко,
доаѓаа од некаде и продолжуваа некаде,
во убаво време и невреме,
дењем и ноќем, празник и делник,
доаѓаа одблизу и оддалеку,
и одеа – и некаде и никаде,
и само одеа и одеа,
и врз себеси и низ себеси носејќи
окрвавени лузни
од стихии и скитии.

Само одеа и одеа.
Соништата ги завиткуваа во тенки платна
светлина од уште неизгреана
месечина,
и никој меѓу нив не сакаше да умре
без сонот во себеси.
Одејќи минуваа од царство во царство,
од ветар во ветар и од зло – во зло;
живееја и исчезнуваа сонувајќи.
Оние, пак, кои доаѓаа без сон во себеси,
празни и пусти шетаа и низ смртта
зашто немаа сон кој да ги воскресне
и одново да ги врати во животот
за одново да не бидат –
нив ги толкуваа како кукавичино цвеќе,
истината пепел,
допиено вино...

Откако ќе стигнеа до морето
стануваа бестелесни и реејќи над водите
влегуваа во заоблените предели
на мијачките вокали,
заспиваа меѓу ***а*** и ***о***,
се будеа меѓу ***е*** и ***и***
или меѓу ***о*** и ***у***,
и тој предел го сметаа за Битие.
Тој нивни разговор со тишината
значеше дека веќе е прикрај патот
и дека тоа ќе биде последниот збор
и на морињата и на пустините.

Таму, во пределот меѓу ***а*** и ***о***
и меѓу ***о*** и ***е***,
во пределот на Битие,
го разбираа нејасно запишаното
волшебно писмо на младите ѕвезди
и доаѓаа до заклучок
дека во тој предел
мислата со светлосни години
трча пред времето
и дека таму секој си има
и своја светлина и свој пат.

За едни,
нештата меѓу ***а*** и ***о***
беа облици на нешто пусто и чемерно,
за други – нешто целисходно,
како и секој збор.
За трети, нештата меѓу ***а*** и ***о***



беа тајни пештери низ кои прелетува
светата птица
која го објавила крајот на потопот.
За овие, третите,
нештата меѓу ***а*** и ***о***
личеа на верници кои молејќи се
ги урочуваа своите страдања:
се наведнуваа пониско и од земјата
и на прсти ги распознаваа сите свиоци
и сите тајни знаци на подземните патеки.
Тие знаци нив ги водеа
кон вистинскиот сон во чиј предел
луѓето умираа но не исчезнуваа:
нивната идеја беше нивна вистинска сенка.

И само одеа тие, одеа
низ виулици и истемници, низ погроми
и потопи, сè дури не стигнеа в пустина:
само оној кој ќе стапнеше во неа
можеше да се почувствува себеси најаве.
Во пустината целосно му се предаваа
на својот сон и глаголеа:
Поземи го зборот моето око
што му го соопштува на твоето,
поземи го сонот,
и легнуваа потоа во пустината
како на љубовна постела.
Тогаш нивниот сон се пресоздаваше во цвет
кој потреперува врз нив
а откако ќе умреа
цветот одново се пресоздаваше во сон
за да ги воскресне.

Никој не е сам:
Еден сон, со сето свое зеленило
се вовлекува во себеси,
се рассадува, се слуша во ноќта
како раззеленува пустината,
се слуша како надоаѓаат твоите молитви:
ти нас со постелата своја нè ослободуваш...

Секој сон еден ден ќе се покажеше
на виделина – ту како некое растение
ту како глас од камењето
на некоја урнатина.

Пустината на оние кои беа
им се покажуваше час како глас,
час како луња, како втроена или бесконечна
ноќ: како пештера и како монашка ќелија
како чесно дрво и како знаме
пред кое никогаш не се заколнале.
Пустината им се покажуваше и од трпезата
пред која се крстеа, од претенот и од зборот
се покажуваше, од книгата што ја читаа,
во мракот летен се одзиваше таа,
во водата и во зборовите, во трлата
и во псалмите што ги пееја
светците по иконите.
Пустината им се покажуваше на сите
кои го слушаа Ајсхил
и гледаа
Егејското Море како им цвета на мртвите...



И сите, и оние кои првпат беа живи,
и оние кои како мртви одново беа оживеани
– сите сакаа да умрат
за да го слушаат Ајсхила и за да гледаат
Егејското Море како им цвета на мртвите...

И пустините се делеа на мали и големи,
на конечни и бесконечни. Имаше пустини
кои прилегаа на гусле, како и Назаретското Езеро,
други, пак, по боја и облик, прилегаа
на богомилски молитви под ведро небо.

И ниеден жив не се плашеше од пустините
што можеше да ги здогледа
во секого, исконски беше само стравот,
од пустината во себеси!
Тоа беше земја во земја,
вечна во вечна
и очај во очајот.
Бабји сонца изгреваа над пустината у човека
и сами се влечеа јажињата на ѕвоната
кои одѕвонуваа скаменет благослов и дамнина
врз луѓето полегнати на земјата во себеси.

Пустината у човека беше земја во земја,
конечно на конечното.
И секој се обидуваше да ја раскопа земјата
во себеси, зашто таа беше земја само негова
и зашто и тој, самиот, беше само нејзин.

И копаа во себеси и низ себеси,
дробеа грутка по грутка,

правеа заорок по заорок,
сите стрништа ги запалија,
ги оставија да презимат
а пролети се нафрлија и на нив,
ги копаа и раскопуваа,
ги дробеа и ги ривеа,
дури и човекот и пустината во него
не заприлегаа еден на друг:
костур во костурот,
клетва – во клетвите:
небески стебла сега фрлаат сенка
и над човекот и над пустината во него,
јата ѕвезди им минуваат меѓу прстите
и жиличките, голема месечина плови
над луѓето кои се одрекуваа и од себеси
и од пустината во себеси
и од небеските стебла со златни птици –
но од своите сништа – не се откажуваа:
можеа да умрат со нив –
не можеа да воскреснат без нив.

Двата костура, на човекот и на пустината
во него, си помислуваа:
нека биде и она што никогаш не било,
нека се разбуди еден човек од гробот,
со сонот во него,
со пустината во него,
срамно е да се крие меѓу оние
кои никогаш не биле.

Оние кои постоеја – сонуваа
а ниеден од нив и не помислуваше



да умре без соништа во себеси.
Сонот на сите им беше и писмо и молитва,
и иднина и – дамнина.
Оние кои легнуваа од најтешки болести
страдаа, всушност, од недостиг на соништа:
тие почнуваа да пеат
но во нивниот глас имаше
нешто толку трогателно
што и самите ѕвезди според плачот насетуваа
чија ѕвезда кога ќе згасне.

Имаше соништа кои беа оштетени однатре
но лузни не им се познаваа. Тоа беа древни,
отпорни соништа, кои имаа свој далечен предок
во заборавот. Тие не носеа ни добро – ни зло:
сеедно беше дали ќе сонуваш таков сон
или нема да сонуваш ништо. Имаше соништа
кои надоаѓаа само во ноќи без месечина
и тогаш луѓето не се будеа ни дењем –
ни ноќем од страв: тоа беа соништа
низ кои се слушаа офкањата
на оние чии коски беа раскостени
и чии деветти постели испокинати.

Имаше и соништа кои одненадеж надоаѓаа
од некаде и штотуку ќе го допреа некого
– како попарени ја напуштаа не само
неговата постела туку и неговата татковина:
поневини сме и од децата,
велеа тие соништа,
и ние не легнуваме во иста постела
со оние кои не сакаат никого освен себеси...

Имаше и соништа чиј јазик
не можеше никој да го разбере:
ќе се населеа у човека, ќе кажеа нешто
но јазикот на кој тие говореа –
живите сè уште не беа го научиле:
– Ние заскитавме во зоната на *Web-hight*,
во зоната на заборавената оска
чиј јазик светлосни години го делат
од нашиот – раскажуваа соништата. Сепак,
не беше ретко да заскитаат и такви
соништа во нашите предели
а потоа со векови и векови – да ги нема.
Не беше ретко да заскитаат...

Имаше соништа кои се водеа рака за рака
со ветровите: белузлави и сиви ветрови,
остри како нож,
со недели заседнуваа покрај реките и тука
им ги предаваа соништата на оние кои
секоја квечерина тука навраќаа сами
и уште поосамени се враќаа во себеси.
Тие соништа постапно ги преземаа својствата
на ветровите: стануваа лесни, белузлави и брзи,
брзо ги освојуваа осамениците и уште побрзо –
ги напуштаа.

Имаше соништа во кои тешко се влегуваше
но тие беа и единствените
од кои можеше сонувачот да излезе,
да прошета и одново да се врати во нив.
Некои од сонувачите веруваа



дека од исти или слични причини
можат да се вратат
и некогашните времиња
– сонувачите кога биле деца
или пак да се вратат оние
за кои се веруваше дека бесповратно отпатувале
отаде знајното.

Соништата во кои тешко се влегуваше
но кои беа и единствените од кои
сонувачот можеше да излезе и одново
во нив да се врати,
во некој од нив можеше да го здогледа Кавафи
и во предградието на Антиохија
да види како светка храмот и
во миг потоа како вивнува колосален пожар,
еден збеснат оган:
храмот изгоре, и Аполон со него.
Идолот во пепелта: исфлен заедно со сметот...
Како што од соништата можеше да се излезе
и одново во нив да се врати –
така можеа да се вратат и некои некогашни
походи преку Граник, Ис или покрај Арбели
и да се слушне гласот на Александар Македонски
запишан во писмото до Аристотел:
Повеќе би сакал да се одликувам со највозвишено
знаење отколку со својата моќ...
Во тие и такви соништа можеа да се вратат
цели царства и држави, да се минува
низ пусти степи во кои нема ни гроб,
ни трага, ни знак.

Низ големи меќави и студови, кога се слушаат само
завивањата на глутници, одеа цели карвани
товарени со соништа на народот. Имаше кошмарни
соништа: болскотеше некоја полудена ѕвезда,
која скокаше како недоклан петел.
Под светлината на таа ѕвезда
се гледаа костури на тигри,
се слушаа како грмат гласови на пророци
низ Стариот завет, тела и коски на изумрени
држави. Коњите товарени со зли соништа
како вкопани остануваа во пустината
и тоа беше големо и зло пророштво. Значењето
на тие соништа неопходно беше да се протолкува
на самото место. Доколку не се случеше тоа –
народот влегуваше во време на големи колежи.

Имаше билки кои допрени до нечиј гроб
ги слушаа и одгатнуваа сонииштата
на мртвите. Немаше кој да не знае
дека човекот сонува уште од искони
светот и дека ќе сонува
и кога нема да биде жив
сеедно што најпрогонувани беа оние кои сонуваат.

Секој сон, и мал и голем, и сегашен и некогашен,
и одгатнат и неодгатнат, носеше печат
втиснат од пророците. Тие соништа
не смееше никој да ги допре без согласност
на сонувачот. Основно беше меѓу милионите
сонувачи да се открие оној кој го таел својот сон
во кој е скриена онаа искра на мозокот која одгатнува



и покажува дека географската карта на Балканот
е директно зависна од степенот на омразата
меѓу славјанското и неславјанското население таму.

Времето на долги и големи несоници
навестуваше крвава погибел на праведните.
Тогаш се вознемирувaa кралствата и владетелите
и преплашени тие преземаа сè
за да им го изгаснат сонот на луѓето.
Владетелите добро знаеја дека за сè што ќе се случува
постојат предзнаци скриени во соништата
па затоа и копаа во луѓето,
ги пребаруваа сите агли и допири во клетките,
влегуваа во самите клетки,
им ги споредуваа обвивките и јадрата,
хромозомите и де-ен-це-то во нив,
се префрлаа од орган на орган,
шетаа меѓу обвивките и синапсите,
се спуштаа на кортексот на мозокот,
внимателно ги испитуваа *nucleus caudatis*
и *sinus petrosis*, правеа безброј *falx cerebri* и одново
ги здружуваа, сè дури во *A. Labrinthi*
не открија облик на *aphasia* и искри
на емоционален говор. Во гласот на тој говор
и во буквите на тоа писмо
луѓето сами откриваа
црвени прашинки *insomnia*
расфрлани низ центрите на *Broca* и *Wernicke*
и гледаа светата материја на мајчиниот јазик
како се пресоздава проколнатата татковина
во жар која полека оживува
под белата пепел.

*Гуслари, Славкани судбом и крвју,*
*исѿрскани беа со крвѿа*
*на јунациѿе во соноѿ*

Имаше и скржави соништа:
одвај низ нив
ќе запавтаа лилјак-два, утка-две,
одвај низ нив да сретнеш човек-два,
да направиш чекор-два, да капнат капка-две!
Тие соништа беа предизвикани од голема глад
што ги спопаѓаше луѓето
или пак од големи болештини и студови.
Луѓето им се радуваа на скржавите соништа,
некои ги боготвореа. Велеа: нашата невола
сега премина и на соништата:
доаѓа време и на богати соништа.

Не се сметаше за богат, јадар сон оној
низ кој не плиснуваа дождови



како при потопот,
доколку не надлетуваа јата и јата птици
низ него, доколку не засвиреа свирки
кои се слушаа и отаде Прва книга царства
а можеби и отаде Битие!

Секој сон говореше на свој, сопствен јазик.
Имаше соништа кои траеја одвај збор-два,
ред-два. Тоа беа скржави соништа
но луѓето најмногу се плашеа од нив:
по такви соништа доаѓаа погибелни суши
и за женските искони и за машкото семе;
големи кошмари
и големи локви крв.

Имаше соништа низ кои ечеа свирки
и тапани – и низ свирките светкаше
глас на понекоја пушка.

Една свирка само не чинеше да превсени
низ нечиј сон: тројцата слепи гуслари,
Славјани судбом и крвју,
а кога секој од своето гусле
оживуваше некој далечен еп
и кога секој миг очекуваш
да бидеш испрскан со крвта
на јунаците во епот.

Гуслињата на кои свиреа тројцата гуслари,
Славјани судбом и крвју,
прилегаа на јадри круши – водници.

Секое гусле насреде имаше по еден отвор
кој можеше да биде и земник и ’рвеник,
и дом и пештера. Во тој отвор
едно врз друго беа ставани
еп врз еп, приказна врз приказна.
Врз отворот имаше распнато кожичка
од јагненце или јаренце, зајаче.
Имаше гуслари кои врз своите гуслиња
оптегнуваа кожа од млади кученца
со цел да се вдвои крвта
која се пролеваше низ нивното пеење.

Откако ќе огрееше месечина во дворот
и откако ќе запееше гусларот
се случуваше
кожата од кученце оптегната
со дрвени чивии врз отворот на гуслето
да почне да се напнува, да се надува
сама од себеси –
тоа месечината ја вознемирила
сенката на некогашното кученце
и тоа почнуваше да оживува,
да потскокнува,
да џавка, да лае.
И гуслето од javор,
најтажното меѓу сите стебла,
тогаш распукуваше:
не можеше тоа да ги издржи
страдањата во песната на гусларот.

Секое гудало беше направено од педесетина струни
од опашката на црвен пастув. Секое повлекување



со гудалото откинуваше одвај по еден слог
од грлото на гусларот, сè дури
не му се стемнеше гласот,
дури не поцрнеше како пред погибел.
Тогаш тој престануваше да влече со гудалото
но гуслето почнуваше самото да стенка
и да распукува од болки.

Првото гусле кое во Македонија
само пропеало и загукало
било на најстариот чувар во дворецот
на Самуил. Било направено
од женското семе на *morus nigra*,
црна муренка донесена од пределите на
Ереван. Кога прашале зошто не е од јавор
или не од јасен, првиот човек што ја водел
гемијата, појаснил дека јаворот ноќем
ниту светлина има ниту пак оган има: во стеблото
негово се скриени нашите предци
кои не поднесувале ништо освен мрак.
Никако ни *aceracea obtesatum* –
црн горски јавор,
зашто духот – страдалник, овоплотен во него,
постојано ќе испушта лелеци и крици.

Тоа е вопиј кој ќе се слуша надалеку
и од кој сите ќе го загубат сонот: саноќ
во толпи ќе шетаат од немило до недраго
дури и самите не проплачат!
Не смееше да се пресече стебло
со раззеленети гранки –

еден грозен вопиј се ширеше тогаш наоколу
и само прокоби!
Доколку слушнеа глас од такво гусле
– морепловците сред море
забораваа и од каде тргнале и каде
наумиле, морето почнуваше да лелека
и да јачи и страшен вопиј ги корнеше ѕвездите.
Змијата, велеа, побрзо ќе помине низ оган
отколку низ сенка на јасен! Затоа
и Александар Македонски,
в пазуви си носел неколку корени муренка
кои дури сонувал – израстувале, расцутувале
и давале плодови, а потоа од нив
му варел ракија на Аристотел,
за да му го подобри тептавењето
во неговиот говор...



Знаеше Тој дека луѓето во секоја татковина
се делат на оние кои се тука
и на оние кои ниту биле
ниту пак некогаш ќе бидат -
Едните за другите велеа: тие не се тука
нас од нив само живот нè дели
и - смрт.

Оние кои ниту биле ниту пак некаде и
некогаш ќе бидат -
не беа ниту во заборавот
ниту во сеќавањата. Затоа и одбиваа
да ги бараат и своето минато
и својата иднина. Се чувствуваа
за некакво време без живот,
за некакво продолжение на зборовите се чувствуваа:
невидливото се сонува, велеа тие,
зошто меѓу вас и нас
не постои друго што нè дели
освен - сонот...

Знаеше Тој дека она кое се сонува
е повистинско од она кое постои
и дека сè што постои - постои само во името.
Го знаеше Тој тоа и знаеше уште
секоја честица од името
дека има свое потекло и свој знак
па постојано и себеси се делеше на честици,
на составки, секоја понеискажлива
од другата. Се расфрлаше, се раздаваше,
името си го оставаше насекаде
никој и никогаш да не може да го дособере,
да го состави... Знаеше
дека името не е дел од човекот
туку спротивно и дека како и сè друго
и тоа истрајува само во неговото битие:
како каменот во камен што истрајува
и како крајот - во крај.

Беше уверен
писмото негово и трагите негови
оставени врз прстенот што го милувал,
врз книгите што ги прелистувал,
врз стеблата на кои се потпирал
дека долго ќе го одгатнуваат
зашто трагите на зборовите
живеат подолго и од душата
и од рацете што ги напишале нив.
Знаеше дека зборот му е
единственото сигурно засолниште
и дека и неговиот збор
влијае врз младоста на ѕвездите.



Долго се мачеше да заспие.
Знаеше дека не е сеедно
дали спиеш или пак зборуваш:
знаеше добро дека Исус е отелотворен збор
а Тој, создавајќи ги зборовите
дека се разнебитува, дека се дели себеси
на честици, на составки,
но дека го множи Исуса
до бесконечноста
зашто Исус е отелотворен збор...

Преповторуваше во себеси:
не е сеедно дали зборувам или само сонувам,
и насетуваше дека во Il pendolo de Foncault
осцилацијата која постапно се шири
во облик на процеп,
во облик на зрачеста симетрија,
во косур на мандала -
завршува со гракот на предисториска птица.
Тоа го возбуди и сè повеќе се оддалечуваше
од сонот и влегуваше во предел на големи
страдања: гледаше приживе
Егејското Море како им цвета на мртвите...

Бдеејќи саноќ
Тој сè појасно гледаше
наспроти остарените ветрови
кои немаа сила да издржат тримир
за да се причестат -
ветровите кои се покажуваа взори,
како им ги крадат соништата на луѓето

и ги понесуваат со себеси.
Ветровите кои се покажуваа взори
беа надарени и да пророкуваат
и да поучуваат
дека земјата не сонува ништо
освен зборови и коски,
та жени, низ цел живот
талкаа низ полето
и собираа расфрлани зборови:
неоплодените доколку допреа збор на вљубеник -
се оплодуваа во мигот
а од тажните зборови јаловеносуваа -
најнапред слухот а веднаш потоа
и душата. Тоа беа тешките зборови.

Но оние кои тргнуваа во насока на ветровите
никаде, никогаш и никаква трага
не можеше да им се најде. Оние, пак,
кои влегуваа во храмовите,
раскопуваа под нивните жртвеници
и по цели ноќи скитаа од псалм до псалм
и од молитва до молитва а потоа
ги вадеа флејтите од своите појаси
и почнуваа да свират:
како еуриноми почнуваа да потскокнуваат
од својата свирка а потоа се провираа
најпрво низ песната а потоа и низ себеси.
Од свирките и морето почнуваше
да татни и да јачи,
да лелека и да стенка,
сè дури по свирките не почнеа и да пеат.



И баладите што ги пееја
и флејтите на кои свиреа
поучуваа
дека мртвите не изумиле ништо од животот
и уште помалку се надеваа на него:
ги спростираа своите соништа на ветрот
и ја слушаа својата некогашна песна
низ која јасно се распознаваа
времињата на големи епови:
еден по друг оживуваа ослепени и пееја
веќе ме распнаа, а јас, бидејќи поклоник
на зборот, во ист час сум
и живот, и брут, и крст...

Знаеше Тој некаде пред изгрев
дека ќе престанат свирките
зашто мртвите тогаш се враќаа во своите пештери
а своите соништа и напеви,
своите тенки, издолжени и просветлени
гласови,
во долги низи ги бесеа за ѕвездите.
Што сте се распеале, извикуваа тогаш живите,
каков тоа страв ве прогонува, о, предци,
та не престанувате?
Уште ли не научивте
за да се направи крст
дека не е нужно ништо освен помисла;
дека дури и една самогласка не е неопходна
за да се направи крст?
Каков тоа ужас ве прогонува
и каков тоа страв, о, мртви?

Сме се распеале за да ве распееме,
она кое ни го кажуваат нам -
прво самите да го чуете.
Нам никаков призрак,
никаква друга светлина
освен песната на живите - не ни е нужна.
Ние добро знаеме
дека и за да живееш и за да умреш
неопходен си ти самиот:
самиот себеси земја -
самиот себеси крст.

Се превртува Тој, се измачува да ги допре
со збор ветровите кои вивнаа взори
и гледа сред виорот
како се покажува сенката на оној
кој со жезол в рака покажува
дека секој ветар има и свое семе
и своја матка во која семето созрева
и расте
и дека секој ветер се обидува
да нѐ сведе сите -
и мртвите и живите -
на неговото битие.

Се допира себеси со прстите -
и спокоен е:
каменот не спие туку расте, вели Тој
кога ќе замолчи народот
почнуваше да расте каменот, вели Тој
и гледаше во зорите



птици, птици... птици
кои со својот лет
го потпишуваа и него и неговите соништа.

Гласно тогаш Тој го довикува Шекспира:
We are such struff
As dreams are made on; and our little life
Is rounded with a sleep...

Се допира себеси со прстите
и тажен е:
кога ќе замолчи народот
- почнува да расте каменот, вели
и гледа во птиците со нивниот лет
како ги потпишуваат неговите соништа...

Се открива низ псалмите:
заборавен сум од сите како да сум мртов;
како скршена стомна да сум;
како утка во пустина, како був
меѓу урнатини, буден лежам не заспивам,
станав како осамена птица на покривот.

Се открива низ псалмите и додава
камењето ќе бидат и наша беседа
и наш епитаф. И шета низ себеси
како земја по земјата,
лежи на истата географска ширина,
на која лежат сите негови урнатини
и стихии
и како разумен човек

тој не се загледува во земјата
туку во небото
и на оние кои во љубовни копнежи
исчезнуваа без грев
им ја прераскажува
долгата историја на рајските птици
кои животот го минуваат на земјата
но првпат се облъубуваат во рајот...

Гледа нагоре и буден сонува.
Деник.
Бесконечник.

# ПЕСНА VI

## *Крстици сончева светлина*

2192–2197 *Одминува сè но и самошо одминување*
*некако бавно, полека докрајчува. Ползи, се влечка*
*како да му е одземена мислаша*
*и како и самошо да го насешува пустошош*
*во кој се пресоздава и во кој*
*не постои нишшо освен нишшошо.*

2213–2222 *Се допирав и себеси и продолжував да барам*
*зашшо друго нешшо и не знаев*
*ниту пак некој или нешшо мене ме знаеше.*
*Се допирав и себеси се чипчев, плашејќи се*
*самиош во себе и низ себе да не се загубам;*
*нешовратно во нишшошо и без себеси*
*да не би да сшигнам. Копнеев по шој праламен*
*на сите огнови и по таа прапесна*
*на сите песни кои никогаш веќе*
*нема да се испеаш.*



2239–2241 *Не ми беа неопходни никакви други докази*
*за миливосша освен себеси: допирав голема*
*урнашина на нешшо кое додоминува...*

2252–2254 *Закопан сум во своешо срце*
*низ кое се обидувам да го видоизменам*
*своешо шело во – зборови.*

2320–2324 *Рацеше успеаја*
*да ги ошкријаш сише онирички просшори*
*и низ милиони години да го осмислуваш*
*своешо свешо сешило за посебношо во човекош*
*на чие шело и самише заврзуваа.*
2898–2905 *Која е шаа сила која ви ги доверува*
*и шајнише и чудаша да бидеше единсшвена*
*дарба*
*која ги проширува и вообразбише*
*и јазикош; да создаваше своја физика*
*и своја хемија, своја геомешрија,*
*да им бидеше прешходница на сише шірини*
*на духош?*

2935–2938 *Повеќешо*
*во Долинаша на јадрише звезди,*
*Леваша Рака ја смешаа за поискрен*
*и посовесен сведок; Леваша Рака ја именуваа*
*чесно дрво. Други неа ја смешаа за*
*Библија на сшраданаша.*

*Се допирав и себеси*
*да не би и самиот да сум одминал;*
*да не би и самиот*
*да сум се обезнештил...*

Одминува сè но и самото одминување
некако бавно, полека докрајчува. Ползи, се влечка
како да му е одземена мислата
и како и самото да го насетува пустошот
во кој се пресоздава и во кој
не постои ништо освен ништото.

Се допирав и себеси да не би и самиот да сум одминал;
да не би и самиот да сум се обезнештил, онириштил.
И продолжував тоа да го правам
сè дури бев буден но и откако исчезнав
низ своите соништа, во кои одново се покажуваше
одминатото јаве: пештери во кои во договор



со Новалис се вкрстуваа прсти и птици
и се правеа стрели. Тие пештери беа полни
со виолетови довици на знајни и незнајни,
со харфи и кавали, скакулци и бумбари,
со палави реки кои носеа пред себе
и снопја и крстици, и српја и сорови, беа полни
со деца качени на црвени пастуви
кои бодињаа накај летните огнови во планината:
високо над ѕвездите – ниско под соништата.

Се допирав и себеси и продолжував да барам
зашто друго нешто и не знаев
ниту пак некој или нешто мене ме знаеше.
Се допирав и себеси се чипчев, плашејќи се
самиот во себе и низ себе да не се загубам;
неповратно во ништото и без себеси
да не би да стигнам. Копнеев по тој праплamen
на сите огнови и по таа прапесна
на сите песни кои никогаш веќе
нема да се испеат.

Знаев дека одминува сè но и самото одминување
некако бавно, полека докрајчува. Ползи, се влечка
како да му е одземена мислата,
ко и самото да го насетува голиот и штур
предел во кој се пресоздава и во кој
не постои ништо друго освен ништото.
Се загледував во пламенот на исчезнувањето,
удирав со жеголот по разгорените дрвја,
множев искри и со голи дланки
го задушував тој ужасен пламен:

огнот стенкаше преплашен од моите дланки,
се криеше низ себеси,
ја довикуваше својата пепел,
исчезнуваше. Гледав, се уверував
дека и самиот се закопувам во своето срце
како во единствена татковина и светилиште.

Не ми беа неопходни никакви други докази
за минливоста освен себеси: допирав голема
урнатина на нешто кое доодминува;
насетував свеченост на строг мрак. Насилнички
сив и тврд како мијачки трахит
кој не отстапува ниту чекор! Нему
светлина и не му е нужна. Ниту ја прифаќа
ниту пак ја одбива тој неа. Тој камен,
тие големи ѕвездени блокови време,
сега се само сенка од времето
и сенка од човекот.
Никаде, значи, освен во својата пештера
не можев да се уверам
дека сум закопан во своето срце
низ кое се обидувам да го видоизменам
своето тело во – зборови.

Во зборови пресоздавајќи се,
осознав дека сè исчезнува: и летото
сосе плодовите, и зачудените очи кои те
загледувале, сè, сè одминуваше –
освен делото на рацете!
Тие и никој и ништо друго
распознаваат една поинаква светлина



од онаа која нис ја распознаваме:
невидлива за нашето око нивната светлина
поучува дека Бог не се покажува,
сè дури зборот, како и душата,
не е сосема чист.
Во зборови пресоздавајќи се,
постапно осознавам дека светоста на Рацете
го создаде она кое не можеа да го создадат
и сите богови заедно: тие, Рацете,
ги направија првото чиниче и стомне,
првото кошаре и ведро,
идеите и зборовите ги овоплотија во бесконечно,
и невидливото во видливо го обликуваа.
Помислувам на милионите години, значи,
скриени во светите одаи на трпеливоста
низ која просторот сам по себе и времето
само по себе се пресоздава во Раце:
Рацете ги покорија ѕвездените простори,
ги описменија ридовите,
открија дека на судбината
ѝ се допаѓаат повторувањата
и дека иднината е само сенка,
збир на некои непредвидливи движења
на прстите во *ен*-та насока.

Онака како што семката
длабоко во себеси ги крие бестелесните сенки
на цветот и плодот утрешен –
така и Рацете кријат неодгатливи соништа:
оној миг прстите кога ќе ја почувствуваат
светлината на она кое допрва ќе биде создадено

низ свети и нежни движења
невидливото тие го оживуваа во видливо
а потоа одново се затвораа во себеси
и преповторуваа дека нештата постојат
поради светлината која ги открива нив.
Но, која надворешна светлина влегува
во нивниот сон? На која и каква светлина
станува видлив тој сон?

Рацете, прстите – посебно, се сеќаваа
на спски и далечни слики:
стада соништа распеани во глуво доба на ноќта
и сред нив само прстите
од Рацете човекови
кои како испосници
имаа пристап до светите откровенија.
Нивните откровенија поучуваа:
тешко му на оној кој не умее
да ги здружи нештата природата
што ги разделила и уште потешко нему
кој го разделува она природата
што го здружила!

За Рацете, за прстите – посебно,
немаше никакво значење ништо
кое не постои во сопствен облик:
Рацете коленичеа само пред она
кое не го гледаа и него го чувствуваа
за духовен поредок чие физичко
појавување беше миг на апсолутно
и необјасниво. Така Рацете успеаја



да ги откријат сите онирички простори
и низ милиони години да го осмислуваат
своето свето сетило за посебното во човекот
на чие тело и самите заврзуваа.

Така Рацете ја ништеа нашата безличност
и сè што создадоа го осмислија со внатрешна
светлина која имаше дарба да го движи
времето од недојдено до одминато.
Одново залудно и по којзнае кој пат се прашувам себеси:
кого и зошто довикува она момче
издлабено во карпите на Вал Камоника
со раце загледани кон ѕвездите
уште од пред 3000 години?

Кој и зошто го издлабил оној спомен на Раката
Во пештерите на Алба Дарембанг?
Кого довикуваат рацете на Хорус?
Какви тајни кријат демонските Раце
во карпите на Мон Бего? Што бара,
што кажува оној свештеник со извишени Раце
во Вера Круз? Божицата Нуат каде го носи
дискот на сонцето? Која е таа сила
во Рацете на Мојсеј
кои го разделија и морето надве?
Најпрво само со очи
а потоа и сум се искачувал за со Раце
да ги допрам и помилувам
во орнаменти пресоздадените гестови
на величествено извишените раце на Шагал
расфрлани по прозорците на синагогата
во Ерусалим...

***Мнозина,***
***Левата Рака ја именуваа***
***Чесно дрво. Други неа ја сметаа***
***за Библија на страдањата...***

О, вас ве воспевам, о, вас ве восфалувам
о, Десна, о Лева Рако,
о, вас, *humerusi, radiusi* и *ulni*...
о, сите вие *ossea carpalis* и *metacarpalis*,
о, ковчиња и облици,
о, сите вие *phalanges*,
кои над 400 милиони години
се смалувате и се зголемувате,
се менувате и се преповторувате
и ја создадовте, ковечно,
дланката со петте човекови прсти!
О, единствени, о, волшебни потомци
на *Grossopterygia* со пет перки –



вас ве восфалувам и воспевам,
о, Раце човекови, о, надбог,
о, единствена и вистинска Кибела
која го роди и Λογος–от
а потоа и сè друго по него!

Си помислувам:
само едно – единствено вилинско коњче
да не беше се удавило
Во огнената стихија на карбонот,
да беше останало живо, невиното, –
ние луѓето сега, можеби,
негови потомства ќе бевме,
сите мртви и сите живи сега
Икари би биле
меѓу ѕвездите што се оплодуваат,
или пак – пустош во пустошот
ќе бевме?

Наш прадедо и наша прамајка сега
би ни било тоа вилинско коњче
кое утринум би нè будело
во ѕвездени постели – во ѕвездени кошули.
И што во таков случај
ќе беше замена за нашата божица –
Раката?
Што ќе беше замена за нашите божества –
Прстите?
Што ќе беше светот –
без Рацете а потоа и без нас, луѓето?

Ние, безмалу вчера, осознавме
во детството на нашиот предок *Homo*
дека сите сме биле подеднакво умни:
и луѓето и дивината и стихиите
и дека сите заедно: и човекот
и толпите наши божества,
и ветровите и луњите
– дека сме биле едно: човекот
низ магиите – магиите низ ветровите
сме исчезнувале едно од друго
и едно во друго и одново сме се
враќале таму,
во оној далечен мрак,
од каде и што сме дошле.
И она кое нас нè бунеше во тие
далечни епохи, она кое ние тогаш
не можевме да го сфатиме
беше вистината дека огромните
блокови мрак на исконите
не ѝ можеа ништо на кревката
светлина на една обична свеќа!
Наспроти сиот мрак, значи,
наспроти сè –
свеќата би трепкала и како нож
би го парала мракот
сред кој би биле ние.
Постапно осознававме
дека исто како на земјата
така и на небото
ќе биде запишана бесмртноста
на нашите Раце



и на сè она наше создадено од нив
и со нив.

О, Раце, о, мудрости
О, единствена и вистинска Кибела
наша и на времињата одминати и идни, о, Раце кои
нè поучувате во секоја прашинка во нас
и околу нас
дека се згуснати
милиони и милиони потомства,
но не – мртви, зашто живи сте вие
и живи сме ние
чии внуци ќе ги поучуваат своите деца
да полетуваат: тие ќе имаат крилја
што ќе ги управувате Вие,
о, Раце, о, мудрости, о, Вие
наша единствена и човечка Кибела...

Вас ве восфалувам, вас ве воспевам,
о, Раце,
зашто Бог единствен сте
кој невидливото и непостојното
во видливо го пресоздавате!
Човековата мисла и збор вие во видливо
ги онештивте и во знаци
и нè поучивте дека оној кој знае
колку вас – не говори!
Како единствен мудрец проповедате
без зборови па – вашето дело
е надзбор
кој го искажува неименливото

и со зборови – неискажливото;
така нашата човекова намисла
вие ја обликувате во вистина, во битие
а зборот го правите – излишен!
Бог сте – над зборот! Надзбор!

Низ вас човекот се слушна себеси
однатре. И уште поoднатре!
Од далеку – и уште пооддалеку!
Низ вас осознавме
дека само она кое звучи отаде нас
може да нѐ доближи до она
кое само вие разбирливо го слушате.
Малкумина се оние кои ги надаривте
сами себеси да се чујат.
Јас добро знам дека вашата музика
не е музика која доаѓа од ѕвездите
но преку неа се искачувам –
до нив.

Она кое го создадовте вие
никогаш и никаде пред вас не постоело!
Но, и тоа кое го создадовте
го обдаривте и самото да создава,
да го разбира гласот внатрешен човеков
и неговата мисла да ја преобразува
во светови кои без вас
не би постоеле! Хаосот и стихијата
на безименото,
од епоха на пустош и милицивост
вие го пресоздадовте во епоха на –



недостижности!
О, Раце, о, наша единствена и вистинска –
Кибела!

Ве гледам вас, о, Десна, о, Лева Рако,
колку лесно го извишивте Кинескиот ѕид –
како да е ограда околу дворот домашен,
како ограда околу црквата! Ве гледам
како ги сложувате еден врз друг
и еден крај друг огромните камени блокови
за да го засолните сонот на Кеопс!
Ве гледам како ги превртувате Кордиљерите
и од провалиите како извишувате –
ѕвездени простори сред кои танцува
почетокот на нешто кое ние и не знаеме –
што е!

Ги гледам јас оние милиони и милиони
Раце
– кренати на молитва низ вековите,
– Раце кои страдаат и плачат,
– кои сонуваат и прегрнуваат,
– кои пречекуваат и испраќаат...
Ги гледам Рацете кои ги обликуваат
висечките градини во Вавилон и
храмовите на Буда,
Рацете кои покажуваат на јатата птици
кои слетуваат за да го обележат кругот
на првата и вистинска Александрија;
ги допирам раширените Раце на сведокот
при воскреснувањето на Лазар,

ја допирам раката на професорот Тулп
од *Час по анатомија* и поткренатата пинцета
во рацете на професорот
која држи прицврстени
сплетови крвни садови и нерви;
ги гледам Рацете на Михаил и Евтихиј,
го гледам Оплакувањето во Нерези,
Рацете на Димитар Кондовски ги гледам,
илјадниците живи сонца кои се тркалаа
низ Византија и сè до нас;
Рацете на пророците ги гледам
дури ги обликуваат кубињата
на Првиот еврејски храм во Ерусалим,
Рацете на апостол Павле ги гледам
како потреперуваат дури го пишуваат
неговото Послание до Филипјаните-Македонци,
Рацете на оние ги гледам
кои ги ѕидале чешмите и особено – фурните
и особено – мостовите; Рацете ги гледам
со височе и со мистрија, со игла и со срма,
дури ги везат клашенците и елечињата
во Струшко; Рацете ги сонувам
кои ги обликувале сите дулци и бардаци
и кои ја симнале ѕвездата Деница од небесата
и ја ставале час на левиот ракав од кошулата –
час врз марамата на Богородица!
Гледајќи ги Рацете јас постапно осознавав
дека оној кој создал нешто –
никогаш веќе нема да биде сам:
покрај него, со него и во него
е создаденото кое, можеби,



без очи е и без глас –
но кое и гледа и слуша и памети сè!

Не е тоа невидлива пајажина,
не е тоа нешто бестелесно како во сонот:
на сè кое го допревте вие,
о, Раце,
му даривте и тело и облик; му даривте –
живот и век! Го облагородивте со душа!
Еве, отаде сите векови,
се искачувам и на тврдините на Теба
и гледам
ноќем тврдините како го напуштаат јавето
и исчезнуваат,
а дењем, на јаве, како се откорнуваат
блокови камење од карпите
и како почнуваат сами да се движат
по патот накај Теба:
еден до друг го заградуваат градот,
а потоа се искачуваат еден врз друг,
се вглобуваат еден во друг
и цврсто и високо одново ги обликуваат
ѕидовите на Теба врз кои стојам
и гледам. Знам дека лирата на Зетос
го поткренала и сподвижила камењето;
но, таа свирка, таа лира,
чие е дело ако не ваше,
о, божества, о, Раце човекови?
И кој ако не Вие, о, Раце на Аполон,
врз листот на цветот никнат
сред окрвавената трева, кој ако не Вие

врз листот на цветот запишавте: *Оф... Аи...*
Кој го напиша тоа ако не Вие,
о, божества, о, Раце човекови?

Вие ги сподвиживте големите галии
по морињата,
вие врз табличките ги запишавте
сите знаци
чија должина е колку што е долг и патот
од илјадници години а кој поучува дека
врз челото на човекот, без говор и раце
било запишано: *Емет! Вистина!*
Но, која вистина, каква вистина?
Тој и таков човек,
триејќи го челото од земјата
успеал да ја избрише само првата буква
и ноќем, врз неговото чело,
останало да светка само: *Мет! Мртов!*
Тоа е единствената вистина, о, Раце, –
сè проколнато би било доколку нешто –
без вас биде создадено!
О, божества, о, Раце човекови...

И одново прашувам:
кој ги скротуваше ѕверовите,
кој ги сподвижуваше и планините
и карпите, кој ги натера боровите на Пангај
да се веднат и свиткани и денес да останат,
кој го застануваше големото тркало на Иксі,
кој го застануваше каменот на Сизиф
да се тркала по ридот,



кој ја гаснеше жедта на Тантал,
кој ги смируваше мршојадците
да го колват црниот дроб на Тутиј,
кој пловеше со Аргонаутите
и кој ги спасуваше своите другари
од Сирените,
кој, кој друг ако не
волшебната флејта на Орфеј,
чија лира ја создадовте вие
и чии звуци ги создадовте – пак вие,
о, божества, о, Раце човекови?

О, божества, о, Раце човекови,
една огромна Рака
која му ја создадовте вие на Бога,
видовме како ја постави земјата
точно на нејзиното место во вселената;
о, божества, о, Раце човекови,
како ја создадовте големата Рака на Бога?
Како знаевте во таа Рака да ги успиете
силите на безобличноста и на хаосот
зашто, независно колку е и видовит
и сезнаен и силен духот негов, без вас
силата на Раката божја која ја создадовте
би нè фрлила како прашинка
во големиот оган на неговата стихија!

Стојам загледан во – Вас,
о, божества, о, Раце човекови,
и гледам: раширени, едната го допира
брегот на исконите,

другата – трансгалактичките походи.
Некои далечни суштества шетаат низ
нашата крв
и почнуваат да пустошат низ нас;
така непрекинато и сè одново
почнува во нас некоја далечна
некогашница, која постојано се возобновува
но – не се повторува:
ниту зборот – ниту огнот – ниту
камената секира – ниту тркалото –
ниту Големата Мајка, зашто Вие,
и само – Вие, сте тоа,
и – никој друг!

О, божества, о, Раце,
кој ве поучи како да го насетувате,
како да го одгатнувате и откривате
сè она што одминало со дамнините?
Да ги насетувате исчезнатите тајни,
отсјајот на изгаснатите гласови,
да го почувствувате поривот на
вашиот немоќен предок да открива
и да создава свет? Кој ви помогна
од човековата епоха на инстинкти
да нè населите тука,
во вечната епоха Ваша, на Рацете?
Која е таа сила која Ви ги доверува
и тајните и чудата да бидете единствена
дарба
која ги проширува и вообразбите
и јазикот; да создавате своја физика



и своја хемија, своја геометрија,
да им бидете претходница на сите итрини
на духот? Кој Ве надари со ум
да не Ве примамува она што постои
туку ве насочи да го создавате она –
кое не постои? Покрај царството на
природата да воспоставите и свое царство
на постојани преобразби и мени?
Од каде таа Ваша дарба
најпрво да го допрете светот
а потоа и да го потчините, да го –
преобразите?
Како успеавте да ја предизвикате
материјата на тие и такви херојства?
Како успеавте од природата
да создавате нејзини тотеми
кои се посвети и од неа, самата?

Во Долината на јадрите ѕвезди
имаше Раце кои со еден зафат
ги држеа цврсто во себеси
и формите и тоновите и светлината,
ги извлекуваа од невидливото
исконските заробеници на мракот
та вековите ги згуснуваа во митови.
Од апсолутна празнина
тие размножуваа
облици и суштества
кои знакот на Рацете го носеа
на нивните чела и во големи опасности –
и самите имаа дарба да се пресоздаваат –
во Раце...

Во Долината на јадрите ѕвезди
светлина зрачеше од сè што претходно
беа допреле Рацете на кувенџиите,
Рацете на ковачите и на жнејачите,
на монасите и на јагленарите, Рацете
на иконописците и на оние кои
го множеа Светото писмо. Тие Раце
го создаваа и израстуваа човекот,
покоруваа огромни блокови време и простор,
и дури скокаа од една непредвидливост
во друга – духот ги одгатнуваше нив
како единствени созданија надарени
по заобиколен пат да го покоруваат
хаосот,
населувајќи се во уште позгуснати –
соништа.

И не постоеше воденица или валавица,
пештера или гостинска одаја
црква или манастир,
чешма или поило,
не постоеше гумно или вејало
и сè така и сè и уште натака
во кое не се препознаваа Рацете
на некој предок.
Како и секаде – и тука
ги погребуваа мртвите
но уште не се памети
нечија Рака да останала запретана
вземи! Секоја Рака сама се
откопуваше и одново се враќаше



во куќата или во воденицата,
во гостинската одаја или во манастирот,
од каде што и дошло телото човеково,
Затоа Долината на јадрите ѕвезди
ја именуваа и како Долина на Рацете:
единствено тука Рацете останувaa живи,
се искачуваа по стеблата и ги собираа
плодовите, ги земаа српoвите,
ги суредуваа полозите, крстиците,
снопoвите,
ги тепаа по месечина, а потоа,
сè заедно: и плодовите мртви и живи
презимуваа во гостински одаи,
или по манастирски конаци
во кои го препрочитуваа
Евангелието по Лука
и во него ги листаа спомените
на старците кои некогаш ги сонувале
Рацете на оние кои денес
го листаат Евангелието по Лука...

Долината на јадрите ѕвезди
им беше родно место на Рацете човекови,
нивни почеток и бескрај.
Тука,
врз вратите на домовите,
врз нивјето, врз гласот на луѓето,
и на добитокот –
беше втиснат печатот на Рацете
со кој се одредуваа имињата на потомства
и потомства. Имаше Раце

кои беа света книга за женски имиња
и Раце кои беа света книга за
машки имиња. Најмногу Раце копнееја
за детски имиња...

Рацете,
раскопувајќи низ Вавилон,
низ Месопотамија, Александрија и
Виничкото Кале,
наидувале на записи, коски, знаци,
плочки; наидувале само на нешта
создадени од Раце.
Рацете низ долг опит осознаа
дека мислата доаѓа пред тоновите,
пред боите и пред зборовите,
и дека зад сите нив
се насетуваат високи бранови дух.
Затоа Рацете за свои најблиски
ги чувствуваат зборовите:
тие немаат само едно значење,
тврдат Рацете: остенот не е – само остен
а крстот – само крст: тоа и за боите и за музиката
може да се каже, тврдат Рацете.
Затоа на зборот
ако му го замаглите значењето –
од него ќе останат само траги од изгорено:
мртва долина, јагленосан глас,
извалкана хартија,
мртваја... Мртваја...

Постојано беа со и околу зборовите,
одеа по нивните патеки и,



особено, понеопитните Раце,
многу често ги преповторуваа зборовите
и така ги множеа нив.

Рацете беа уверени
дека заедно со зборовите,
излегуваат некаде од сеќавањето:
точно таму во сеќавањето,
и зборовите и Рацете,
се среќаваа со себеси и се гледаа
нешто поинакви
од претходно што се знаеја
и познаваа.

Имаше нешто многу пророчко во секоја Рака,
во секој нејзин прст, особено во –
палецот! Како и пророците –
и Рацете,
го проповедаа своето неостварено битие:
вонвременоста, отадевидливоста,
не се остваруваа само со мисла и дух
туку и пред сè – со Раце. Но, зошто
точно Рацете, неискажливото го откриваа,
неслученото го запишуваа?

Никој не знаеше да одгатне зошто
најнадарени се Рацете
на помолчаливите. Тоа е некоја магија,
тврдеа Рацете; и без очи да се гледа,
и без уши – да се слуша.
Затоа врз печатот на дланката,

најдревната и најсеопфатна мапа
на животот – забележано е сè
што одминало: сите виори на животот,
првото камено копје, првата искра
на огнот, првиот збор на човекот...

Во мигови на почивка
Рацете се осамуваа и се загледуваа
во сопствените дланки
и нивните сеќавања го слушаа
завивањето на гладните глутници,
се пробиваа низ маглите
се искачуваа по брда и ритчиња,
се симнуваа, потоа,
во големата депресија на дланката,
испресечена со линии и знаци,
и тука легнуваа да сонуваат: –
вистина е дека
Левата дланка поразбирливо од Десната,
почисто и појасно, попластично
и поотворено,
раскажува за немоќта на човекот
во дамнините. Затоа, повеќето
во Долината на јадрите ѕвезди,
Левата Рака ја сметаа за поискрен
и посовесен сведок; Левата Рака ја именуваа
Чесно дрво. Други неа ја сметаа за
Библија на страдањата.
Зошто тоа и како – никој не толкуваше
но, во Долината на јадрите ѕвезди
отсекогаш се знаеше дека *Полујаоло*



ја насликал *Дафне* заедно со мистериите
и со духот на преобразбите:
точно во мигот кога ја настигнал
Аполон: Рацете на Дафне се пресоздале
во гранки, прстите на Рацете во – лисја,
кои до ден-денес –
ниту пожолтеле ниту пак овенале. Велеа:
Рацете ја претчувствуваат природата –
а потоа
ја бараат и ја откриваат. Велеа, уште,
дека Рацете се органи на сите сознанија
на дамнешните искуства...

Луѓето од Долината,
и на јаве и во нивните соништа,
се среќаваа со Раце кои размислуваа поразумно
од сè живо; сонуваа поволшебни
соништа од другите и милуваа многу понежно
од другите; соопштуваа поречито
од другите; беа послободни од
другите! Рацете се возбудуваа
и протестираа;
беа повесели и поразиграни од сè друго;
Раце на востаници и на владици –
цела вселена Раце од изрази и
духовни форми.
Учените во Долината
најчесто се загледуваа во Рацете и во
прстите на светците, на македонските
фрески и особено на фреската на Јосифа
кога им го продавале на слугите на фараонот.

Се носеше глас дека во прстите на измаелитите
на таа фреска
се криеле готови формули
за сите тајни на животот.



Загледан во сопствените раце и прсти,
вниманието му застанува
врз згрчениот, вкочанет и вудве свиткан
мал прст на неговата Лева Рака.
Тој тоа го гледа и помислува:
крајот веќе поодамна начнал -
и тоа повеќепати си го повторува во себеси
и ја принесува Раката кон усните
и го бакнува згрчениот, вкочанет, вудве
свиткан мал прст...

Знаеше Тој,
од телото човеково
единствено Рацете само
дека имаат дарба да зрачат
како и небеските тела
и во тој факт Тој го гледаше
единството помеѓу вселената и човекот.
Затоа, поверува Тој,

јазикот на Рацете дека е составен
од поими
кои со зборови човекот
не умее да ги одгатне.

Го вознемируваше стремежот човеков
до полета! Тој тоа го појаснуваше
како негов неуништлив порив
да им се врати
на исконите...
Тоа е, помисли, и некаков крај на земјата
доколку Рацете утре жнеат
крстици сончева светлина...

Загледан во себеси
Тој забележува
дека не поднесува
положба на распнати Раце,
на Раце кои испраќаат,
и забележува уште
дека минутата на Рацете е сина
и дека трае подолго од вкупното време
на сè друго
со кое тоа владее.

Загледан во себеси
Тој забележува уште
дека има една Рака
која владее со сите други
и не му е тешко да одгатне
дека тоа е Раката на времето:



највисока точка од која
животот самиот себеси се посматра
и брани; го чува човекот
да не би тој засекогаш да остане
костур јагленосан.

Загледан во себеси
Тој забележува
дека не поднесува
положба на распнати Раце
и Тој ги крева нагоре
со дланките свртени напред
и кон земјата
и вели:
Сè ова и сè друго што ќе остане
е Ваше дело... Сè дури не почнете
да жнеете
крстици сончева светлина...
Тие ќе ве поучат дека
и вашите внуци
треба да се раѓаат
во земјата на вашите предци...

Загледан во себеси
Тој забележува уште
дека има една Рака
која владее со сите други
и не му е тешко да одгатне
дека тоа е Раката
- но не на времето
туку Неговата, Човекова Рака

која владее со сите насоки и - просторот
и само прашање е на век-два-десет
Неговата Рака кога ќе го скроти и времето
и кога веќе нема да му се покорува
туку ќе владее со него...

Се сети тогаш Тој на Новалис
и на небеските тела кои
зошто не би биле скаменети живи суштества?
Ангели можеби? Се запраша потоа:
Со своите Раце зар не ги допираше
безднините на големиот живот
во вселената?
Доколку е така,
зошто да не му поверува на Ерих Фрид
дека некој веќе запалува оган
во нашата постела
и дека е веќе толку убаво?

Толку убаво...

# ПЕСНА VII

## *Коските потпевнуваат: врати ми го нереченото*

2981-2986 Коските се покажуваа сосе крвчиња
и сосе прстени на рацете,
со сабји и со кавалчиња, со кадилници
и со бројаници,
и според тоа со кој предмет се покажуваа коските
луѓето од Долината ги распознаваа своите мртовци.

2997-3002 Без таа низа коските на мртвите
не можеа да ги распознаат коските на живите
кога влегуваа вземи:
по гласот на вашите славејчиња,
велеа монасите, вашите мртви
лесно ќе ве распознаат...

3020-3024 Така тие во своите градини и не знаејќи
ги садеа и гласовите на славеите
па пролетта икнеа цели леи
позлатени, синкави и црвенушкави гласови
на славејчиња...



3036-3044 И затоа беа горди на своите мртви
и на своите монаси
кои единствени знаеја дека
прво човекот го создал Бога а потоа Бог – човека,
и кои знаеја и умееја коските на мртвите
дека не копнеат по ништо друго освен
живите да излезат од животот што го живеат
но без да минат – низ смртта!

3190-3194 Врати ми го нереченото
да го закопам сред тревата врз мене
во неа некогаш можеби
ќе расцветаат зборовите
на кои и Бог ќе им поверува
Врати ми го нереченото
Или забоди ми го твојот меч.
нешто твое
да ме врати младоста.

Врати ми го нереченото...

Летем, на нашиот светен Пантелејмон,
сите градинари од Долината
се собираа во манастирот на врвот на Кајмакчалан
и саноќ спроти празникот и цел ден на празникот
гласно се молеа на ридот, секој со своја молитва
и секој со свои страдања.
Престануваа со молитвата
само во миг кога згаснуваше Деница
зашто точно во тој миг од земјата се покажуваа
сите черепи и сите други човечки коски
запретани во балканските и во сите други војни
во Македонија:
тоа беа максили и мандибули,
скапули и фибули, радиуси и фемури,
темпоралки и птеритоидеи,
најмногу атласи и епистрофеи.

Коските се покажуваа сосе крвчиња
и сосе прстени на рацете,



со сабји и со кавалчиња, со кадилници
и со бројаници,
и според тоа со кој предмет се покажуваа коските
луѓето од Долината ги распознаваа своите мртовци:
орачи и манастирски момоци,
рибари и гурбетчии,
монаси и востаници... Коските
не се покажуваа една по една туку сите наеднаш,
испревртени и испокршени, обелени сосема,
но сите фатени една за друга, чипчејќи се
и играјќи и пеејќи како живи луѓе!
Гледајќи го сето тоа, монасите од манастирот
почнуваа да нижат низи од гласови на славејчиња
и на секој градинар му ставаа низа околу вратот:
без таа низа коските на мртвите
не можеа да ги распознаат коските на живите
кога влегуваа вземи:
по гласот на вашите славејчиња,
велеа монасите, вашите мртви
лесно ќе ве распознаат...

И тоа навистина се случуваше: коските
сосе крвчиња и сосе прстените на рацете,
со кавалчињата и со сабјите,
со кадилниците и со бројаниците,
и не една по една туку сите заедно
се доближуваа од градинар до градинар
и според нанижаните гласови на славејчињата
околу вратот
лесно распознаваа кого гледаат
и кого милуваат

дали сина си или татка си, дали брата си
или деда си.
И не само тоа:
Откако ќе се вратеа во своите градини
веднејќи се да ја свртат водата
по леите и по траповите –
низите на градинарите ја допираа и земјата.
Така тие во своите градини и не знаејќи
ги садеа и гласовите на славеите
па пролети никнеа цели леи
позлатени, синкави и црвенушкави гласови
на славејчиња...

Беше време кога секој градинар
знаеше за сите тајни на градината на Академос
во која цветала убавината. Знаеја дека таа градина
многу прилегала и на рајот:
со стебла кои пеат, со цветови кои шетаат
наваму-натаму, со потоци бистри води
во кои сите зли соништа изгаснувале.
Градинарите знаеја и за тоа дека и Бог бил градинар
и Алах и свети Јован. Па сепак: градина
во која никнат полни леи гласови на славејчиња
– уште никој немал.
И затоа беа горди на своите мртви
и на своите монаси
кои единствени знаеја дека
прво човекот го создал Бога а потоа Бог – човека,
и кои знаеја и умееја коските на мртвите
дека не копнеат по ништо друго освен
живите да излезат од животот што го живеат
но без да минат – низ смртта!



Мртвите добро го знаеја и тоа
дека потки меѓу луѓето и нештата
се само зборовите и преданијата
и дека наспроти нив земјата
ништо друго не сонува освен коски и само коски:
затоа, повторуваа мртвите, сè што се ништеше
и ништи, и сè што беше или исчезна
– исчезна однатре и од себеси
а не однадвор и од друг:
од несозададен Бог се родија и Шу, Богот на здивот,
и Тефнут, Божицата на празнината.

Бегајте од Тефнут, извикуваа мртвите,
љубете го Енох,
како што ги љубите Питагора и Орфеј...

Гласовите на славејчињата нанижани
на вратот на градинарите,
на секој градинар, одделно, му раскажуваа
дека долу, во земјата, секоја коска
си живее во одделна пештера
околу некое големо огниште,
и дека секоја коска уште приживе,
својата љубов и својот страв ги закопува
вземи. Сега, мртвите, коските,
си поигрувале и со љубовта и со стравот
како со фосили: мазни, разнобојни топчиња,
секое од нив скриено во скришна ниша
околу огништето. Коските на монасите
биле украсени со роза на крстовите
и со сенка на еден од апостолите.

Врз полиците на кои беа положени
нивните черепи
живите посипуваа црвен окер. Со тоа тие го разбудуваа
минатото на мртвите коски и проверуваа
нечија коска да не би да исчезнала.
Во одделни камени саркофази
беа заштитувани коските на секоја мајка
а пред секој саркофаг стражареле
коски – апостоли: свиткани како да спијат
и подготвени за некое ново раѓање.
Тоа беа коски со заби на себеси,
максили и мандибули.

Сите коски знаеја дека здравите заби
не легнуваат в земи без нивниот сопственик
и дека максилите и мандибулите беа избрани
меѓу коските
за да создаваат зборови.
Затоа тие беа и најотпорни и единствено тие
вечни меѓу коските.
Се знаеше за случаи на полна месечина
од тие коски да се покаже трага окер:
тоа им бил животниот здив, на тие коски
и нивниот прв збор кој сè уште
неодгатнат светка некаде...

Коските кога беа поседнати околу огништето в земи
живите го толкуваа како луда оргија на мртвите.
Живите толкуваа дека
секоја коска
љуби себеси да се облече во маѓепсана кошула



и дека точно кошулата на мртвите
била доказ според кој не можело да се оддели
верното од неверието и изгревот од залезот...

Коските живееја со сопствени погледи
и сопствен опит: црвенилото што го покажува срамот
тие го сметаа за своја тврдина
која никогаш и од никого не била освоена:
посрамежливи се жените од птиците, веруваа тие,
зашто птиците своите гнезда ги прават
под гредите и пред очите на сите
а жените на своите плодови
им прават постела во себеси.

Коските беа чудни: вечс ниту нешто сакаа
– ниту пак нешто мразеа; женските коски
својата убавина ја мереа според страдањата
а љубовта на живите ја поимаа како
нешто кое треба да се преболи: како детски
сипаници, како голема кашлица,
како навеано...

Да се биде среќен поради туѓа среќа –
коските тоа го осознаваа низ долг опит
на заемно молчење со земјата.
Во неа читаа: *Gandera felicitate aliena*
а под неа: *Leibniz.* Тоа значеше дека
секоја коска се јаде себеси и ја ништи
коската која гризе туѓа коска.

Во археолошката сенештарница на Долината
постоеше коска за која се знаеше

дека никогаш приживе не постоела!
И она што посебно возбудуваше –
беа мудроста и дарбата на коските
брзо да осознаваат и уште побрзо да го применуваат
осознаеното: земјата во која престојуваа
ја именуваа Земја на чувствата а некои меѓу нив,
најнавредените и најтажните коски беа –
екстериоризирани:
сите коски живееја надвор од своите тела,
го гледаа многу оддалеку своето тело
како живее, како се измачува без нив...
Можеби од жал по своите некогашни тела
коските рисуваа трудни кобили и крави
така за да им се намножи добитокот.
Собираа сено и во високи копи
го оставаа пред пештерите...
Така коските го множеа добитокот
и така ждребињата кога ќе се родеа
низ нивната грива веќе се криеја и играа
сенките на птиците кои и пееја.
Пастувите, пак, во допирот на нивните копитца
со каменот преку кој јуреа
зад себеси оставаа светкавици
кои го растајнуваа писмото на Пенчева:
        пишувај различно,
        пишувај во стравотни маки,
        пишувај како да си на смрт осудена,
        или како Сибила,
        пишувај така
        што да ти потече крв од ноктите,



        пишувај така
        – листот дури не јагленоса.

Коските имаа несфатливи навики:
машките, меѓу нив кога ќе изгрееше
полна месечина, се собираа во дворот на најстарата
меѓу коските и саноќ и на глас ги пееја
песните кои никој, никаде и никогаш
уште не ги испеал. Женските, пак,
во најскриеното меѓу третиот и четвртиот
прст на левата рака, веднаш под прстенот,
со тајни знаци, најпрво, ги запишуваа соништата
кои копнееја да ги сонуваат –
а потоа ја поземаа песната
што ја пееја машките и песната на коските.
Ако се заслушаш кога е полна месечина,
ти јасно ќе ја слушнеш и приживе.

Еден човечки Череп, со длабока рана
на челото Тој го позеде од записите
на својот дедо, го помилува,
и му ја запеа неговата омилена песна:
Врати ми го нереченото
да го закопам во тревата врз мене
низ неа некогаш можеби
ќе расцветоат зборовите
на кои и Бог ќе им поверува.
Врати ми го нереченото
Или зободи ми го твојот меч,
нешто твое
да ме врати во младоста.

Врати ми го нереченото...

Пееше Тој а кога престана
забележа Черепот со длабока рана на челото
осамен како шета низ дворот
и тихо потпевнува:
Врати ми го нереченото...

# ПЕСНА VIII

## *Друга земја освен земјата - нема*

3208–3210 *Пеејќи и вие ќе го оставите*
*својот живот тука,*
*зашто друга земја освен земјата – нема!*

3219–3226 *Така, сите зборови,*
*особено тркалезните самогласки во зборот,*
*имаат дарба*
*да го шират нивниот*
*овален облик*
*и да ги полнат своите мешиња*
*со исцелителна светлина*
*која самата себеси се осветлува и ништи.*

3239–3243 *Тој сè повеќе се уверува*
*дека ѕвездите не се ниту привидение*
*– ниту дух,*
*туку огнени грутки осама и очај,*
*– човекови уште од епохата на создавањето...*



3251–3253 *Ќе бидеме црвен бигор со кој утре*
*ќе ги ѕидаат*
*темелите на сите богомолни.*

Копнее тој по Долината на јадрите ѕвезди
кои никогаш не бледнеат а ниту помисла
дека без него тие некогаш ќе згаснат.

Таму, најдолго од сè памети каменот.
Тој со своите урокливи, библиски очи,
се загледува во човекот и низ него
себеси се одгатнува:
јас сум и твоја Гора на заветот
и твој Суден ден. Тука,
врз мене и покрај мене,
и ти и оние кои те создале,
и оние кои ги создаваш ти
пеејќи како што го оставале –
пеејќи и вие ќе го оставите
својот живот тука,
зашто друга земја освен земјата – нема!

Таму, најдолго од сè памети каменот.
Тој се сеќава на тебе



застанат пред вратите на богомолните
како ги листаш пергаментите, свитоците,
грамотите и постапно како осознаваш
дека зборот е зачнат без мајка
но дека има папок и папочна врвца
што го врзува за ѕвездите.
Така, сите зборови,
особено тркалезните самогласки во зборот,
имаат дарба
да го шират нивниот
овален облик
и да ги полнат своите мешиња
со исцелителна светлина
која самата себеси се осветлува и ништи.

Знаејќи го сето тоа
тој кинеше цветови и со нив запишуваше
древни зборови,
отворени за сè она кое уште не се случило
и со целосен молк за сè што веќе било.
Уште недозапишани зборовите
ја повлекуваа својата папочна врвца
и зад себе како кученца ги водеа ѕвездите,
како Каин месечината,
и потпевнуваа од радости сите:
и малите и големите,
и младите и старите зборови,
и сè повеќе се уверуваа
дека ѕвездите не се ниту привидение
– ниту дух,
туку огнени грутки осама и очај,
– човекови уште од епохата на создавањето...

Зборовите, напишани со писмото на свирките
направени од долгите, бели коски
на предците, –
се единствените плодови кои созреваат
во Долината на јадрите ѕвезди.
Тоа се кришки претпотопска светлина,
нанижани во долги низи,
кои се оплодуваат со мракот
и самите себеси се множат.
Тие исушени кришки древна светлина,
врзопчиња лековито билје,
поучуваат дека никој освен нас
– ниту оние што веќе биле
ниту пак оние кои некогаш ќе бидат –
нема да го видат овој ден
– како што и ние самите веќе нема да го –
привидиме:
ќе бидеме црвен бигор со кој утре
ќе ги ѕидаат
темелите на сите богомолни.

Во нив веќе се слуша проповед:
патувајте низ себеси –
зашто сè друго е дамнешно и знајно.
Одгатнувајте зошто мајката
сака да си умре
на истата постела
во која ги раѓала своите деца;
одгатнувајте што ветер е оној
кој на Воскресение излегува од Библијата
и шета ниско над мртвите



уверувајќи ги дека одново се живи;
за какви градини
пустините биле создадени
и кои моми низ нив некогаш пееле;
одгатнувајте зошто Каин и Авел,
момчиња, браќа,
во ист миг се преобразиле во старци
кои влегле и никогаш веќе
нема да излезат од историјата;
одгатнувајте зошто љубовта е од истото семе
како и зајдисонцето
и зошто првиот плач на детето
прилега на Песната над песните;
зошто сите разговори
меѓу Исуса и Јуда се црни,
само последниот – окрвавен...

Одгатнувајте, само одгатнувајте
зошто Бог би ги дал сите ѕвезди
на небото негово
за само еден збор на усните
на вљубениот Јехуда:

*Далеку си од мене*
*како пепелта*
*кога била – стебло...*

Под големото орфичко ѕвоно на светлината
стои Тој, простум, и како цветовите -
буден сонува;
седнува, потоа, на бреговите
на големите реки
и гледа
бавно како наближуваат
далечните кораби на азиските зори,
црвени од свирките на неговите
македонски предци.

Евангелско е само делото на дарбата,
извикува Тој,
и гледа
големиот, бел постув како јури,
прескокнува ридови,
се превртува низ полињата,
и неговото виштење,
издолжено до утринските ѕвезди,



како ги оплодува прво нив
а потоа го расфрла своето семе
низ полињата...

О, големиот постув на летото,
со големи амбари жетви
на неговите сопи:
вишти од радости
скока од брег на брег
и гледа
бавно како наближуваат
далечните кораби на азиските зори
со кои се враќаат Македонците пееј́ќи:

Не мора никој да нè поучува како се страда,
врз нашите коски е запишано:
кон непознатото од - уште понепознато...

# ПЕСНА IX

*Бело време.*
*Нема епоха.*

3387–3389 *Белината која завладеа во Долината*
*беше нешто конечно*
*кое воспоставуваше крај на сите сеќавања.*

3427–3431 *Сега и Долината сама*
*и ние сите, заедно,*
*растнати сме врз овие виулици*
*а освен Исуса, ниеден растнат човек*
*– не може да се движи...*

3435–3429 *Со потомства и потомства*
*тие луѓе страдаа од* **atopia**.
*Затоа, отсекогаш во Долината*
*постоеше и она*
*кое претходно никогаш не се случило...*

3472–3479 *луѓето тогаш гробовите сопствени ги продаваа*
*само за да им наштетат на потомствата*
*и немајќи каде да се закопаат*

*предвреме и самите оземјуваа,*
*се потребуваа во себеси*
*и мртви одново им се распродаваа на оние*
*кои и децата сопствени ги ништеа*
*во утробите на нивните мајки!*

Тука,
само низ сништа и воздишки
луѓето го допираа невидливото море на Долината,
големо колку сите бели и црни,
црвени и жолти мориња,
заедно.
Тоа море,
ги израмнуваше пустините во душата на човекот
со пустините во Долината,
ги влечеше јажињата на црковните ѕвона
и голема светлосна поплава
надоаѓаше тогај од некаде,
па, наместо темниот, неограничен океан
на Милтон,
без меѓи и без димензии,
без свое време и место,
надоаѓаше бесконечната, бела пустина,
со метежи и меќави,
со виори и црвени виулици,

со врисоци и писоци:
привидот на крајот –
потежок и од смртта!

Сред тие виулици,
залудно луѓето од Долината
мавтаа со белината –
како со спасоносно знаме...

Студот ги бришеше сите значења на писмото,
буквите и зборовите стануваа смртно бели,
но божјото потекло на писмото
се насетуваше:
и оние,
вистината кои ја бараа и ја наоѓаа
во непостоењето,
постапно осознаваа дека
не треба да очекуваат премногу
и од својот крај
и уште помалку –
од крајот на другите
и на сите заедно:
белината се пресоздаваше во време
во кое не се размислува
ниту за она што одминало
ниту пак за она што може да биде...

Во таа белина,
во едно исто време
оние кои беа со вас –
само по здив-два, побелуваа



како никогаш и да ги немало;
оној кој во ист час тргнуваше со вас
само по чекор-два
– исчезнуваше:
продолжуваше во некоја друга песна,
од некоја друга височина
белееше неговата неподнослива тишина:
– Блажени беа само оние кои го допираа
невидливото.

Белината која завладеа во Долината
беше нешто конечно
кое воспоставуваше крај на сите сеќавања.
Како и секое совршенство, и тоа –
не трпеше сведоци:
и сам Бог Господ, можеби,
се покајуваше
но и тој немаше веќе ни сила ни дарба
да го спречи она
кое веќе беше случено:
Белината која завладеа во Долината
– беше нешто конечно!
Потсетуваше сѐ на Адам, нашиот татко:
кога седел сам во пустината
и плачејќи гледал Рајот како се пресоздава
во гробје на неговите потомства.

Наспроти сите други,
луѓето од Долината
беа пречувствителни
на поинакви предизвици и знаци,

насетуваа и допираа
инакви светови од знајните:
заминуваа и одново се враќаа –
се враќаа и одново заминуваа,
наспроти сите други живи
на кои –
секое заминување им беше – конечно!
Тие, со прелага дека не страхуваат од ништо,
си заминуваа пеејќи:
зошто да се плашиме?
Од што да се плашиме?
И оние кои веќе ги нема
некогаш гледаа
во овие исти студови...

Белината која завладеа во Долината
и која беше нешто конечно
– воспостави крај на сите сеќавања
покажувајќи
дека човекот не може
да се извлече од природата:
сега и Долината сама
и ние сите, заедно,
распнати сме врз овие виулици
а освен Исуса, ниеден распнат човек
– не може да се движи...

На луѓето од Долината
единствен сведок им беше сонцето
а не земјата,
зашто со потомства и потомства



тие луѓе страдаа од *atopia*.
Затоа, отсекогаш во Долината
постоеше и она
кое претходно никогаш не се случило,
а жртва беше оној – кој ја примаше жртвата:
сред таа глувотија,
напуштени и од Бога,
луѓето од Долината,
секој сам,
си ги прекрстуваше рацете на молитва
и се молеше:
О, Мајко,
во твоите пазуви е скриен
мојот прв збор,
помогни ми да го слушнам
и одново да го –
преповторам.

Танцува белината
во чија тишина никнува празборот,
зашто ништо друго сред оваа тишина
– и не постои: бело време,
нема епоха,
бела, студена звучност,
според која
постојното и непостојното
имаат иста крв.
Во овие неми епохи –
сите редови на писмото – бели,
само последниот – окрвавен...

Време беше тоа на белите погроми
ниедна друга боја освен белината
кога не прозвучува
и кого сите светови и нешта,
неподносливо инакви едни од други,
безутешно се пресоздаваа
во студови:
пуѓето тогаш гробовите сопствени ги продаваа
само за да им наштетат на потомствата
и немајќи каде да се закопаат
предвреме и самите оземјуваа,
се погребуваа во себеси
и мртви одново им се распродаваа на оние
кои и децата сопствени ги ништеа
во утробите на нивните мајки!

# ПЕСНА X

## *Вини и дамнини*

3525–3528 *Меѓу мртвите кај кои немаше чест –*
*имаше крв*
*и крв ги поврзуваше страниците*
*на нивната голема книга...*

3566–3568 *Влегуваа во античките светилишта и храмови*
*и откриваа дека во нив е весело и распеано*
*– како во свадбена постела.*

3642–3646 *Врз камената плоча што ги покривала,*
*живите дгабеле птица*
*која ја поткревала плочата*
*а потоа заедно со неа –*
*полетувала.*

3657–3658 *Тие целото море го носеа во себеси*
*како сопствена урна...*

3660–3664 *Надоаѓаа како светлина*
*и низ неа пловеа. За нив не постоеше ноќ*



*но и натаму постоеја*
*неизвесни земји и места во тие земји*
*кои постојано исти се преповторуваа...*

4081–4083 *Од историјата излегуваа*
*оние кои љубеа да им бидат метафора*
*на дамнините кои сè уште не беа збиднати.*

Она кое, конечно, можеше да се осознае
од неосознаеното беше:
само еден и единствен човек дека е роден
и само еден и единствен човек дека е умрен
на земјата.

Како што беше залудно да се толкува
зошто рофјата го јагленосала
точно тоа стебло
на кое некогаш сте наишле –
двојно позалудно беше да се толкува
како тоа
само еден и единствен човек да е роден
и само еден и единствен човек да е умрен
на земјата.

И навистина:
насекаде се слушаше само гласот на она
кое никогаш не проговорило:



еден и единствен само е роден
и еден и единствен само е умрен
на земјата, –
одзиваше и во јавето и во сонот.
Луѓето тој глас го слушаа низ цела историја
и, сседно, што душата нивна
сонуваше светлосен пород
и љубовни знамиња –
тие секогаш кога ќе се сретнеа
еден со друг се пречекуваа
со плачот на Еремиј:

> – Без него окован сум во тешки вериги,
> ограден сум со високи ѕидови,
> оставен сум во мрачно место,
> пресечени ми се патиштата,
> испокршени ми се забите со камења
> – само со пепел уште не сум покриен...
> – Раната твоја е голема
> како море.
> Кој може сега да те исцели?

Се среќаваа и се разминуваа,
се среќаваа и се разминуваа луѓето
и сè повеќе се уверуваа
дека никој не може да ги одбрани мртвите:
ги напаѓаа, ги раскопуваа, ги разместуваа,
им зборуваа и им пееја за оној еден и единствен,
но мртвите молчеа како навистина –
да беа мртви;
меѓу мртвите кај кои немаше чест –
имаше крв

и крв ги поврзуваше страниците
на нивната Голема книга на мртвите:
низ неа и Ференц Јухас ги гледал нив
недобројни како лежат скупчени на сртот
во исушениот град на коските.
Седат тие сега врз јагленот на ноќта,
под нив светот
и едно напластено воодушевување,
едни големи фосфорни плочи,
*големи светлосни држави,*
*народи со светлосни птици.*
*Сонцата на градови со пори кои зрачат*
*крепости – могили на осветлени костури:*
*го гледаат светлосниот постамент на семирот,*
*седни покрај мене во ноќта,*
*спушти ја својата птичја глава*
*на моето рамо,*
*кон нас се спушта тешка огнена клада...*
*Во тебе ли сум вкопан?*
*Песната твоја тоа ми говори...*

Наспроти сѐ –
никој ниту можеше
ниту пак сакаше да верува во сознанието
дека само еден – единствен човек е роден
и дека само еден и единствен човек е умрен
на земјата:
луѓето се допираа себеси,
разговараа и со себеси и со другите,
распрашуваа и размислуваа,
и, конечно,



одново кога се уверија
дека себеси се чувствуваат
само живи а не и мртви,
и одново откако се уверија
дека не се кадарни да одгатнат
кој е тој еден и единствен –
и роден и умрен; и мртов и жив;
тргнаа да го бараат тој човек,
таа тишина во која беше пресоздаден:
влегуваа во античките светилишта и храмови
и откриваа дека во нив е весело и распеано
– како во свадбена постела;
влегуваа и во христијански цркви
и гледаа дека во нив е мрачно
– како во гробница.
Едните му беа посветени на животот
– другите на смртта;
не најдоа на светилиште
кое да биде и на живите и на мртвите
и сред нив да се побара и оној
кој е еден и единствен
и во животот и во смртта.

Осознасно од неосознасното за тој човек
беше само тоа –
седејќи на бреговите на Тигар и на Еуфрат
дека беше се пресоздал во прва буква
која постапно се обликувала
и во египетски хиероглиф
и во семитски алеф. Знаејќи дека алеф
е првиот знак

со кој би можело да биде означено неговото име
но и прв знак во кој да се обликувал тој човек, –
луѓето почнаа да се возбудуваат:
дали, можеби, самиот алеф
не е тој човек, и жив и мртов,
зашто алеф тоа знае да биде?
Доколку тоа не е така,
дали, можеби, тој човек не е лично Адам,
Авел или Аврам, Ахил или Адонис,
Агамемнон или Адонај, Агеј или Агрипа,
Антеј или Антиној, Ајант или Антонај,
Амон или Алкибијад, Апис или Аријан,
Архимај или Архимед, Аристотел или Атина,
Александар Македонски или
Ататаурк или Атинагора? Или илјадници
и илјадници чии имиња почнувале на „**А**"
и завршувале на – земја!

Како може, се прашуваа и живите и мртвите,
само еден и единствен човек да е роден
и само еден и единствен човек да е умрен
на земјата,
кога милиони и милиони имиња на земјата
можат да се набројат а кои почнуваат на алеф
и завршуваат со –
земја?
И што да речеме за оние
чии имиња започнуваа и уште започнуваат
на *бет* или на *гимел*,
на *далет* и на *хе*, на *вау* и на *заин*,
на *ламед* и на *мем* и сè до *коф* и до *реш*,



до *син* и до *тау*,
и до земјата, најнакрај,
која го покрива сето тоа?

Како може само еден и единствен да биде роден
и само еден и единствен да бил умрен,
кога само градинарите кога биле родени
на ист ден и во ист час
биле побројни од сите тревки
и од сите цветови заедно,
и во толпи сите тие чекале на ред
по својот дел земја
со која би го окончале и би го покриле
своето име –
без презиме?

Како може сето тоа да биде така
кога само од атласите,
од првите вратни прешлени на крстоносците
кои ги крстосувале
пештерите и тврдините на Македонија,
и кои како кученца зад себе
влечкале илјадници клади –
биле сѕидани сите домови
во кои се раѓале и умирале
сите грешни и безгрешни?
Сите тие кога се пресоздавале во земја
врз камената плоча што ги покривала,
живите длабеле птица
која ја поткревала плочата
а потоа заедно со неа –

полетувала.
Така воскреснувале
илјадници и илјадници ѕидари и неимари,
за да стројат одново нови домови
и нови тврдини:
од посебно окно на тврдините
секогаш може да се следи
како воскреснуваат сенки – а тела нема!
Тоа беа сенки на луѓето
кои го превртуваа светот –
а светот не можеше да ги преврти нив:
*тие целото море го носеа во себеси*
*како сопствена урна.*

Така тоа нам ни го појасни Сен Џон Перс
а една друга птица,
со неколку зборови во клунчето,
ноќем слетуваше во дворовите на тие луѓе,
ќе тропнеше на нивниот прозорец
и прашуваше:
О, живи,
знаете ли вие што сè газите
под вашите нозе?
Го знаете ли коњот на Борхес
*во рамница која исчекува од самите почетоци?*
*Зад последните браски, покрај реката,*
*еден голем бел коњ со сонливи очи*
*како да го исполнува утрото.*
*Со свиткан врат,*
*како во персиска илустрација,*
*со густа грива и опашка. Цврст е и исправен,*



*создаден со големи облини. Се присетувам*
*и на чудниот стих на Chauser:*
*a very harsely horse...*
*Немам со што да го споредам*
*и не сум му близу,*
но, очигледно, е многу висок.
Ништо освен тоа што е пладне.
Тука и сега стои коњ,
но има нешто посебно во него,
зашто еден коњ, исто така,
е во некој сон
на Александар Македонски.

Тоа,
дека историјата е засушена крв,
беше причина живите да поверуваат
дека доколку на земјата
само еден и единствен човек е роден и умрен, –
тоа некогаш тој човек
не можеле да го изедат волци,
тој човек, значи, морал да биде од нешто
поцврсто и од камен –
зашто и најкревкиот камен
е посилен од волкот.
Ах, тој човек –
и мртов и – жив!

Можеби за таков човек се работи,
од писмо и од камен,
зашто само таков човек
можел да биде и почеток и крај,

истека и – утока.
Само низ таков човек
мноштвото можело да се сведе
– само на еден.

Други, пак, веруваа
дека тајната за тој човек
можеби е запишана
меѓу лицето и опачината на првиот лист
раззеленет на Дрвото на сознанието
во рајот.
Го откинаа тој лист
и со векови го одлубуваа
лицето на листот од опачината,
но ништо не најдоа запишано и таму.
Најпосле сакаа да му поверуваат
на пророк Еремиј
кој поучуваше дека
тишината само и ништо друго
ќе даде одговор кој човек е тоа –
тишина му претходеше на создавањето –
тишина ќе настапи и по крајот на времето.
Тогај сите живи решија
да патуваат самите кон себеси:
влегуваа од клетка во клетка,
пребаруваа низ зрнцата на протоплазмата,
влегуваа во секое нејзино зрнце,
влегуваа во јадрото, во хромозомите
и во гените,
и само во библиотеката
на еден единствен хромозом прочитаа



дека живите се сенка
што ја фрла телото на мртвите.

Продолжија да пребаруваат во себеси
и низ себеси сè со помисла
тој еден и единствен човек
кого го бараа
– да не би да е точно во нив,
пресозданен во некоја нивна мисла,
спепелен во некој нивни очај!
Мешаа утринско светло
и одломки од својата душа
и со такво мастило
се бореа против сите пороци,
вини и дамнини.

Кој е тој еден и единствен човек
што се родил и што умрел?
Не сакаа и да помислат
дека не можат да го одгатнат тоа,
и одново тргнуваа да го бараат тој човек,
таа осама и тој грев,
таа тишина во која се пресоздал човекот.
Она кое нив ги обезличи
не беше ништо друго туку очајот:
се допираа себеси, ги допираа другите,
разговараа и со себеси и со другите,
размислуваа, се сеќаваа и изумуваа,
од сон се будеа и будни сонуваа,
постојано, и сонливи и будни
тргнуваа и одново се враќаа,

скршнуваа и продолжуваа,
среќаваа ѕвезди и заскитани метеори,
се симнуваа на дното на ѕвездените рани
на земјата,
патуваа низ сите календари,
низ сите едеквици и низ сите географии
и колку повеќе патуваа –
поблиску до себеси стигнуваа.

И самите се пресоздаваа во неизвесност
па, сепак, нешто ги храбреше:
се воодушевуваа гледајќи се себеси
како се пресоздаваат во пат:
големи толпи стоеја по крстопатите
двоумејќи се каде да продолжат
а потоа исчезнуваа и не можеа да се најдат:
се допираа – не го чувствуваа допирот,
заспиваа – не знаеја како и кога да се разбудат,
во пауза меѓу две вдишувања воздух
се губеа некаде и се враќаа
два до три живота подоцна.
Така се загатнуваа себеси
само и само
да ја насетат вистината за оној,
еден и единствен човек
кој стануваше и нивно духовно средиште
и најзагадочно од сè друго
во нивните соништа:
Кој е тој човек? Каде е тој човек?
Каков е тој човек?
Доколку се родил,



и, особено, доколку умрел тој,
кои сме ние, овие, другите, што го бараме него?
Намножени сенки на единствениот човек ли сме,
или пак сите заедно
сме првиот роден човек
кој и мртов
сам себеси се вдвојува,
се множи и прогонува?

Еден и единствен
кој можеше да ја открие тајната
мртов а – жив,
беше тој еден и единствен човек
по чии траги,
оние кои го бараа
– ги загубија сопствените.

И не патуваа само луѓето:
празниците и ветровите, имињата и болестите,
праговите и прозорците, сеќавањата и заборавот,
стеблата и плодовите, јавето и соништата, –
сè заедно и сешто и секој, одделно,
со евангелска љубов и порив,
низ големи жртви и волшепства,
се измачуваа да го откријат тој единствен човек:
се одржуваа проповеди во каменот,
ги одлубуваа лисјата,
проповедаа низ соништата,
излегуваа и влегуваа низ криптите
на историјата,
шетаа меѓу урнатините на дамнините

и на сите неизвесности
кои ги придружуваа,
седнуваа на трпеза,
им пееја на жетвата и на плодовите
и во голем хор ја пееја молитвата:
земјата беше наша – пред ние
нејзини да бидеме и веднаш потоа додаваа:
еден и единствен само е роден
еден и единствен е умрен на земјата...

Ниеден закон и ниедно правило
не беа од значење за нив.
Во нивната природа беше постојано
да откриваат
од незнајно уште – понезнајно
и од далечно уште – подалечно,
и тука седнуваа на починка,
тука сакаа да заспијат –
меѓу имињата на сите мориња
и големи реки.

Тоа беа единствените мигови
кога беа сами со себеси,
кога влегуваа од крипта во крипта
на каменот и слушаа оргули и низ тие свирки
како исчезнуваат насоките
наваму – натаму,
исчезнуваа разликите нагоре – надолу,
височина – длабочина,
не постоеја знаци,
не постоеше време,



немаше историја.
Кога ќе излезеа од сонот –
како првпат да се раѓаат,
беа прескокнати сите урнатини на
неизвесностите,
првпат се загледуваа во дивото
и разгневено сонце на пустината,
не знаеја што е свеќа
зашто надоаѓаа како светлина
и низ неа пловеа. За нив не постоеше ноќ
но и натаму постоеја
неизвесни земји и места во тие земји
кои постојано нети се преповторуваа.

Во текот на тие патувања
тие наидуваа на пустински светци
кои допрени врз залезот
ги листаа своите молитвеници
и читаа:
има страници кои не примаат
врз себе никаков знак,
никаков збор. И има страници
кои во допир само со збор-два
пламнуваат.
Така се разурнуваат сите сеќавања
и така ќе бидат прескокнати сите
сенки на смртта.

Одеа, значи, и секој сам
и во бесконечни толпи.
Одеа со знамиња чија семантика

постојано се менуваше:
час тркалезно – час квадратно сонце,
луѓето брзо се откажуваа
и од сопственото
и од уверувањето на своите татковци
и се приклонуваа кон сфаќањата
на своите сè уште неродени потомства:
го менуваа речникот на плодовите,
во исто време беа и историчари
и боишта и воини,
и Персијци и Римјани и Македонци.

Едни дури патуваа и слушаа како грмат
пророчки труби од кои се уриваа
ѕидовите и тврдините не само
на времето во кое живееја туку и во
времињата во кои тие допрва
требаше да бидат заѕидани, други,
со камењето на урнатините
меѓу две патувања,
ѕидаа светилишта
во кои, фатени рака за рака,
влегуваа цели планини
сосе дивина и сосе луњи и ветришта.
Па сепак, немаше ништо таинствено
во тоа: минатото не можеше да се одмине
без да се свртат – или свеста или аголот
на светлината која ги откриваше.
Таа светлина појаснуваше дека
*не боли старата рана на Октавио Паз,*
*не пече старата изгореница,*



*лузна е скоро избришана местото на разделбата,*
*крајот на откорнувањето, устата од која*
*зборуваат во соништата смртта и животот,*
*лузна е невидлива.*
*Јас не би го дал животот за мојот живот:*
*друго е моето вистинско минато,*
а друго е она по кое тагувам:
како да го откријам
оној еден и единствен роден и умрен
– на земјата...

И навистина не патуваа само луѓето:
На крстопатите, низ пустините заедно
патуваа и ветровите кои секој петок
се пресоздаваа од ветрови во птици
и острови: а во другите денови –
во сè друго: во ѕвезди, во камење, коски,
во празници и во календари,
во гласови и во спомени. И не можеа
да поверуваат во она што го гледаа:
ветровите кои се пресоздаваа во острови
не се враќаа таму откај што тргнуваа.
Засекогаш исчезнуваа во себеси,
а тоа себеси беа островите
расфрлани по морињата,
сами, од ништо се поткреваа лесно
и наједноставно, рееја долго
во светлините над морињата
довикувајќи го оној едниот и единствениот
кој бил роден и умрен на земјата.
Одново потоа се враќаа на своите места во морето.

Се случуваше
одделни ѕвезди
заедно да патуваат со луѓето и со островите,
да трепкаат низ нивниот сон,
да кружат по нивните мозочни орбити,
и некаде пред зори,
никој да не ги забележи
се враќаа на нивната небеска татковина.

Луѓето беа сосема уверени
дека сè она што се случува околу нив –
едноставно не исчезнува:
прашинките од она што се случуваше
тие ги вдишуваа, тие прашинки
беа смртоносен отров
кој ги разнесуваше и крвта и сонот
на човекот; тие отровни црнила од распаѓањето
на она што се случуваше
не одминуваа никого туку секогаш
и неповратно ги ништеа духот
и честа на живите и сè во името
на оној еден и единствен
кој се родил и умрел на земјата.

Ниту педа од небото и земјата
не останаа непребарани, нераскопани:
најгоре – ѕвездите, под нив ветровите,
подолу птиците а под нив –
сите земски созданија:
човекот и тревките, класјето и каколот,
осилките и инсектите,



брановите и островите – вкупом сè,
одеа сами и одеа заедно,
наваму и натаму, угоре и удолу,
допираа сè на што ќе наидеа,
поткреваа грмја и лопуви,
влегуваа и шетаа низ тајните пештери
на камењето, го осветлуваа мракот
во камењето со својата сопствена
светлина,
бараа и само бараа
колку да насетат барем трага
од тој еден и единствен човек
роден и умрен на земјата.

Постапно,
тие сè повеќе доаѓаа до сознание
дека видливиот простор на земјата
е играчка
наспроти нејзината длабочина;
и дека душата на земјата е во неа
а не – на неа...
Други велеа: нема веќе височини,
нема длабочини,
нема ниту историја ниту неизвесности,
има само страници кои врз себе не трпат
ниту збор – ниту знак,
како што има страници кои пламнуваат
на допир само со збор-два...

Тоа тие кога го размислуваа
немаа мастило, но имаа биографија

која жнееше гласови и бои
од поле и од жетва
кои за очите
уште беа невидливи:
– Е-Е-Еј...
Се вртеа насекаде
за да откријат кој довикува.
– Е-Е-Еј...
Тоа, со едно зелено стракче,
пркнато на каменот,
земјата нив ги довикуваше.
Кога тргнаа да го погалат
стракчето се пресоздаде во глас:
– Е-Е-Еј... Е-Е-Еј...
Така тие ја mереа силата на коските
со силата на каменот.
И ништо не измерија:
ја раскопуваа градината,
откопуваа парченца светлина
од некоја дамнешна месечина,
ги допираа лузните на закопаните
кои никогаш не биле родени
и кои немаа мастило, но имаа биографија
која жнееше гласови и бои
на нешто кое за очите, сè уште,
– не постоеше:
невидливото и недопирливото
најјасно распознаваа низ нашите соништа,
најдобро читаа од писмото
од кое сме создадени
и во кое одново се пресоздаваме:



го чувствувам немирот
прстите ваши дури ме допираат –
грутка земја во вашата дланка...

Барајќи го тој еден и единствен
роден и умрен на земјата,
луѓето почнаа да веруваат дека тој човек
го осмислил и распоредот на ѕвездите,
секое нивно потреперување
дека го именувал со одделно чувство
и одделно име. Знаеја дека тој човек
и никој друг, го запалил првиот оган
дека ѝ мавтал на првата птица и го проговорил
првиот збор, ги оковал првите бизони
и коњи по ѕидиштата на пештерите,
го ископал првиот 'рвеник во дворот,
ја соѕидал првата фурна...
Го бараа оној човек кој го разбирал
јазикот на птиците и кои го поучиле
дека исто како и нив, птиците,
и тој, човекот, ќе се вознесе на небото
со помош на крилја:
перја нему ќе му бидат хексаметрите
пишувани со перо од птица и ликвор
од духот на Леонардо да Винчи:
Луѓето мислат дека јас ги разбирам
само нивните ликови; тие не знаат
дека јас слегувам во нивните
најголеми длабочини, ним незнајни,
и го покажувам на видело сè што е нивно
но невидливо, зашто времето е

тоа што го пополнува пустошот во ник:
само во претсмртен миг, кога сè брза
и кога сè, во паничен страв,
се обидува да се спаси бегајќи
и криејќи се низ себеси. Има величини
кои постојано се менуваат
минувајќи низ илјадници непознати предели
и пресоздавајќи се:
бојата во глас, гласот во замок ѕвезден
во кој ги оставаме своите штитови
и својата надеж. Тоа не е мит преку кој
се одгатнува судбината на сите
туку само на оние кои имаат
две родини – татковини:
                    онаа, на која се родени, и
                    онаа, на духот,
– на која ѝ припаѓаат.
Така тие излегуваа од зоната на пустошот
и се населуваа во зоната на невидливото:
посипуваа прав од својот мит
врз сè она што сакаа да го пресоздадат
во историја, а од историјата излегуваа
оние кои љубеа да им бидат метафора
на дамнините кои сè уште не беа збиднати.

Затоа,
за едни толпи велеа
дека Истокот заскитал низ нивната душа,
и дека и Тигар и Еуфрат
течеле низ нивните соништа,
знаците издлабени во табличките



ја означувале само далечината
сред која можело да се прочита:
О, таблички, о, глино, о, земјо,
во вас ги исповедам сите свои искушенија
и сите свои неизвесности.
Низ овие знаци
му вдахнувам здив на животот
а животот – мене.
Тогај, најстариот меѓу знаците,
стана пред создателот нивни
и воскликна:
Човеку, создателу наш,
ти кој им вдахна живот на зборовите,
повторно кога ќе се родиш –
одново меѓу нас, зборовите –
роди се...

Други, пак, постојано преповторуваа:
*tohu wa bohu, tohu wa bohu,* пустош и неред,
пустош и неред, и тврдеа
дека само она што се менува
– вистина е:
Ах ти, Тома,
убаво ги виде сите лузни
на телото мое
останати од клинците со кои бев распнат,
и дури потоа поверува...
Ах ти, Тома,
блажени се само оние кои не виделе
а – поверувале...
Сè има свое првично слово,

своја првична мисла
и свој првичен лик:
пред да го кажеш словото,
пред да ја намислиш својата мисла
и пред да се здобиеш со својот
првичен лик –
ти беше сон и намисла на невидливото...
Така доаѓаа до заклучок
дека само во неколку зборови
можат да се сожмат столетија и столетија,
дека од крикот на некои самогласки
се запалувал оган во кој гореле
сите жетви и сè друго
што е видливо. Имаше
бесконечни предели низ времето
во кои освен зборови
немаше ништо друго. Боговите
и пророците
тие времиња ги сметаа за најбогатите
и најблагородните низ севкупната историја
за која знаеја нешто за себеси:
луѓето седнуваа на трпеза
и макаа леб и кришки сонце
кои на допир се ронеа
на светлосни зборови кои значеа:

*далеку си од мене*
*како јагленот*
*стебло кога бил...*[*]

Не постоеше ниту знајно ниту незнајно,
ниту видливо ниту невидливо –

[*] Стихови од Јехуда Амихај.



а да не патува:
патуваа кралици и самовили,
монаси и пустиножители, учени и невини,
патуваа човековите соништа и неба,
патуваа плодовите и легендите,
мракот и светлината,
патуваше и патот по кој се патуваше.
Така животот се пресоздаваше во пат
а патот во – живот. Се патуваше
низ пустини и степи, низ мориња и неба,
низ она што се гледа и она што не се гледа,
низ недостапно и недостатно,
сè со цел
да го откријат тој еден и единствен човек
роден и умрен на земјата. Барајќи го него –
тие го бараа и времето
кое во себе впиваше потомства и потомства,
патници и патишта,
сè заедно пресоздавајќи ги во едно
*искривено t:* крст, чија исправена линија
долу и надесно се свиткува во кукичка
во малечка бесилка на која висело
и завршило сè што постоело.
Тоа е тоа *t*, тоа време, тој знак
откопан од Ахирамовиот саркофаг.
Затоа сите беа уверени
дека на таа кукичка, на тоа ченгелче на *t*
виселе сите човекови искушенија
а во правта под ченгелчето на *t*
ги среќаваа Хомера и Едипа,
ја среќаваа божицата Ма,

тврдеа крстопатите дека се епифаниски места
и дека на ветровите врз нив
се потпираат големите блокови светлина.
Под таа светлина одеа и пееја луѓето
и сè што беше на небесата
и по земјата и по морињата –
и заедно ја пееја Хомеровата тажаленка:
Ахиле, Ахиле,
подобро питач на земјата
отколку владетел
во царството на сенките!

Патувајќи тие постојано слушаа
неразгатнати довици и звуци
и никогаш не открија
од каде надоаѓаат тие,
но го открија нивното значење:
О, вие кои низ патот
исчезнувате од немило до незнајно,
ќе се сетат ли синовите ваши и ќерките ваши,
чија помисла е и чие вдахновение е
коските да си ги собирате
како одломки на скршено стомне
низ пустината?

Нашите синови и ќерките наши
ќе се сетат на нас, одговараа,
зашто живи не ги дадовме
туку жив оган од нив запаливме,
им ја собравме пепелта во паниче
и им ја однесовме на цезарите:



ова е данокот
што во оваа земја им го плаќаме
на туѓинците, рековме,
и си ја вративме пепелта назад:
таа ни е единствениот доказ
дека сме –
живи.

Се бараше тој еден и единствен
роден и умрен на земјата,
зашто втор не постои и друго нема:
тој сам се создаде низ создавањето,
почеток беше себеси и на сè друго
– и почеток и крај. Се покажуваше однеnадеж:
во мугрите и во залезот,
во преминот меѓу расцутеното и овенатото,
меѓу блесокот на рофјата
и духовното просветление.

Се загледуваа во тој непознат глас
и извикуваа: све го, све го...
Трчаа, потоа, кон гласот,
застануваа загледани нагоре
откај што надоаѓаше гласот
коленичејќи на молитва:
О, гласу, на оној еден и единствен,
ти благодариме
за твојата ненадејна посета,
еден ден и ние така ќе ти навратиме
неочекувано при тебе,
кон она што е и почеток и крај,

о, гласу, о, море,
севремено и сеимено, разбранувано и невидливо,
о, гласу,
сите лица и сите глаголски времиња
и заедно и одеднаш...



Тоа беше најблискиот миг кога можеше
да се допре гласот, но тој
во истиот час се распадна
прво на букви а тие -
во светлина и дух,
сред кои одново се вееја
само знамињата на знајното и видливото.

За да се најде тој еден и единствен
значеше да се влезе во самата душа
на словото во гласот: гласот е нов блесок
и просветление на силата на словото
зашто писмото го убива подвижното
и променливото во него: писмото го скаменува
митот на времето во кое се запишува тоа,
битието на словото.

Затоа се бараше тој еден и единствен
роден и умрен на земјата:

тој умее да го зароби времето со писмо,
тој ќе ги оживее мртвите,
тој ќе ја ослободи материјата,
ти, без сенка и без облик,
о, едно и единствено зошто друго и не постои,
самото си совршенство
или пак, сенка на совршеното сме ние
кои те сонуваме и те осмислуваме?

# ПЕСНА XI

## Голема преселба на облиците

4354–4357 *Во оние кои немаа свое минато не постоеја*
*центрите за црна и бела основа при ткаење*
*на веленца, не постоеја центри*
*во кои се сместени поила за светлината.*

4474–4475 *Облиците љубат во свои раце да го нишаат*
*просторот како бебе.*

4480–4485 *Тоа писмо појаснуваше дека без своите облици*
*Македонија би била само една дамнешна*
*беспризивна пустина...*

4577–4579 *Материјата беше природно надарена за*
*страсни оплодувања и множења во нови*
*и непознати форми.*

4626–4628 *Како започна така и не престана*
*големата преселба на облиците: низ сеќавањето,*
*преку духот и сè до – заумното.*



4645–4651 *Заедно со исчезнувањето,*
*и бојата на облиците имаше порив да се*
*пресоздава: час во нежна светлина што ја зрачи*
*доенчето, час во експлозија на супер-нови,*
*најчесто во – небесна и македонска црвена,*
*врз кој болска озлатувањето на шамијата на*
*Матер божја невеста ширшаја...*

4761–4762 *Знаеше Тој дека наскоро времето ќе има нов облик:*
*долу ќе бидат ѕвездите – земјата над нив...*

На луѓето од Долината судбина им беше
и на јаве и на сон да ги обликуваат нештата,
да ги допираат и да разговараат со нив
уште несоздадени. Тие знаеја
дека облиците кои ги допираат и среќаваат
низ просторот денес –
и претходно дека веќе ги допреле со својот дух,
ги сретнале некогаш и некаде низ својата вообразба,
најпрво бестелесни но, сепак – облици.
Честопати сами себеси се прашуваа
како е можно да бидат бестелесни а сепак
да бидат видливи и да се изделуваат
според своите сенки од другите нешта,
и по долги размислувања доаѓаа до заклучок
дека облиците најпрво се кријат
низ духот на оној на кој му недостигаат тие
и дури потоа ги среќава како си играат
со повозрасните облици, поедноставни и
поневини од новосоздадените.



Низ долг опит
луѓето од Долината осознаа
дека духот кој ги создава живи нештата
вечно се прераскажува себеси
низ постојано пресоздавање во облици
и дека оној кој ги обликува нештата
ја крие својата невиност и драма
постојано да се сеќава на сè она,
далечно и горко,
кое сме го здогледале
со очите на нашите предци во дамнините.
Тие слики и облици
луѓето ги позајмуваа и препишуваа
од сеќавањата на оние пред нив
кои во својот дух и сеќавање –
ги имаа заробено – пак од нивните предци.
Тоа беа бесконечни свитоци и палимпсести
исполнети со подвижни и бестелесни форми.

Никогаш обликот кој го восфалуваа и создаваа
луѓето од Долината не го правеа да биде ист
со претходниот облик. Ниту претходно се случило
тоа – ниту пак можело да се случи: секој облик
имаше своја чест и свој порив
да биде поинаков –
и од претходните и од идните.
Облиците велеа:
човекот и живее и мисли низ нас!
И навистина: најневините, најнежните облици,
кои не беа ниту метафори ниту симболи,
чувствата ги врзуваа со синџири

и ги водеа насекаде со себеси. Како кученца.
И в постела кога легнуваа – не ги испуштаа
од вид: в раце ги чуваа синџирите
со кои ги водеа чувствата,
ги шетаа низ Алпите да ги надушуваат
и одгатнуваат стапалата на Навуходоносор,
да ги откриваат пештерите околу Тир и Сидон,
заедно со светлината и сенките да ги искачуваат
камењарите на подземните светови
и заедно со облиците да ги пеат песните
на спомените –
од Земјата на лаковите и сè до Земјата на островите
во зоните на окципиталниот супкортекс.

Никогаш обликот луѓето не го гледаа однадвор
туку од средиштето на самите себеси: од јадрото
на сопствениот дух,
па затоа облиците располагаа и со својство
и со моќ
да ги менуваат својствата и силата
на човечкиот дух. Не случајно:
некои облици беа поумни од другите,
напати – поумни и од самите луѓе
во чиј дух се создаваа,
беа во многу што поупатени од луѓето
и во паметењето и во чувствувањето,
во имагинацијата беа поупатени,
во флуидот на крвта на луѓето,
поумешно се снаоѓаа од самите луѓе
и од духот кој ги создаваше.



Секое движење на облиците, секој нивни гест
претставуваше писмо во кое беше запишано
дека човекот кој нема минато –
нема ни свои предци и дека поради тоа –
нема ни свое време.
Неговите зони на чувства, и особено –
зони на иднина и проекции –
не постојат:
Центрите за црна и бела основа при ткаење
на веленца,
центрите во кои се сместени поила за светлината,
центрите за преобликување на хаосот во суштества
и форми кај сите без минато –
ниту некогаш постоеле – ниту пак некогаш
ќе постојат.

Луѓето од Долината знаеја дека обликот е некоја
дамнешна шифра која скита низ просторот
во потрага по бројка која постојано ѝ бега
и се крие:
ѝ се покажува пред очи и штотуку ќе ја здогледа
– исчезнува. Со помош на таа бројка
облиците би создале свет на
интелигентна геометрија;
суштества способни постојано да го надоместуваат
исчезнувањето на нивниот дух.
Со помош на таа бројка тие бујно би се возобновувале
и во хаотичниот свет кој во себе ги носи и ги крие
сите идни облици –
би разбудиле поинакви чувства и поинаква моќ:
ветровите кои ја развејуваат историјата

и самите би се пресоздавале
во милијарди облици: бранови – пирамиди – спирали
и златни крвчиња
кои би им ги делеле на епископите
за здравје на нивните љубовници и соништа.

Облиците, свето дело и прва рожба
на човековиот сон, свето дело и на неговиот
возвишен порив и на неговите сеќавања и дух –
во исто време беа и семе од кое никнеше
човековата вечност.
Секој облик поинаку ги чувствуваше потомствата
и потомствата нивни,
зашто секој облик и секое потомство негово
навестуваше нешто поинакво од претходното
кое дотогаш ниту било чуено ниту пак видено.

Облиците имаа лик на мостови кои ги здружуваа
бреговите на потомствата и на времињата
при што секое потомство почнуваше некој облик
кој да претставува продолжение на иден облик
и дух. Така сите нешта беа сведоштво
колку за живите и двојно повеќе –
за мртвите.
Така нештата траеја подолго од нечиј живот
и од животот на сите заедно;
беа единствената меѓу сите метафори
која разликуваше небеско од земско,
пиеше вода како и луѓето,
се грозеше од гракањето на гавраните
и се превозмогнуваше себеси:



од знаци на човекот – облиците се пресоздаваа
во знаци на знакот:
сами себеси се означуваа на начин кој не беше
ниту познат ниту повторлив: живееја во себеси
и се множеа
низ постојани движења и преобликувања
на морничавото во свето и на светото –
во заумно!

Скришум ѝ се отимаа на мислата,
ја напуштаа и ја оставаа
сама да осмислува
нови и непознати облици.
Сите народи низ сите времиња
наместо знамиња вееја облици: од камен ли,
од дрво ли или пак од чиста фантазија –
секој облик, раѓајќи се како семе на некоја
последица – во исто време се пресоздаваше
во семе на некоја причина за нова возобнова.
Облиците појаснуваа застој на времето; појаснуваа
некоја негова дарба минатото да го чува живо
па затоа
сите народи и низ сите времиња
наместо знамиња вееја облици...

Најмузикалниот меѓу сите проповедници
пееше дека сè е облик и сè е минато:
сонцето изгрева и заоѓа и одново изгрева и...
ветрот вее кон југ и север и одново кон југ и...
затоа нема ништо ново под сонцето:
*род еден заминува и доаѓа друг,*
*само земјата останува.**

* Стариот завет: Книгата Проповедник 1 :4, 5, 6.

Тој, најмузикалниот меѓу сите проповедници,
во големо љубопитство посипувал пустински
песок околу звучниот јазол на виолината
и откако ќе повлечел со гудалото по струните –
неговата мелодија ги сподвижувала честиците
на песокот
и ги пресоздавала во заумни облици и знаци,
во прекршени симетрии и спирали,
во рицарски копја. Најситната прав
се пресоздавала во ѕвона за санките кои
спроти Божиќ тргнувале од Северниот пол
и се спуштале кон Долината на јадрите ѕвезди.

Писмото и знаците што ги запишуваше мелодијата
околу звучниот јазол на виолината
остана и натаму да биде таен и волшебен принцип
кој ги зближуваше честиците и облиците
и според заумноста ѝ го определуваше
и векот, на секоја честица, одделно.
Да се следи таа слика – мелодијата кога
ги зближува честиците
и ги пресоздава во дотогаш незбиднати облици –
значи да се следи духот кој пристигнува
од дамнините;
значи да се биде сведок на најголемата
поплава на времињата која пред себе ги носи
сите карпи и сите честици
и одново ги здружува во нешта
кои ја шифрираат празнината и како искушение
ја воведуваат во животот.



Одново јас се сетив на она:
и црква направив од своите коски
но за кого? Аниз, за кого?

Облиците воопшто не ги измачува тоа прашање
туку покорувајќи му се на својот живот
се шират незапирливо и бујно, постојано
се множат, растат и се делат секој во своја насока,
го освојуваат просторот, пробиваат низ него
и ги исцрпуваат сите негови можности:
облиците љубат во свои раце да го нишаат
просторот како бебе.
Преку него тие ги откриваа и својата историја
и своето родно место
и таму го разигрувaa својот дух.
Во просторот тие го одгатнуваа судирот
со човечката мисла
и во исто време се пресоздаваа
во првобитно писмо на човековата судбина.

Тоа писмо појаснуваше дека без своите облици
Македонија би била само една дамнешна
беспризивна пустина.
Сите облици и сите изветвени зборови,
секоја бесмисла,
како тифусари унесреќени во војните,
живи ги фрлаа во варници.
Зборовите и мислите кои не беа допрени
и испоганети од оние кои ги фрлаа во варниците
ги носеа на подмладување: ги закопуваа во
пустини и таму ги оставаа

сè дури во нивните длабочини не допреа
некои далечни жилички кои некогаш шмукале
од водите на потопот. Така осамени зборовите,
расфрлани кој каде и еден без друг –
не можеле ништо да направат:
се заборавале меѓу себе и залудно се довикувале
длабоко во пустината. Обезличени и изгорени,
кога ќе излезеле одново на видело
тие барале нови зборови,
откривале поинакви врски меѓу себе
за да се пресоздадат одново во шифри
кои ја одгатнувале празнината
и нејзината пустош ја населувале со нови облици,
со нов и поинаков живот.

Облиците, особено во пределите на пустините,
љубеле да живеат како орнаменти.
Орнаментите имале семејства постари и од лугето
па сите човекови потомства и нивните симетрии
се искачувале како по скалилата на Јаков,
сè нагоре и нагоре; сè повисоко и повисоко.
Искачувајќи се, таму кај што најпосле ќе стигнеле,
населувале нови облици кои го голтале просторот
кој дотогаш им служел само како потпорна
точка.

И духот и времето и просторот,
секој на свој начин осознавале дека орнаментот
е нивно одделно подрачје во кое се множеле
нови, дотогаш неодгатнати светови
флора и фауна, семантички чуда и хибриди,



антихлорофилни деспоти,
и сите тие заедно
им се потчинувале на законите на еден свет
кој не знаел што е човек ниту пак човекот
бил во состојба да го одгатне тој свет
и благороден и погубно – жесток!

Облиците несфатливо често се самообновуваа
и преобразуваа но во други, далечни и незнајни
простори. Се преобразуваа на илјадници
потомства оддалечени од нивниот роден крај
кој никогаш и никаде не постоел. Родени сред
туѓи пустини
тие најчесто се обликуваа во поими слични на
заветен ковчег
во кој ги криеја и чуваа сите свои соништа,
сите свои мориња и архипелази
и сите потомства на иднината во која ќе се родат.
Тоа беа неисцрпни извори и огромни камбанарии
на кои кога ќе им го повлечеа јажето
за да заклепаат –
звукот нивни сета светлина ја растураше и расфрлаше
отаде знајното на сите простори и на сите времиња.

Имаше облици кои свесни за себеси – или не се
поднесуваа самите или пак се надградуваа:
освојуваа сè поинакви ритми,
минуваа низ нови епизоди, сами се копаа и
прекопуваа и низ себеси отвораа мноштво
чудни отвори и процепи,
се разурнуваа но – не се ништеа и сè со цел

во големи млазеви низ нив да минува светлината
која да ги оплодува со вечности.

Гледајќи го сето тоа, луѓето од Долината
и самите почнаа да ги преповторуваат постапките
на облиците,
да го нагризуваат своето духовно јадро,
да навлегуваат во внатрешниот простор на
своите сеќавања
и во наизменични пробиви на светлини и сенки
да откриваат разурнати соништа и тврдини
од чија прав биле замесени плочките во
Месопотамија
да шетаат низ висечките градини
и да исчезнуваат како и никогаш да не постоеле
во морничавата поетика на крајот.
Сето ова ги исполнуваше страниците на
морфогенијата: имаше облици кои стоеја
поналево
а на празните простори на страницата,
и особено – меѓу редовите на писмото,
јасно се насетуваше дека секој камен,
секоја билка или сеедно што, сè она што беше
од некаква материја – во себеси криеше
јасна предодреденост на кои и чии раце
да им се предаде за да ја обликуваат.

Материјата беше природно надарена за
страсни оплодувања и множења во нови
и непознати форми
но постоеше ужасен раздор и низ крвави



пресметки беа совладувани облиците на
природата од облиците на раците.
Тоа беше и не престана да биде
крвава војна меѓу две царства:
царството на коренот
и царството на гранката
откината од неговото стебло;
царството на камењарите
и малите царства на камењата искршени
и извадени од нив.
Е голема и света вистина дека
многу меѓу гранките пресоздадени
во облици на сам ден Воскресение
раѓаа зрели плодови орев или јаболка
или цреша –
сè во зависност од тоа од кое стебло не беа скинати.
Тоа беше нивната благодарност кон својот непосреден
или уште почесто – кон својот далечен предок.
Благодарност на потомствата кон нивните предци
без кои и самите никогаш, никаде и во никаков
облик не би постоеле.
Облиците на природата, создавани од Никого
или од Големиот оган, можеби,
скриени меѓу годовите на стеблата,
во сетилно-свесните јадра на билките,
во среќните крајлишта на материјата,
во суровата помисла на строителите на гревот
или пак во самите жлебови на подвижните
светилишта –
чекале само миг за да го напуштат хаосот
и да им се предадат на оние

кои умееле да ја насочат светлината
и отаде видливото и отаде невидливото:
таму кон една огромна и плодна матка,
полна со делливи ембриони, полна со оплодени
јајца во чии јадра
тупкаат милијарди птичји срца...

Подоцна, тоа беа срца на прогонети птици
од Расфрланата земја. Тие птици, со денови
и со ноќи, само стенкаа и само лелекаа
и немајќи кого себеси се препрашуваа:
можеби тука, на оваа напуштена камбанарија,
е подобро
отколку во нашата занемена татковина?
Можеби посреќна е сега татковината без нас?

Како започна така и не престана
големата преселба на облиците: низ сеќавањето,
преку духот и сè до – заумното.
И Бог, самиот,
не можеше да ја превозмогне човековата жед
по облици: сè што можеше да стори Тој
беше да ја воспее големата дарба на материјата,
да ја множи во нови облици
а на Марсовите полиња –
облиците одново да ги пресоздава во прав.
Што друго да прави Бог,
осамен
во небеските студови?

Најтрајното во облиците
беше нивниот нескротлив порив



исчезнувајќи да се пресоздаваат во нови облици:
час нежни и треперливи како звук –
час нечувствителни и груби
како суровите балкански ѕидови.
Заедно со исчезнувањето,
и бојата на облиците имаше порив да се
пресоздава: час во девствена светлина што ја зрачи
доенчето, час во експлозија на супер-нови,
најчесто во – небесна и македонска црвена,
врз која болска озлатувањето на шамијата на
Матер божја невеста ширшаја...

Така облиците се идентификуваа со духот
и се сеќаваа на иднината:
пролети престојуваа во нематеријалните предели
на вообразбите и сеќавањата
а летем, заедно со светлината, се враќаа
во Долината на јадрите ѕвезди.

На ниеден облик не му беше сеедно
од што ќе биде создаден. Каменот беше едно
а дрвото сосем друго. Дури и меѓу камењата
нештата не беа исти: едно беше да бидеш создаден
од бигор, да прилегаш на богомилска молитва,
а сосем друго да бидеш црн или црвен мермер.

Ретко облиците го зборуваа јазикот на луѓето
околу нив: тие знаеја дека човекот
залудно се обидува да се скрие под наметките
и кожата на облиците и затоа се мачеа да бидат
и похрабри и подостоинствени и подалековиди

од нив: се раѓаа во непредвидливи средини
и уште од – понепредвидливи судбини: копнееја
да бидат поинакви чувства и да насетуваат
поинакви светови.

Во предел на силна светлина
облиците неа ја прекршуваа во сенки.
Таму кај што светлината беше слаба –
облиците сами врз себе дупчеа отвори
низ кои да мине таа за да им ја осветлува
душата – однатре.

Најчесто,
секој облик живееше осамено,
но постоеја и заедници на облици кои беа
во постојано движење: обично,
оние со позадоцнет развој,
се здружуваа во заедници и избираа облик
меѓу себе
кој во името на сите и говореше и молчеше
и сонуваше.
Смелите, поневмирни и поживи облици
живееја како самјаци, постојано продирајќи
низ времето
и впивајќи огромни млазови светлина во себе.
Така тие го делеа и распоредуваа времето
на време пред и време по нивното создавање.



Знаеше Тој за себеси дека е само облик
сличен на многу други и бесконечно поинаков
од сите;
знаеше дека има сопствено Стебло на животот -
свој и ничиј друг arbor vitae;
знаеше дека има свој archi и свој palaeocerebellum,
но особено беше вљубен во сопствениот неоцеребелум,
кој го извишуваше човеко и го поучуваше
како да ги допре ѕвездите а не да лази.

Знаеше Тој и за блискоста меѓу прстите и длетото,
за прстите и мистријата, прстите и моливот, бојата;
Знаеше дека длетото подобро од себеси ги познава
тајните на прстите - а прстите тајните на длетото:
едното беше духовно продолжение на другото;
побуната на рацете значеше побуна на длетото,
побуна на сите предмети низ кои се остваруваа
дланката и прстите:
писмото оставаше свои лузни врз времето -

ракота врз обликите.
Знаеше Тој за сето тоа и не се чудеше зошто
во мозокот подрачјето што го заземаат центрите
за сподвижување на прстите - е толку големо:
во тие центри се раѓаше и музиката,
остра и црвена како оган
кој ги топи затворските врати и решетки...

Знаеше Тој и за многу други нешта
и не можеше да си појасни: зошто толку многу
земјата се плаши да остане сама? Зошто се плаши
да остане без човекот? Со што ја задолжил
тој неа па да не може сега таа без него?
Го обесила жив за долгите ченгели на својата
гравитација, го оковала за себеси,
го оземјила уште приживе?
Со милиони и милиони години земјата не го
остава спокоен: зошто копнееш по небото?
Сакаш да се пресоздадеш во голема несмасна птица
која ќе рее во студените пустини на заборавот?
Ќе се случи Ти да ме победиш утре,
ќе откриеш сила спротивна и поголема од мојата,
ќе бидеш - антигравитатор,
ќе ме напуштиш и сам ќе се осудиш
твоите потомства да бидат расфрлани низ семирот.
Ќе велат: тоа се смешните птици кои со потомства лелекаат
по родната си грутка која ги прогонила;
а вие ќе велите: можеби е подобро тука
отколку во нашата занемена татковина...
Нема да мислите така туку од срам ќе го велите тоа
зошто враќање вам веќе ќе ви нема...



Можеби меѓу ѕвездите има умови
големи колку цели светови или сонца или сончеви системи;
можеби и целата галактика ќе се развива
според некој облик на свеста: во тоа свест има
неброено пати повеќе сонца
отколку во галактиката,
о, Човеку,
Облику - кој веќе ме напушташ?

Знаеше Тој и за Велигденските Острови
и за предели прекриени наместо со монолити -
со загадочни отпадоци на поразени технологии:
знаеше дека златната епоха на секој народ
е мигот кога тој народ продира во непознатото;
знаеше за многу што, но -
особено знаеше дека на луѓето, повеќе
од што и да е друго, ќе им недостигаат
границите! Со милениуми луѓето го слушале
повикот на границата и за неа се откажувале
и од себеси...

Знаеше Тој дека наскоро времето ќе има нов облик:
долу ќе бидат ѕвездите - земјата над нив...

# ПЕСНА XII

## *Првин ние одевме по сабјата – а потем сабјата по нас*

4865–4871 *Се скри Создателот во себеси*
*за да не слуша ништо и за да не гледа ништо,*
*и одново размисли: вака не оди*
*зашто стеблата станаа како и луѓето:*
*во едно се криеш – друго ќе Те предаде...*
*Остани во стеблата – но заведи ги луѓето*
*дека си само на небесата...*

4880–4883 *И рече: само малкумина ќе обдарам меѓу живите*
*да умеат да ме откриваат во дрвото,*
*да ме здогледуваат меѓу годовите*
*на пресеченото стебло...*

4967–4973 *Во кругот тешко се снаоѓате, – рече Бог,*
*зашто бесконечен е тој а вашата мисла не умее*
*без граници. Најдобро за вас ќе биде да ме*
*откривате на четвртестите штички, од сите*
*страни заградени, за да не скита вашата мисла*
*низ бесконечното; за да не исчезне таа*
*како прашинка во невидливото...*

5044–5046 *Тварта од која нè создаде Ти, Создателу,*
*ја подели на питагорејски прашинки*
*секоја од нив со сопствена идеја.*

5277–5281 *На народите кои не умееја да го откриваат*
*и создаваат Бога, луѓето од Долината*
*им ги подаруваа своите икони и своите книги*
*а кога остануваа сами – тие се крстеа*
*еден во друг и си коленичеа еден пред друг.*

5290–5293 *Некои од иконописците се обидоа место ликот*
*на човекот – да го запишуваат неговиот глас:*
*гласот паметеше сè: тој беше зона и на боите*
*и на духот: згуснати бои – згуснат звук!*

Кога насети Бог во какви неоли и во какви
стравови и ужаси живее сè она што го создал Тој,
кога насети во каква осама и тага осамнуваат
и во каков мрак одново заоѓаат сите созданија
Негови – помисли дека е најдобро да се отелотвори
во живо стебло кое се извишува во Долината:
Создателот помисли дека е најдобро да се биде
благун сред церовите, зорник меѓу оревите,
јадрак меѓу костењето, цреша во пределите на
Големите Води.

И немаше зошто да таи Бог
дека најсилно копнее да се пресоздаде
во кипарис; од кипарис му беа и спомените
и жезолот и светата миризба на светлината
која го опкружуваше, кипарисот – уште ги
паметеше лелеците на Божјиот син
распнат на крстот и лелеците на неговата мајка
склопчена под крстот.

И излезе Бог во раното
да прошета меѓу зорите и ѕвездите кои гаснеа
и истиот час да се отелотвори во жив кипарис,
извишен на самиот раб меѓу спасот и
големите погибии.

И поразмисли Бог, потоа,
се сети дека подеднакво им е нужен и на живите
и на мртвите, и на она кое се движи и на она
кое, навидум, е – неподвижно; и на она кое е
надарено со збор и на она кое во света немост
ќе прошета низ животот. Се сети дека Тој е еден
и дека неброено многу е сè што е создадено
од него и на кое му е – неопходен:
секоја ѕвезда има своја скришна мисла
која копнее насамо да ја сподели само со Бога;
и секој ветер и секој повев на ветрот копнееше по тоа,
и секоја прашинка, и секој корен и секој страк,
и секој изгрев и секој залез, секој ангел и
апостол, секој пророк и неверник, секоја
светулка и лазало, а да не говориме за луѓето,
за живите и за мртвите, за куќите и за вратите,
за плодовите и за каколот меѓу плодовите.
Сите тие, секое јаренце и секое јагненце,
секој волк и секоја глутница, сите вини
и невини, секој оган и секој студ, секој
празник и секој делник, сè саме и сè заедно –
кој може без Неговата рака и без Неговиот глас?

Тоа убаво го знаеше Бог и сам себеси си заповеда:
самиот отелотвори се во секое стебло –



а не само во кипарисот!
Отелотворен биди и во благунот и во церот,
и во зорникот и во јадракот и во јасенот и во
костенот и во крушата и во јаболкницата и во липата
и во црешите покрај Големите Води биди –
отелотворен!

И се отелотвори Бог во судбина и на стеблата.

И не помина многу време а Создателот процени
дека она што го направи не е достатно:
создавајќи ги стеблата и отелотворувајќи се
и самиот во нив Тој заповеда: секое стебло
да биде продолжение на другото; она
што се случува во едното – истиот час да се
одзива и во стеблата околу него! Така Бог
не допушти секој саме да си ги истрада своите
страдања, туку раните нанесени од стрелите
не ги страдаше само телото што беше погодено
ами нив ги страдаа и телата на сите други живи.

Покрај ова,
Бог знаеше дека има стебла – романтичари,
кои најмногу од сè копнеат да се оплодуваат
по месечина. Бог знаеше и тоа дека ноќем
при некои стебла доаѓаа жени
кои своите невестински кошули ги префрлаа
преку гранките и така преноќуваа со Бога. Така
многу меѓу жените оплодени се враќаа дома.
Бог не сакаше за копнежите и тајните на една –
да знаат сите други жени. Бог уште знаеше

дека многу стебла дури цветаат –
не можат да поднесат ниту виулици – ниту
светкавици ниту громови. Бог знаеше и многу други
нешта: имаше луѓе кои вездеи се потпираа
и го приклонуваа своето уво врз некое од
стеблата и така го наслушуваа неговиот
внатрешен говор.
Имаше и такви луѓе кои истиот час
кога ќе се обидеа да скинат фиданче од стеблото –
остануваа осакатени: или раката или ногата
почнуваа да им се сушат! Како гранки!
Бог не сакаше тие казни да се пренесуваат на сите.
Патем, имаше стебла исклучително интелигентни
кои насетуваа кој човек, во кој ден и во која
доба ќе му нанесе засек на некое од стеблата!
Имаше и такви стебла кои цел живот копнееја
да се венчаваат ноќе, дури спијат птиците...

Така луѓето брзо осознаа дека Бог е и тука,
на земјата! И доаѓаа во толпи и се молеа:
Господи,
спаси нè и очисти нè од сите гревои,
изведи нè од оваа осама и поведи нè со Тебе.
Обневидени од скрб и тага,
душата се помрачи наша,
премале од жал душата наша,
снеможевме
и црн страв веќе во коските наши се насели.

Се скри Создателот во себеси
за да не слуша ништо и за да не гледа ништо,



и одново размисли: вака не оди
зашто стеблата станаа како и луѓето:
во едно се криеш – друго ќе те предаде...
Остани во стеблата – но заведи ги луѓето
дека си само на небесата!

Така и направи Создателот:
отелотворен остана во стеблата
но насекаде се огласи дека живее
само на небесата! Инаку, спас од напаста
човекова Тој ќе – немаше!

И долго размислуваше Бог што и како да направи
за човекот да не би да се натажи,
да не би да се почувствува напуштен и сам.
И рече: само малкумина ќе обдарам меѓу живите
да умеат да ме откриваат во дрвото,
да ме здогледуваат меѓу годовите
на пресеченото стебло,
на светата штичка да ме откриваат
и да ме распознаваат. Така, секој меѓу живите
ќе ме има покрај себеси: во секое време
ќе бидам со него покрај огништето негово
и околу постелата негова ќе ме има.
Секој ќе може и да ме допре и да се прекрсти
и да поразговара со мене и да ме помоли...

Ќе му бидам икона: ќе се пресоздавам во ратај
како него, во орач и во жнејач, ќе правам
и јаглен и вар со него, ќе орам и ќе жнеам
со него, ќе одам по свадби и ќе седам невидлив

покрај него, ќе седам под нерезина, ќе пеам
и ќе се веселам како луѓето, ќе се вљубувам
и ќе се одљубувам како нив, ќе влегувам в црков,
ќе одам и ќе се враќам од туѓина.

Ќе бидам икона: ќе поучувам дека – сè е суета!
Ќе прашам: знае ли човекот каква е корист
од сиот негов труд под сонцето? *Ќе прашам: знае ли*
*човекот дека еден род доаѓа и друг дека си заминува*
*а само земјата дека останува?* И ќе го поучувам дека
сонцето изгрева и заоѓа и одново дека
се враќа; сите реки дека течат во морето
но морето дека не се преполнува, она што било
пак ќе биде и она што се правело – пак ќе се прави
зашто нема ништо ново под сонцето!
Ќе бидам икона: ќе поучувам дека сè е – суета!
И ќе извикам: вразумете се, о, вие безумни!
О, човеку, о, вие луѓе, некогаш ќе се опаметите ли?

Бог ги одбра, потоа, и ги поведе со себе сите
за кои процени дека се и предани и чесни
за да бидат упатени во делото на иконата.
Но во исто време Бог беше многу нажален
што не можеше да избере повеќемина меѓу луѓето
кои да му се посветат на ова дело: сè беше
се пресоздало од вероломник во неправедник!
Малкумина беа оние кои пазеа на заповедите божји
и кои ги врзуваа на прстите свои и ги запишуваа
на плочата од срцето свое. Затоа Бог одново и
гласно извика: сè е суета!



И тргна Бог, потоа, пред оние што ги избра
за да бидат упатени во делото на иконата.
Невидлив за никого Тој одеше пред сите, и низ
жештини и низ студја, сè дури не се искачија
на највисокиот врв кај што светлината ништо
не можеше да ја засени. Тука Бог ги поучуваше
сите избрани во делото на иконата. И сите
му го слушаа гласот кога заповеда и пред очите
на сите на голината на ридот кога се
покажа висок благун меѓу церјето. Бог заповеда
благунот да се соголи и од круната и од гранките
и да се сече, потоа, на мноштво кружни плоски
кои, озгора надолу, стануваа сè поишроки.
Видовте? – извика Бог,
и сите се крстеа зашто гласот јасно му го слушаа
ама Него не го гледаа. Сето ова го правиме
за да ме гледате... – одново му го слушаа гласот
и ги милуваа плоските кои ги чуваа в раце и
на кои прекрасно се распознаваа сите годови
кои можеа да одгатнат сè.

Ноќем околу пресеченото стебло најпрво
се собираа сите мртви од Долината
и секој себеси се откриваше во некоја точка
на тенката кружна линија на годот. Некои
помлади меѓу мртвите себеси се откриваа
во празниот простор меѓу два года и тогаш
убаво се сеќаваа и на своето раѓање и на своето
детство и на својата младост. Се сеќаваа
мртвите и на она кое никогаш не им се случило
но кое требаше да им се случи доколку останеа

да живеат. Еден момок себеси се виде
утринум дури ја разгорува фурната во манастирот
а веднаш покрај себе ја препозна и најмладата
монахиња која ја носеше птицата со бесквасен леб
месен на Чист понеделник.
Откако секој меѓу мртвите ќе се откриеше себеси
во некоја точка од годот или во празниот простор
меѓу годовите, околу пресеченото стебло
се собираа живите, се загледуваа во годовите
но ниеден од нив не се насетуваше толку јасно
колку што јасно се распознаваа – мртвите:
беа некоја далечна сенка на себеси...

Не постоеше ништо поедноставно од тоа
од кружните плоски да се обликуваат
четвртести дрвени штички: во кругот тешко се
снаоѓате, – рече Бог, зашто бесконечен е тој
а вашата мисла не умее без граници. Најдобро за вас
ќе биде да ме откривате на четвртестите штички,
од сите страни заградени, за да не скита вашата мисла
низ бесконечното; за да не исчезне таа
како прашинка во невидливото...

Бог, потоа, им појасни дека подеднакво
ги љуби обете страни на четвртестите дрвени
штички: и страната која гледа кон земјата
и страната која гледа кон небото. Бог уште ги поучи
дека понабожна е страната на штичката свртена
кон земјата од онаа што е свртена кон небото.

Лицето на штичката кое гледа кон земјата
Бог го именува *оземно* а она кое гледа



кон сонцето – *набожно*. И така ги поучуваше:
сега погледајте во набожното – и сите тогаш
со прсти го допираа лицето на штичката
што гледаше кон сонцето. Запејте сега –
поучуваше Бог и
истиот час сите во еден глас запејуваа:

*му се скрило црно на поцрно,*
*изгреало сонце за овамина...*

По рабовите на страната која гледаше кон сонцето
и во која требаше да биде откриен Бог –
издлабуваа лозови листенца, гроздови и пиленца
кои не оставија неначнато зрно: колвеа
како никогаш пред тоа да не виделе грозје...

Иконописецот, Богу најпреданиот,
пред да ѝ пристапи на штичката се облекуваше
во црвен хитон: и заедно со народот од Долината
го глаголеше 96 : 7 псалм Давидов:

*нека се засрамат сите*
*кои се клањаат на кипови*
*и кои ги восфалуваат своите идоли –*
*Нему ќе му се поклонат сите богови.*

Оној кој ќе запрашаше *кому* – иконописецот
одговараше: на Оној кој ќе го откриваме
секој на својата икона. На нашиот Бог
сите Богови ќе му се поклонуваат.
Оној кој одново ќе запрашаше *кому* – иконописецот

му одговараше: на Оној кој предвреме го запиша
нашиот животопис и животописот на времето;
на Оној што ја запиша и Неговата и нашата осама.
Тој е нашата врата низ која
ќе се напуштиме и себеси
и никогаш повеќе
никој и никаде
нема да нè –
привиди.

Штичето на кое го откриваше Бога
се одзиваше само на определен ритам
со кој се движеше раката на иконописецот.
На секој поинаков ритам – му соодветствуваше
поинаква боја.

Иконописецот го откриваше Бога нежно грепкајќи
врз штичката со заб од срничка или со рог
од еленче. И шепти: покажи ми се, о, Господи,
зашто јас Ти се молам, јас грешниот кој
ќе Те здогледа и открие, Господи.
Покажи ми се и помогни ми побрзо да Те
здогледам и откријам Тебе, кој создаде огромно
небо во кое ја збра сета историја и ги поврза
сите светови време: покажи ми се!

Ти си мајстор пред сите и над сите мајстори
зашто Ти нè поучи како да Те откриваме
врз голите ѕидови на нашите светилишта:
Ти сам ја оптегна сопствената кожа врз ѕидот
па така твојата кожа стануваше кожа



на храмот и кубињата.
Најболно беше со Твојата кожа кога
ги обложуваше сводовите... Гледајќи Те
како го правиш тоа јас осознавам дека духот
е најнапнатата тетива
а распнувањето на сопствената кожа –
најболен чин!
Но, зар Ти сакаш да знаеш за болка?

Тварта од која нè создаде Ти, Создателу,
ја подели на питагорејски прашинки
секоја од нив со сопствена идеја.
Така, Ти нè поучи дека сè е простор
и дека сè е во просторот, во тој феномен на духот,
но затоа Ти, на оваа икона, феномен си
на моето око. И еве – јас веќе Те откривам!
Еве –
јас веќе Те откривам...

Иконописецот, подгребнувајќи со коската
по штичката,
пред да го насетеше ликот на Создателот,
морници в коски го полазуваа
и од големи радости и возбуда
тој ќе скокнеше од столчето, ја ставаше
дланката врз иконата и насетуваше
постапно како се покажува
најпрво некоја заслепувачка светлина
а потоа и глас: тоа сум Јас, не плаши се,
лази со прстите по трагата што ја остава
Мојов глас дури ме откриваш...

Тогаш се свртуваше тој кон малите врзопчиња
од лненото платно во кои беа заврзани
сенки на стракчиња од првите билки
низ пустината, плодови собирани во Солунско
и на Света Гора и ѕвездени инсекти,
начичкани по лисјата на палмите
во долината на Нил. Ги мешаше нив,
сипеше капки утринска роса и убави соништа
и така правеше боила за праликот на Создателот
кој веќе се насетуваше на иконата.

Секое од боилата што ги правеше
соодветствуваше на глас на некој светец
од Библијата: црната боја потсетуваше
на Ева и на нејзината болка кон Авел,
а потоа, на таа боја се одѕиваше и жената на Лот
а по неа и Рута дури ги собираше
зрнцата жита низ ожнеаните ниви
на Стариот завет.

Штичката, напати, не можеше да го издржи
допирот на раката на иконописецот, а овој,
кој дотогаш нанесуваше тенки пластови темни бои
почнуваше да го открива Бога и божјото
нанесувајќи посветли бои и најнакрај – бела.
Така од иконата запљискуваа бранови светлина
и некое сонце кое изгреваше в полноќи
и никогаш веќе – не зајдуваше.
Светлата бела боја, монасите и иконописците
ја именуваа *оживка:* таа овозможуваше
нацртаните свирки и тапани на иконата



да се слушаат како сега да свират Мајовци
во дворот, а во очите на светците и ангелите
да се распознава крстот на кој бил распнат Исус.
Монасите со бела оживка ги мачкаа своите прсти
и нив ги лижеа низ Големите пости.

Иконописецот во себеси си велеше: како што имаш
две очи, две уши, две раце – така тебе ти
прилегаат и две пагурчиња. Едното, лево
од тебе, со осветена вода од Јордан;
оддесно, другото пагурче, а на него, од едната
страна Рахела и децата а на другата Суламка
и вино во пагурчето од нејзините Енгадски
винороди. Само на Голем петок иконописецот
се напиваше светена вода од левото пагурче.

И дури го откриваше постапно и мудро Бога
на иконата – тој тоа секогаш го правеше во
осама: остануваше сосем сам во конаците
а вратата на неговата ќелија ја оставаше отворена
сè дури во ќелијата не влезеше песна на птица
и глас на дете. Кога ќе се случеше тоа –
тој ја затвораше вратата: беше неопходно
дури ја открива сликата, песната на птицата
и гласот на детето да бидат покрај него,
тие за да бидат првата слика што ќе ја види Бог
кога ќе се покаже на иконата.

Дури се откриваше ликот на Бога, не беше
допуштено во близина да има куче,
зашто иконописецот толку верно ги откриваше

ѕвездите и месечината низ ноќта
што кучето почнуваше да завива и да лае
а лаежот негов можеше да се залепи на боите
на иконата и така да ја испогани и подиви неа.
И глас на жена не беше допуштено да се чуе
зашто некои годови и бои на иконата
беа посебно чувствителни на понежните женски
гласови: се одлепуваа од иконата и лазејќи
ги пресретнуваа распеаните гласови
на осамените девојки и жени,
се мешаа со нив во љубовни прашинки
кои ги осквернуваа невиноста и страдањата
низ целата Библија.

Иконописецот беше построг од пророците
и проповедниците и поправеден од апостолите
кои ги откриваше: не правам играчки туку
откривам светови,
невидливи и скриени длабоко во годовите;
го откривам зборот Божји и раката – творителка,
Негова; откривам епохи на големи духовни
причесни на времињата! Свети нешта кои уште
никој и никогаш пред мене не ги видел
онака како што јас ги гледам...

Се случуваше некои меѓу иконите да останат –
недокрајчени:
Луѓето од Долината не само што им пееја
дури го откриваа Бога или светците на иконата
туку и со целата своја вообразба и дарба
настојуваа во својот глас да го откријат



и населат и нивниот глас: гласот на Бога
и на светците околу него.
Во својот глас кога ќе го почувствуваа
и гласот на светите –
луѓето воскликнуваа од радости: Господи,
онаков каков што Си на небото – таков Те
открив и на иконата: и Гласот Твој и Очите
и Раката Твоја и Духот Твој, Господи...

И уште недоизречени зборовите на иконописецот –
се покажуваше смирениот глас на Бога
од кој престануваа сите ветрови и бури
и сите бранови по морињата:
Не восфалувај се себеси зашто не Ме откри
ти Мене туку Јас сакам таков да бидам
каков што ме гледаш!

Ужаснати од живиот глас на Бога,
најневините меѓу иконописците,
на место се скаменуваа па иконите остануваа
недокрајчени. Затоа,
во Долината на јадрите ѕвезди се сметаше
дека единствениот творец и на иконата –
е самиот Бог.

Македонците иконата ја именуваа *божјо*
а кога ќе ги земеа иконите в раце
и ќе тргнеа на литании пееја:
отворете пат божјото да мине...
Се случуваше, иконата која не им помагаше
на Македонците –

да биде казнета од нив: најпрво ќе им помогнеа
на светците и на дечињата и на птиците и на
јагненцата да ја напуштат, да излезат од иконата
а голата штица, потоа, ја фрлаа в – оган!
Во Долината на јадрите ѕвезди
сурово беа накажувани не само иконите
кои не помагаа – туку и оние на иконите
за кои не постоеше појаснување кои се и што се:
нема и никогаш нема да има икона – без зборови
кои да појаснат кој е или што е тоа на иконата...

Во зборот на иконата се крие силата на праликот
па иконата нема сила да помогне
доколку врз неа не е запишано името на светецот.
Без името на светецот иконата е обезличена
и немоќна. Безимените икони беа најнесреќни
и сами од себе споболуваа
а светците на нив –
се фрлаа во поганштилаци и блуд.

Во големите луњи и проклетилаци на Балканот,
кога не помагаа ниту зборот – ниту иконата,
светците сами ги напуштаа молитвите и иконите
и со голи раце се нафрлаа на несреќите.
Молитвите и иконите кои – или не сакаа
или пак не беа моќни да помогнат, туку само
ја услишуваа молбата на несреќникот –
најпрво од нив ги симнуваа светците, сосе
одежди и сосе небеска светлина и трпези,
и како празни штици или ги закопуваа покрај
мртвите или пак ги фрлаа по река...



Тешко им паѓаше на иконописците
чии икони немаа сила да помогнат но тие
никогаш не ги пуштаа своите икони сами
да бидат казнувани: тогаш иконописецот пушташе
брада каква што носеше првиот светец на иконата
и ја облекуваше истата одежда на светецот,
сам копаше гроб во гробиштата за иконата
и сам ја погребуваше. Не се случуваше
иконописец чија икона била накажана –
одново да седне и одново да почне
да прави нова икона.

Оние кои немаа ниту душа ниту пак вообразба
да го откриваат Бога и да му служат нему – најпрво
со азиски меч ги обезличуваа и прободуваа а потоа
на купишта ги фрлаа иконите
и заедно со светците на нив или ги палеа
или пак ги закопуваа кај ќе најдеа.
И тоа не траеше само еден ден или една ноќ,
година или две, туку сè од 726 и до 843 – кога
ниедна икона ниту се направи ниту пак
се возобнови. Тоа беше најголемата погибија
на светците: низ сите времиња и низ сите царства!
Иконите имаа иста судбина како и луѓето во Македонија
кои ги создаваа и веруваа во нив.

Секој жив на македонската земја кога ќе го
прашаа: паметиш ли нешто и што паметиш,
луѓето одговараа: иконите ни проповедаа
вселенски плач и страдања и низ нив
сета македонска земја,

сосе живи и сосе мртви,
ја допре Византија и нејзините морињa. Во
тој свет брановите на моријата се извишуваа
над кубињата на Аја Софија и Богородица Перивлепта;
тие бранови нè поучија дека историјата на
осамата во исто време е осама и на
историјата; радоста на огнот дека е и –
оган на сите радости.

Луѓето од Долината знаеја дека нивниот предел
е предел на богови и на вери и дека корените
на тие луѓе се подлабоки од сите морињa и од сите
корени на Византија.
Луѓето кога тргнуваа со иконите пред себе
мајка ми велеше: крстете се, денес апостолите
се собираат на Јордан; за иконописецот дури ја
откриваше иконата, велеше: крстете се, денес
иконописецот од ќерка му Велика прави Богородица...
Едноставно: мајка ми во иконата до влакно точно
го читаше и одгатнуваше она кое беше запишано
во книгите! Таа не умееше да појасни
но непогрешно претчувствуваше дека псалмите
и убавицата од Песната над песните
ја возбудуваат иконата: штичето нивната убавина
не може да ја издржи; штичето од нивниот глас
и порив пламнува и се спепелува! Не може тоа
чесно дрво да го издржи допирот на вљубените!
Штичето или – полудуваше или пак ќе се искривеше
а светците на него ги подаваа своите раце
и се фаќаа за неосквернавените раце на оние кои
се молеа и крстеа пред нив – и не ги пуштаа:



сè што е објава – светлина е, велеше иконописецот,
зашто мракот е бесплоден, – додаваше тој
и продолжуваше да ја осветлува ноќта
нанесувајќи тенки пластови оживка врз иконата.

Луѓето од Долината знаеја дека секоја икона има
своја мајка и свој татко: своја предлошка од која
е создадена и тоа блиско сродство
со книгата за луѓето беше повеќе од јасно:
за нив беше сеедно дали ќе се поучуваат од
Светото писмо или пак од светата слика.
На народите кои не умееја да го откриваат
и создаваат Бога, луѓето од Долината
им ги подаруваа своите икони и своите книги
а кога остануваа сами – тие се крстеа
еден во друг и си коленичеа еден пред друг.

Луѓето од Долината убаво знаеја
дека и црквите, како и иконите и книгите,
се умни места и дека, независно колку се големи
или мали – тие не се видливи за очи кои
духовно не гледаат. Тие, исто така, знаеја
дека иконописецот умее да ги наслика и молитвите
на луѓето, но бидејќи и луѓето и молитвите
денизден се менуваат и стануваат поинакви,
некои од иконописците се обидоа место ликот
на човекот – да го запишуваат неговиот глас:
гласот паметеше сè: тој беше зона и на боите
и на духот: згуснати бои – згуснат звук!
Звукот и бојата, велеа луѓето, имаат ист корен
и исто духовно стебло како и – зборот:

во нив беше засолнето едно и исто паметење
па затоа оној што се колнеше во зборот
стоеше отаде иконата
а оној пак кој се крстеше и молеше пред неа –
изумуваше на зборот.

Затоа на иконите можеа да се видат и тела
и души на страдалници, отроци и момоци,
лукче и вино на трпеза, сенки на нечестиви,
луѓе обдарени со мудрости и страдања,
проповедници и апостоли кои го виделе Исуса,
бедни кои беа создадени по божја волја
па затоа се сметаа и за обесправени...
На иконите можеа да се видат лепости и нелепости,
шлемови и камбани, неправди и заблуди,
лажливци и презрени, праведни и неправедни,
луѓе кои им се противставувале и на височините
и хулеле по Бога,
можеа да се видат патријарси и неверници,
нечестиви и незнајни;
имаше на иконите и кротки и скромни,
и мудри и достојни на кои сонцето им беше
единствен сведок дека постојат.
Имаше и возљубени и совршени, беспорочни и свети,
незнајни и гнасни, кадила и светци,
винороди и суши, покорни и верни,
гранки и корени, ини и скорб и исцеленија
и сострраданија:
на иконите можеше да се види сè
а сонцето на сите им беше и единствен сведок
и нивна свеќа



и кадило
и псалм.

Иконата беше свето писмо што им го испраќаше
Бог на сите кои веруваа во него:
едни ги одгатнуваа неговите заповеди и мисли
скриени низ брадата, други – низ одеждата,
но, сите заедно
во длабок занес ги молеа светците
за спас и спокојство на оној свет:
Бог, најчесто, ги одбиваше нивните свети дарови
Бог како жртва ги сакаше нив самите.

Иконите во Македонија не му беа само
врсници на Бога
туку и дедовина на Македонците:
на иконите не беше тешко да се распознаат
истите ликови и истите предмети,
истите огништа и тланици околу кои
уште светкаше жарот на нивните предци.
Иконописците,
насекаде низ своите соништа,
се среќаваа и со форми и со ритми
со свирки и со митови
од древниот свет на Македонците,
но сите нив, заедно, и ритмите и формите
и свирките и митовите,
сосе скаменетите сеќавања
ги собираа во врештина и скришум ги ставаа
визглавје. Знаеја тие добро
дека жртвените дарови знаат да се разбудат

од својот сон и да ги убијат оние од кои
беа жртвувани! Затоа сите иконописци
кога ги прашуваа – каде одите,
тие како еден одговараа:
одиме да си ги прибереме коските и зборовите
на предците: без нивните коски
и без нивните зборови
не заврзуваат
ниту нашите коски – ниту нашите зборови.

Насекаде низ Македонија и отсекогаш се знаеше
ниту живите ниту мртвите во Македонија
дека не можат без словото, без зборот:
немаше ниту една икона
ниту пак светец на иконата
а на иконата да не е запишано името
на светецот или пак на настанот.

И никогаш луѓето од Македонија не се молеа
пред икони на незнакоми или пред икони
на туѓи народи: сами сме грешници – сами
ќе си бидеме и светци и икони, велеа.
За нив беше сомнителна светоста
на она писмо кое не го познаваа
и на оној светец кој никогаш претходно
не го ни чуле ни виделе. Светците и оние
околу нив кои им се молеа
беа блиски, свои, другари и собеседници:
едните се молеа и се исповедаа
а другите слушаа и сочувствуваа.
Добрите верници не им се поклонуваа на иконите



на кои беше претставено распетието Христово
зашто таму, околу Исуса
имаше туѓи војници и издолжени копја.
Првин ние одевме по сечилото на сабјата
а потем сабјата – по нас...

Со години и години гледаше
дениздени селаните тука како раскопуваат
коски и зборови
и како никнуваат полни леи
христијански страдања и чест.
Самиот беше вљубен во икона
на која не се распознаваше ништо:
доколку повтеше да ѝ се помоли и исповеда
на иконата и доколку се прекрстеше за да ја
целува -
усните негови изгоруваа во пламен
зашто под белите наслојки на иконата
се криеше Суламка
низ винородите Енгадски...

Со години и години гледаше
луѓето од Долината како ѕидаат светилишта
кои беа комплетни биографии
на византиските векови. Во тие светилишта



неговите предци ја запишуваа и својата
осаменост но и осаменоста на светците и светот.
Тие светилишта постапно се преобразуваа
во големи врати на времето
низ кои секој можеше да ја напушти осамата
на својот род и дом и да се насели
во недоодните пустини на сопствената осама.
Тој тие пустини ги гледаше длабоко во себеси
и никогаш не стигна да ги доизоди...

Тој знаеше дека
оние кои го пишуваа ликовното писмо
се најблиску до Бога. Некои од нив и прилегаа
на него: се сеќаваа на нешта кои се случувале
во самите искони
и умееја со денови и со ноќи
да разговараат со тревките и светулките.
И самиот се обидуваше да влезе во пределите
на исконите,
влегуваше во светот на вообразбите преку зборот
и гледаше дека луѓето во тој свет
беа секакви но не и како нас
зашто ние најмногу сме - никакви!
Пределите на преобразбите беа погодни
за средба на природното со натприродното
и велеше: деца сме на дамнешни води
и дамнешни сонца
во кои мајката и рожбата
и жртвата и дарителот се врсници.
Посебно го возбудуваа метафорите на парадоксот:
телесната смртност кога се пресоздаваше

во духовна бесмртност
и кога Бог ја одбиваше нашата жртва
зошто како жртва нè сакаше нас, самите.

Со години и години гледаше и само гледаше
и велеше: што сте се загледале во мене
како никогаш да не сте ме виделе?
Гледајте го оној
кого никогаш веќе нема да го привидите
- освен на иконите...

# ПЕСНА XIII

## *Ѕвезден камен*

5480–5482 *Пѿицаѿа ѿосѿаѿно осозна*
*дека совршенсѿвоѿо е едно бесконечно*
*ѿреѿовѿорување на нејзиниоѿ леѿ.*

5514–5518 *Каменоѿ долго не можеше да сфаѿи*
*зошѿо зборовиѿе ја кријаѿ и двоѿолносѿа*
*на свеѿоѿ! Точно заѿоа ѿој*
*кон ѿеснаѿа се однесуваше и како браѿ –*
*и како сесѿра.*

5582–5586 *А кога ќе дојдеше време да се дига восѿание*
*ѿѿицаѿа дробеше ситни зрнца од каменоѿ,*
*ќе ѿронижеше конец низ зрнцеѿо*
*и на секое ѿиленце му обесуваше*
*амулеѿ од црвен камен од Македонија.*

5612–5615 *По небоѿо ѿловеше мал осѿров*
*во облик на ѿѿица:*
*ѿѿицаѿа сонуваше да ја ѿревозмогне смрѿѿа,*
*каменоѿ коѿнееше да го доѿре својоѿ ѕвезден корен.*



5870–5871 *Ѕвездиѿе не можеа да бидаѿ замена за ѿоѿомсѿваѿа*
*само ѿоѿомсѿваѿа на каменоѿ не одминуваaѿ...*

5766–5769 *Заедно со ситѿе гледаше и Тој*
*и не можеше да се изначуди*
*одеднаш како исчезнуваше, како го снемуваше она*
*кое немаше време во себеси.*

Птица цел живот надлетуваше над еден камен:
утринум ќе откликнеше, ќе полеташе високо
а потоа долго рееше, стоеше како окована
во една точка на небото, од каде што нејзината сенка
паѓаше точно врз каменот. Така,
каменот никогаш не останува сам:
кога не беше птицата –
врз него се нишаше нејзината сенка.

Квечерина, кога ќе се враќаше од некаде птицата –
таа одново застануваше на истата точка на небото
па нејзината сенка одново паѓаше врз каменот
а потоа и самата слетуваше на него
за да преноќи тука,
склопчена над својата сенка и саноќ пеејќи.

Птицата постапно осозна
дека совршенството е едно бесконечно
преповторување на нејзиниот лет па постојано



кружеше и откликнуваше,
слетуваше и одново полетуваше.
И не се памети за таа птица
да застанала на некој покрив,
на некоја гранка, во некој грм.
Постојано беше на каменот и со каменот:
самата или – нејзината сенка.

И постојано му пееше на каменот:
и не толку за да го развесели или охрабри
колку да го подуспокои, да му каже дека
и таа е тука и дека не го остава сам.
Кога ќе ја чуеше песната на птицата –
од возбуда каменот почнуваше да трепери;
го вознемируваше некоја голема тага
зашто од некаде тој се сеќаваше на таа песна,
претходно веќе тој некаде ја чул:
неговиот живот тогаш, збор по збор,
слог по слог и буква по буква
ја откопуваше песната од некое сеќавање
и само молчеше:
каменот добро знаеше дека во јазикот,
во зборот, може да се умре
и затоа треба да се молчи. Да се зборува –
без зборови!
Каменот убаво знаеше дека во овој живот
летаат и пеат птиците онака како што некогаш
пееле и летале камењето.
И сеедно што својот живот го живееше молчејќи
каменот добро знаеше дека неговиот живот
е оној живот

што никој друг освен него
не може да го живее. И уште си помислуваше:
не четири туку – две, и не две туку –
само едно! Сѐ е само едно и единствено – едно!
Сѐ што било и се разделило –
одново ќе се здружи и одново ќе биде –
само едно! Адвига, птицо, каде си?

Кога остаре птицата,
песната ѝ стануваше сѐ поразвлечена
и понеразбирлива. Тогај каменот,
за подобро да ја слуша и разбере песната –
се поткреваше на прсти
и санок бдееше слушајќи ја.

Постапно и каменот почнуваше да пее:
се сеќаваше на сите песни што ги пееше птицата
и секоја нејзина песна ја пееше
на чуден начин: ја расчленуваше
на долги воздишки меѓу слоговите
и гледаше потоа тие воздишки
како се пресоздаваат кај во страв –
кај во некој скриен гнев.

Каменот долго не можеше да сфати
зошто зборовите од Македонија ја кријат и двополноста
на светот! Точно затоа тој
кон песната се однесуваше и како брат –
и како сестра.
Птицата спрема каменот се однесуваше како
Исус спрема Бога, како ноќта кон – утрото.



Каменот и птицата беа слика и копија,
едната половина на едното –
беше другата половина на другото!

Со неповторлива љубов каменот ја изучуваше
птицата. Кога ќе полеташе таа –
тој се обидуваше да се помрдне,
да се подисправи, да се преврти,
да заземе положба во каква застануваше
птицата пред да запее и да полета:
каменот од дамнини знаеше
дека птицата им претходи на сите движења
и дека има сила да ги здружи нештата
човекот што ги разделил.
Не сум јас светец-испосник, велеше,
туку пастир на соништата кои поучуваат
дека треба да се лета,
да се здружуваат земјата и небото.
Птицата, пак, од сосема бела –
брзо посивуваше
а гласот постапно ѝ стануваше
и тежок и студен.
Кога паѓаа слоговите од нејзината песна –
се слушаше како удираат на земјата
како камчиња да паѓаат од бројаниците
на Бога.

Санок каменот и птицата се милуваа,
се гушкаа. Птицата тивко потпевнуваше
и каменот низ порив и мисла
ја оплодуваше неа:

не сум јас светец-испосник,
туку пастир на соништа. Твое е да ги
здружуваш небото и земјата
а мое е –
да ги овековечувам.

Врз каменот птицата ги изведуваше
своите малечки. Тука им го свиваше гнездото,
тука ги хранеше и ги растеше,
тука ги учеше да пеат и да се молат:
наутро како христијани, загледани кон –
небото,
навечер како – муслимани, загледани кон –
земјата.
А кога ќе дојдеше време да се дига востание
птицата дробеше ситни зрнца од каменот,
ќе пронижеше конец низ зрнцето
и на секое пиленце му обесуваше
амулет од црвен камен од Македонија.
Пиленцата тогаш полетуваа
и таму кај што ќе слеташе нивното јато –
таму се збиднуваше најлутото боиште:
птиците му ја одредуваа судбината на човекот –
од првата птица која го памети времето
на создавањето и сè до птицата која го
надлетувала Авела, сè до птицата
која го придружувала Ное, сè до птиците
кои со своите клунови и крилја
ги одредиле мегите во кои ќе се гради –
Александрија.
Она кое селаните никогаш не го научија –



птиците го знаеја добро:
се враќаа од боиштето пеејќи му на животот
зашто животот беше единствениот сведок
од војните во кои
најнапред тргнуваа јатата птици
за да го означат боиштето,
по нив тргнуваа селаните, и по нив
глутници волци во чија крв
беше запишан календарот
на сите идни погибии на македонските селани.

Каменот не е светец - испосник, помисли Тој,
туку пастир чии соништа
пасат отаде светлината.
Каменот не е неграмотен: неговата беседа,
граматички прецизна, семантички возвишена,
самогласките на неговиот молк -
ѕвездени...

Овие ридови се мојата библиотека,
мојата света книга;
низ нејзините страници и молитви -
мојот скаменет народ.

Не можеше да издржи гледајќи
каква тага го измачува каменот
кога е без птица:
се наведна, го бакна
а потоа врз каменот ја издлаби
истата птица која слетуваше на каменот



и му пееше.
Истиот час птицата ги рашири крилјата,
почна да се поткрева
и заедно со каменот -
полета:
по небото пловеше мал остров
во облик на птица:
птицата сонуваше да ја превозмогне смртта,
каменот копнееше да го допре својот ѕвезден корен...

Не би се поистоветила птицата со каменот
доколку во него не ја препознаеше
и пресликата на иднината:
каменот со мисла ја оплодуваше неа
зрачејќи некаква вечност и моќ:
нему му припаѓаа бесконечните полиња на мртвите...

Кога одмина времето,
птицата кога снема веќе сили
ниту да полета ниту пак да слета,
Тој застана покрај каменот
и со длето,
остро и пробивно како светкавица
и направено од неосквернавен и звучен камен,
со каков пророкувала и нашата Голема мајка,
почна да длаби во каменот.
Не помрднувајќи се птицата стоеше покрај него,
ѝ го проучуваше обликот,
ѝ ја мереше и нејзината сила и нејзиниот век,
и пладнето,
птицата кога беше веќе издлабена во каменот,

онаа вистинската,
според која ги обликуваше и телото и душата -
полета! Исчезна и никој веќе неа не ја виде!

Не исчезна птицата, помисли Тој,
оваа птица, во каменот, е истата птица
која со векови надлетува и слетува на него!
Птицата ја слушна неговата мисла,
ја сврти главата налево-надесно,
побара излез од себеси, од своето тело,
и знаејќи дека така почнува бесмртноста -
откликна многу поинаку од обично:
нејзиниот отклик
криеше во себе нешто од тајните и силата
на светкавици кои се преповторуваат.
Тоа беше отклик на среќно суштество
кое од тој час ќе живее во и со каменот;
и среќно уште што од тој час
ќе го живее неговиот бесконечен век.
Птицата има смисла, помисли Тој,
доколку нејзината сенка паѓа отаде вечноста.
Не беше неопходно да крши камче од каменот
и да го пронижува за да ѝ го обеси
како амулет на птицата:
нејзе сега целиот камен ѝ беше
и судбина и амулет: Хронос ѝ беше маж,
проколнат сам да си ги раѓа
и сам да си ги задавува и јаде децата...

Ги рашири крилјата, замавна со нив и
откликнувајќи



полета заедно со каменот
и исчезна во небесата!

Тој го гледаше сето тоа:
мал небесен остров кој им претходи
на сите свети песни и преданија.
Ѕвездите не можеа да бидат замена за потомствата
само потомствата на каменот не одминуваа;
тие секогаш беа тука - во сите времиња
и низ сите времиња!
Квечерина слета птицата сосе каменот,
на истото место од кое полета
и тука преноќи...

Озвезден каменот,
заедно со птицата со која веќе беа
едно и исто, слетаа точно на местото
во малата длапка која му беше постела
од дамнини:
не можеше каменот без својата посестрима -
земјата!
Не помисли никогаш да ја напушти неа;
порив му беше само еднаш да ги допре
своите ѕвездени корени и одново да се врати
откај што го понесе птицата.
Гледајќи го сето тоа Тој се сети и на Исуса
и на гулабот што го обликуваше Исус од глина
и кој единствен меѓу сите гулаби
на другарите Исусови - полета! Тогаш помисли:
точно е - мислата е најбрза птица...
Точно е: Исус, неговата птица и тој камен,

најсветото меѓу сите книги,
ќе ги заштитат невините на Судниот ден!

Тој беше уверен: птицата веќе осознало
дека каменот нејзе ќе ѝ биде света книга
во која вечно ќе престојува
и дека нејзиниот живот без каменот
веќе не е можен.
Без каменот птицата ќе се пресоздаде
во живот на билје кое се суши
и кое ветровите го разнесуваат.
Во каменот и заедно со него
птицата може да стигне до кај што се здружуваат
сите мориња и сите пустини на времето
во едно. Само во -
едно...

Кога одмина времето,
птицата кога веќе снема сили
ниту да полета ниту да слета,
Тој одново застана покрај каменот и поверува:
тоа е тоа птица, Исусовата,
само тоа има духовни сили
да помети кога и од кого е создадена.
Што е ова кога го прашаа,
што е тука камен а што е птица,
Тој ги поткрена рамињата
и тоа беше неговиот одговор.
Одново кога го прашаа: прелот ли гледаш
вакво чудо - камен што лета,
тој пак ги подигна рамињата



и не изусти ниту збор. Тој добро знаеше
*дека каменот и птицата во каменот*
не само во мислите, туку и во нивните очи и уши,
во јадрата на сите нивни клетки,
во коските и во месото свое - носеа ситни,
невидливи зрнца семе од својата земја
и летајќи ја расфрлаа нејзината иднина
низ иднината. И каменот и птицата во каменот
знаеја дека едно без друго не можат
човекот и земјата но и иднината без нив.

Размислуваше зошто уште од раѓање
луѓето од Долината
разликуваат голем и мал век,
мало и големо време:
малиот век им беше времето во кое
овладуваа со стравот и го отфрлаа него
а голем век им беше времето
во кое преку камени птици учеа
да разговараат со идните прастолетија.
Тоа, всушност, беа возвишени зрачења
на нивниот дух
кој сјаеше по цели векови
сè дури јасно не се здоглeдаше она
кое за сите други беше невидливо.
Тој чин на довикување на времето
го чувствуваа како расејување на семето во бело
а тоа значеше и нивна преобразба
од жолто во бело,
премин од човечко во - невино.
И сето тоа, тој премин,

тоа нивна светлосна преобразба,
значеше по неброено пати да го претрчуваат
и препрочитуваат писмото на ливадите и на карпите
и да палат огнови триеќи самогласка од самогласка.

Човечки беше
минувачите низ овој свет
да не го забележуваат тоа.

Сето тоа
луѓето од Долината го поимоа за време
и сè она кое исчезнуваше или пак се создаваше
беше нивно сопствено време: никој не му зајмуваше
време на другиот
ниту пак тоа можеше да се случи.
Заедно со сите гледоше и Тој
и не можеше да се изначуди
одеднаш како исчезнуваше, како го снемуваше она
кое немаше време во себеси: -
како никогаш и да не било;
како сè да било само поштук и привида...

И ноќта долета од некаде и слета пред него
непозната птица која наваму тргнала
на самиот ден на Создавањето на светот
и му пее застаната на неговото рамо:
Среќна 2000 година!
Чудна птица: зборува и се распаѓа на зборовите
што ги изусти: сивкави, морови зборови
од кои почнува да светка и да гори
како во Зачниден.

# ПЕСНА XIV

## *Бели ветрови со црвени гриви*

5792–5796 *И дома се враќаа според миризбата*
*што ја развејуваа ветровите на Ајсхил*
*и гледаа*
*Егејското Море*
*како им цвета на мртвите...*

5822–5824 *Опитот на ветровите поучуваше*
*бесчесните дека нè напуштаат*
*и кога никој не ги гони.*

5848–5850 *Раскопуваа под сите жртвеници и гледаа*
*тревата како израстува*
*и над праведните и над неправедните.*

5877–5881 *Ноќи и ноќи откако ќе престанеа ветровите*
*луѓето продолжуваа да скитаат низ себеси*
*и како древни еуриноми*
*ја будеа и најдребната честица*
*успана во нив...*



6002–6004 *Ах, тие оседлани коњи,*
*тие бели ветрови со црвени гриви*
*на кои јаваат потомствата на историјата.*

6057–6059 *О, ветрови!*
*Знам многу што и кога да се урива во овој живот –*
*не знам како!*

Луѓето во својата постојбина
се делеа на оние кои се тука
и на оние кои се таму. Едни за други
велеа: не се тука Тие: само еден
живот не дели од нив и –
ништо друго.

И времето тука се делеше
на време на ветрови и време на суши.
До коска сушите кога ќе ја исцицаа земјата
луѓето на својата кожа
тетовираа амајлии од црвен ветер
и дома се враќаа според миризбата
што ја развејуваа ветровите на Ајсхил
и гледаа
Егејското Море
како им цвета на мртвите...

Тоа беше сè
мртвите што го имаа од животот.



Живите веруваа
повевот на тихиот ветер дека е здив
или на некој осаменик меѓу мртвите
или пак на сите нив, заедно:
што ги измачува мртвите,
се прашуваа тогаш луѓето,
со што ние, живите, можеме да ви помогнеме,
о, беспомошни,
о, наши?

Наспроти остарените ветрови
кои немаа сила да издржат тример
за да се причестат –
ветровите кои се покажуваа в зори
беа надарени да пророкуваат:
им ги крадеа сонииштата на живите,
ги развејуваа како семе,
и жени,
со денови и со ноќи,
со денови и со ноќи талкаа низ полињата
и ги собираа расфрланите зборови
од чија тага
најпрво јагленосуваше слухот
а потоа и душата:
опитот на ветровите поучуваше
бесчесните дека нè напуштаат
и кога никој не ги гони
и дека дарбата да се страда заради толпата
е најголемо и најчесно
меѓу сите проклетства:
многу им должеа на оние кои не ги сакаа,

и дури сега осознаа, о, Вислава,
сè за краткиот живот на нашите предци
и за староста која е привилегија
само на камењето и на дрвјата.
Затоа ме откриваат во каменот,
затоа отпочинуваат
потпрени врз стеблото во кое се пресоздавам:
јас веќе гледам – меѓу две битки
како се влечкаат потпирајќи се еден врз друг
македонски војници,
и секој во рацете со по една гранка,
и во гранката птица од родниот крај
која на војникот му ја прераскажува епохата
на љубовта кон другиот
како се преобразува во псалм на морето
кое залудно ќе се бранува по нас...

Од оние кои тргнуваа и го следеа патот на ветровите –
никогаш, никаде и никаква трага
веќе не се покажа. Други пак,
раскопуваа под сите жртвеници и гледаа
тревата како израстува и над праведните
и над неправедните; и врз причините и
врз последиците. Гледаа нивните страдања
како се пресоздаваат во литании и псалми
и продолжуваа да ја бараат Кулата на ветровите
за од неа да ги здогледаат вратите божји,
влегуваа низ тие врати,
продолжуваа накај Исток,
бдееја по крстопатите,
го усовршуваа својот страв



и се мачеа да одгатнат
стракчињата билки тука
зошто се свиваат во обратна насока
од насоката на ветровите!
Се чудеа на црвените рози
кои не само што го паметеа гласот на Адонис
туку секоја од нив на неговиот глас
ја пееше и песната која тој
умирајќи
им ја пеел на ветровите и на Афродита:

*О, ветрови, о, јарки*
*црвени зборови, од кои се раѓа светлината*
*и се прочистува духот,*
*о, пророштва,*
*понесете ја далеку згаснатата мисла*
*и со волшебната сила на својот пев*
*разбудете ги сите огништа*
*на успаната земја!*

Ноќи и ноќи откако ќе престанеа ветровите
луѓето продолжуваа да скитаат низ себеси
и како древни еуриноми
ја будеа и најдребната честица
успана во нив.
Одново кога ќе зататнеше морето
тие добро знаеја
дека тоа наскоро и ќе се исуши
и дека одново ќе се воспостави
царството на хаосот и огнот.

И доаѓаа тогаш во свеста нивна
сенките на трите праведни момчиња
кои фрлени во пламенот
му пееле на огнот кој ја буди успаната земја.
Тогаш низ голем тресок
луѓето ги урниваа сите ѕидишта
и во смртен страв прашуваа:
гледате ли земјата одново како се отвора
за да ги прими и песната
и судбината и крвта наша?

Низ долгите ноќи, потоа,
во кои трештеа свирките на мртвите
живите одгатнуваа дека наскоро
на нивните врати ќе затропа оној
кој со жезол во раката
ќе праша:
*се случи ли при вас*
*во јавна светлина на битките*
*другите да си го даваат животот за татковината*
*и мермерот сега само да се сеќава на нив*
*а т о ј, незнаен,*
*да скита низ омразениот град*
*и да прави поинакви нешта*
*од другите:*
*да се одрече од својата чест,*
*да ги предаде оние кои го сметаа*
*за свој пријател,*
*да купува совест,*
*да го намрази името на татковината*
*да се помири со бесчестието?**

* Х. Л. Борхес: „Предавникот“.



Се случи ли тоа, тој, предавникот,
да се роди и да прошета и низ вас
и низ татковината ви?

И молчеа луѓето и во својот молк
тие ја распознаваа сенката на оној
кој скита и прави поинакви нешта
од оние кои во јавна светлина на битките
си го даваа животот за татковината.
Мртвите не изумуваа ништо од животот
и уште помалку чекаа од него:
она што го бараа живи –
продолжуваа да го бараат и мртви:
ги спростираа своите соништа на ветрот
и слушаа како надоаѓаат големи хорови
откај морето; распознаваа гласови
што се покажуваа од дамнините
и не им веруваа на своите сопствени очи:
се гледаа самите себеси седнати
покрај морето како пеат:
и кој ќе легне ќе се кае,
и кој ќе стане ќе се кае,
и кој верува ќе се кае,
и кој не верува ќе се кае...
Ги испружуваа дланките, потоа,
и на дланките се препознаваа себеси – ветер
и син чад што се влечка зад облаците...
Гледајќи се сами себеси се откриваа:
сто животи без тебе – ниеден живот.
Сто умирања со тебе – ниедна смрт!

А мртвите не изумуваа ништо од животот
и уште помалку чекаа од него:
она што го бараа како живи –
продолжуваа да го бараат и мртви.
Некаде пред зори,
кога ќе престанеа да свират,
тие со своите свирки и тапани
одново се враќаа во гробиштата
и сите напеви што ги пееја низ ноќта
ги пееја на тенки, издолжени и просветлени
гласови
кои некаде пред зорите
во долги низи ги бесса за ѕвездите.

Што сте се распеале, прашуваа тогаш живите,
каков тоа страв ве прогонува, о, мртви,
па не престанувате?
Каков тоа ужас ве прогонува
какви тоа длабочини ви се запишани во очите
и сега ве влечат кон дното,
кон подземните острови кај што
во голем оган одамна пламнаа
сите празнични трпези
и остана озарена само книгата
со вашите инсигнии?
Каков тоа страв ве прогонува, о, мртви?
Што сте се распеале, о, мртви?

Сме се распеале за да ве распееме,
она кое ни го кажувате нам –
прво да го чуете сами.



Никаков призрак, никаква светлина
нам не ни е нужна, освен –
песната на живите. Вашите свирки, о, живи,
се наше откровение и наше воскресение,
но, што се случи – песната ваша веќе не се слуша?

Ние подобро од вас знаеме
дека и за да живееш и за да умреш –
неопходен си ти, самиот:
секој себеси и Вели петок и црна земја!
Ние тоа најдобро го знаеме.
Верувајќи му на Бога
ние како живи пеевме: сите наши извори
се во Тебе, о, безгрешен и еден;
Сега пееме: сите наши извори сте вие, о, живи...
но, песната ваша не се слуша?

Живите слушаа и не веруваа...

И тогаш одново вивнаа ветровите
и со голо око можеше да се види
како се покажува сенката на оној
кој со жезол в рака толкува
дека секој ветер има и свое семе
и своја матка
во која семето созрева и расте
и дека секој ветер се обидува
да нè сведе сите –

и мртвите и живите –
на неговото битие.

Ах, тие оседлани коњи,
тие бели ветрови со црвени гриви
на кои јаваат потомствата на историјата.



Знаеше Тој за ветровите, и за северните
и за јужните, и за ветровите на розите
и за ветровите на кулите,
и за големите ветрови на кои јаваа
побогатите богови, и за малите ветрови
кои оставаа густи валма мрак зад себе.
Знаеше Тој за тие оседлани коњи,
за тие бели ветрови со црвени гриви
на кои јаваат потомствата на историјата.

Знаеше Тој за горите
кои се топат како восок пред боговите,
за земјата која потскокнува од радости,
за радоста и на островите далечни...
Знаеше за оној на кој ветровите му беа
гласници а огнот - слуга,
оној, чии години се протегаа
од род на род и од историја на историја,
оној кој на секое совршенство му здогледуваше
граница а само неговиот закон беше - безграничен.

Во него веруваше Тој и нему му пееше:
мојата душа како изгорена земја
само по тебе е жедна, о, Господи на осамата,
о, крепости на моето искушение:
да те послушам Тебе значи да се предадам
на толпата; да се слушам себеси -
значи да останам сам!

Сепак сам!
На дар од Тебе јас тогаш би побарал
само една света самогласка
која да биде само моја
и која да биде клуч
за сите заветни тајни, ритми, бројки.
Да биде клуч кој ќе ги отвора тајните
според кои, и таков каков што е
треба да се сака животот
но не од високо како ѕвездите:
и без да знам сакав да бидам сам:
зар ѕвездите знаат зошто и за кого трепкаат?

Во летни квечерини
ме допираа и ги допирав сувите ветрови
во крејсана кошула по рабовите
кои се враќаа од нашите густи домнини
но никогаш, никаде и ниеден ветер
не видов да го стигне животот.

Фучеа над ридовите, ги виткаа стеблата,
шетаа над езерото во Охрид,
го брануваа Граник



и залудно се измачуваа
да ја откопаат најдлабоката Троја
за да ги допрат сенките на Македонците,
на Фригите и на Пајонците,
на Пирејхме и Астеропај...

О, ветрови!
Знам многу што и кого да се урива во овој живот -
не знам како!
Ах, тие оседлани коњи,
тие бели ветрови со црвени гриви
на кои јаваат потомствата на историјата...

# ПЕСНА XV

## Скриј се во осама

6064–6069 *Живи или мртви – тие секогаш беа*
*или во зборовите или со зборовите: се движеа*
*низ нивните скриени значена, танцуваа во нивните*
*ритми, со нив шетаа низ големата и сеопшта*
*светлина – но со сопствена*
*болскаа и управуваа со себеси.*

6173–6176 *Чуму знаци во безначје, – пеја децата*
*кои сè уште не постоеја, и чуму живот*
*кога за животот нема од кого да се –*
*страхува?*

6244–6246 *Ѝ правеа споменик на птицата:*
*ја водеа на причесна*
*и причестена ја пуштаа да полета.*

6284–6287 *Го допираа Цезар*
*и неговите зборови:*
*најчесто биев битки за победа а само еднаш –*
*за живот!*

6364–6367 *Моите зборови не се како другите зборови,*
*моите зборови се Тереза Авилска:*
*Скриј се во осама,*
*но и осамата скриј ја...*

Во Долината само на луѓето не им подигнуваа
споменици. Живи или мртви – тие секогаш беа
или во зборовите или со зборовите: се движеа
низ нивните скриени значења, танцуваа во нивните
ритми, со нив шетаа низ големата и сеопшта
светлина – но со сопствена
болскаа и управуваа со себеси.

И на Зборот и на Луѓето во Долината
од иста светлина им беа составени и коските
и душата и сенката и сонот и постојано
го оплакуваа вечниот и семоќниот
кому не му беше дадено ниту да сонува
ниту пак да зборува: неговите зборови
беа сосем видливи и нив секој можеше
да ги допре. Нашите – никој! Дури ниту ние –
самите!

Имаше мигови луѓето кога проповедаа
дека сонот за земјата е поволшебен и позначаен

од сите други соништа. Тврдеа дека во еден
од нивните зборови откриле предел
со кој не можеле да се споредат пределите
на сите знајни и незнајни галаксии и ѕвезди:
со ѕвездите, тврдеа тие, ќе бидеме и нешто
постојано и нешто едно и исто со нив. Тука,
на земјата, сме одвај колку да ја потврдиме и колку
да нè потврди нас: прва буква со која
се означува крајот.

Имаше, исто така, мигови, само неколку
зборови од нивниот јазик,
кога сожимаа цели свитоци галаксии и
ерови, и сите наизуст ги знаеја. Секое утро
и секоја вечер го преповторуваа
разговорот меѓу Каина и Авела во пустината.
Тоа им беше и четиво и молитва:

– З?
– Є!
– Д?
– Ш!
– М?
– Ѡ!
– АУ...
– УА...

И сите знаеја: претпоследниот,
и особено – последниот ред на овој разговор
дека биле – окрвавени.



Така,
во Долината само на луѓето не им подигнуваа
споменици: го сметаа тоа за голема навреда
и понижување, зашто сите луѓе тука беа на кратко
и секој меѓу сите беше жив споменик
кој постојано се движи, секаде застанува
дише и љуби. Затоа тие од својот речник
засекогаш го избришаа зборот што означуваше
споменик а во замена на тој збор
во својот јазик тие изнајдоа нов збор за
детето кое во ноќите на Големата ѕвезда
над Витлеем
остана незаклано од Ирода. Тоа, уште ни годиначе,
го измамиле да го протолкува првиот збор
од одговорот на Авел
(со празното свртено кон исток!)
и еве, невидното, што протолкувало:

– ∪...
– ∩...
– ω...
– ∩∩...
– ∩∪∩...
– ∪∩∪...

Последниот одговор на детенцето: два исти знака
со празното нагоре и еден, меѓу нив, со празното
надолу, значело: раѓајќи ме, мајка ми ме поучи:
братчето твое ти го уби во мене
и сега само ќе талкаш по земјата
и ќе ми раскажуваш за...

И тука луѓето престанувaa да прераскажуваат
што друго толкувало детето.
Се знаело само дека неговиот одговор
исполнувал свитоци. Тоа значело дека
Каин коа убил брата си Авела
Господ го прашал кој го убил:
– Каине, Каине, кој го уби брата ти за да умри?
– Јас не сум му вардач, Господи...

*Коа чул Господ тие зборои од Каина лажливи,*
*го проколнал да биди обесен во месечината*
*векутума века,*
*за да биди вардач ноќе,*
*да гледат сите ноќни убиства*
*што ќе се праат од лошите луѓе*
*и да се плаши и да се страши и да се стреси*
*обесен како лист на некоја гора...*

*Секој чоек можел да го види Каина*
*обесен во месечината,*
*коа је полна месечината и ден денеска*
*и да го види, уште, и деда Марко Цепенко,*
*како се мачи да му подаде барде со водичка –*
*– ама попусто зашто Каин ниту пие ниту сите...*

Помладите, пак, љубеа постојано да ја пеат
песната на мајка му Каинова, Ева:

*Адаме, Адаме,*
*Не Господ туку ти и јас*
*му го ставивме знакот на нашето дете:*



*од десно – твојата капка, семе твое,*
*од лево – мојата капка, крв моја*
*на челото негово.*

Ја пееја зашто им беше многу чудна
и многу смешна: чуму знак на дете свое
кога друго нема освен него? Време беше
кога покрај Господа, само Каин беше на земјата
и покрај Каина само – мајка му Ева и татко му
Адам!

Чуму знаци во беззначје, – пееја децата
кои сè уште не постоеја, и чуму живот
кога за животот нема од кого да се –
страхува?

Не на луѓето но затоа на храмовите споменици
им правеа, на врутоците и на ˇрвениците,
на водениците и на жезлата,
на стожерите и на плодовите, и особено
на книгите низ кои се криеја бројки.
Иако не знаеја за злодела – доколку тоа
и се случеше – нив ги означуваа со црни
камења делкани во пеколот. Велеа:
на пустошот не може да му наштети – пустош,
празно – на празното и оган – на огнот.
Мигот нивното тело кога веќе не фрлаше сенка
им беше знак дека минале низ огнените кругови
на зборот
и дека преобразбите на нивното колено
дека е – конечно.

Секој ден, низ свечени обреди, ги полеваа
корењата на зборовите. Нивното зреење траеше
со векови и векови: откако околните камењари,
плодови, светилишта, мисли – ќе навлезеа
во зборот, и откако, поради тоа, човекот
прекумерно ќе стежнеше и телото негово
престануваше да фрла сенка – човекот си одеше!
Се делеше за извесно време од другите,
влегуваше во состојба на сон,
но затоа, пак, место него буден
остануваше неговиот збор,
како облик од кој човекот одново
се покажуваше и се враќаше.
Зборот ним им беше – и празбор и надвременост,
зашто светлината негова никогаш не помрачуваше.

Ги полеваа корењата на зборовите а потоа
приоѓаа да му прават споменик на она
кое допрва требаше да се осмисли и каже:
на новите сврзувања на зборовите кои,
веруваа луѓето во Долината, се живи облици
на сите соништа кои допрва ќе се сонуваат.
Ѝ правеа споменици на МА, покрај водопадите
во Воден и покрај езерото во Преспа:
тоа беше стапче со чатали и јазли
и кога ќе зафучеа со него низ воздухот
се слушаше гласот на МА пее и плаче:

*се заљубиха две луди млади*
*кучка маштеха ги погуби:*
*мома погребве Долно црквишче,*



*лудо погребве Горно црквишче.*
*Корен пушчие во црна земја –*
*мома излезе црвен трендафил*
*лудо излезе црна маслина.*
*Момчиња седе под трендафиљо –*
*чупите седе под маслината...*

Ѝ правеа споменик на МА зашто таа пеела
за чупата шчо корен пушчила по црна земја:
се вовлекуваа во пештери и притаени чекаа
во мракот
од триењето на копитото на белиот коњ
од каменот –
да се запали искра
а доколку тоа не се случеше
тогај тие ги триеја ***М*** и ***А***
и добиваа оган кој зборува.

Мајката на МА, чија поточна адреса е
*Magna mater deorum*, никогаш и ништо
не проговорила но која разрешила сѐ низ провиденија:
*пред пештерата го вртела жарјето*
од детски коски кои догорувале
*и на тој оган*
печела леб и време за песните на Аниз Колц.

Ѝ правеа споменик на птицата:
ја водеа на причесна
и причестена ја пуштаа да полета.
Некаде на залез,
крилјата кога ќе ѝ се позлатеа,

таа одново се враќаше меѓу нив
и гледаше: луѓето, со перце од гулабот
на Ное макаа од златото на птицата
и врз иконите ги запишуваа иницијалите
и имињата на светците од Македонија.

Па сепак: најтраен споменик беше оној
што го правеа оние кои се споулавуваа од себеси!
Во такви случаи повторуваа дека ништо
не може да се случи доколку претходно
нештото не се отсонува...

Низ пламенот во себеси – тие влегуваа во сонот.

Им правеа споменик на прстите
кои сè уште ништо не допреле:
она кое беше допрено,
со самиот миг на помислата на него
влегуваше во граматички правила,
во свитоци со восочни корици.

Му правеа споменици на првиот снег:
беа уверени неговата иднина
дека е закопана и дека гавраните
веќе ја колват неа.

Ѝ правеа споменик на Византија
како духовна престолнина на варваризирана
географија,
како оргија и како литургија
на развратот и на смртта.



Им правеа споменици на розите.
Нивните пурпурни и бели елипси
ги преведуваа со крвта Исусова.
Најубав меѓу спомениците на розите
беше оној во дланката на мојот дедо
грутката црница кога расцветува во роза...

Му правеа споменик на секое копје, одделно:
допирајќи му го врвот, минувајќи долж
копјето – тие ги допираа Митридат и Гинекија,
Антонио и Клеопатра, го допираа Цезар
и неговите зборови:
најчесто биев битки за победа а само еднаш –
за живот!
Доколку немате срам – земете ме и предајте ме
на децата:
Цезар и неговите војници
животот не го примаат на подарок
туку го – подаруваат!

Со векови една птица кружи околу венчето
на здравецот што го посадил Александар Македонски,
покрај морето. Ќе долета – ќе одлета, и пак така
и сè така. Лета и пее:
тука, кај што ми паѓа сенката дури стојам,
околу стракчето здравец во песокот,
е запишано она што го запиша Исус
но никој не го прочита...

На таа птица ѝ направија споменик.

Им правеа споменик на телето и на виолината
на Шагал, на првите детски писма,
на стеблото под кое првпат биле читани
псалмите Давидови; му правеа споменик на
јазикот, кој не се искажуваше
ниту низ глас ниту низ писмо
туку низ боите во кои секоја дамка
претставува крик на возвишеноста и гревот.

Им правеа споменик на откинатите и развеани
листови од светите книги. Луѓето кои ги читале
или слушале тие молитви – одамна исчезнале
а расфрланите страници од молитвениците
сè уште ги развејува ветрот. На нив уште
се препознаваат прстите што листале
и се слуша гласот на оние кои некогаш
ги сричеле тие молитви; уште се чувствува
мирисот од чадот од тревките кои
согорувале дури траела молитвата.
На местото кај што некогаш се молеле луѓето
сега почиваат безбожноста, заборавот и гавраните
кои ги колват последните слогови од нивните
молитви. Скаменетите траги од стапалата
на луѓето – се најсигурните докази за
минливоста на сè освен на – сеќавањето.

Им правеа споменик на исушените корита
низ кои течеле големите и бујати води во
Филипи. Таму апостол Павле на македонската



Лидија, првата вљубеница во Исуса од Европа,
ѝ напишал тајно писмо:

*На чекор-два погоре,*
*уште блеска камата со која Касиј*
*прво го прободе Цезара*
*а потоа и – себеси. Ме разбра ли?*
*На два-три чекора погоре*
*уште блеска исправениот меч*
*на Брут врз кој се фрлил*
*да умре загледан не во ѕвездите*
*– туку – во земјата... Ме разбра ли?*
*Би го повторил тој подвиг заради Тебе*
*слушаш ли, Лидија,*
*но што се може кога и двајцата*
*сме вљубени – во трет...*



Ништо не паметам од животот, помисли Тој,
но животот ме памети.
Сакаше уште нешто да каже,
да провери дали останал некој збор во него,
но при самата помисла да го стори тоа -
светна во мракот, болсна призрак
на претпотопска светлина: -
во нео сум роден, - помисли,
и во ниедна друга.

Сакаше да заспие но изуми.
Неговите зборови и неговиот јазик
веќе се заробени од летот
и само уште еден збор беше неопходен
за да ги допре ѕвездите...

Со некои неуми и јоти
што ги запиша на својот прстен
Тој го оживеа морето,



тоа надојде од секаде
бучејќи и плискајќи; бучејќи
и плискајќи
моите зборови не се како другите зборови,
моите зборови се Тереза Авилска:
Скриј се во осама,
но и осамата скриј ја...

# ПЕСНА XVI

## *Каменот – најстариот меѓу зборовите*

6429–6432 *Тоа беше танцот на една скаменета историја*
*која меѓу каменот и зборот се мачеше да ја открие*
*онаа точка во која Исток и Запад –*
*не се споделуваат!*

6435–6440 *...Во зборот*
*и во каменот – како најдревен и најпочитуван меѓу*
*зборовите –*
*можеше да се открие трага на осамен народ*
*на кој му беше открадната и –*
*осамата...*

6481–6486 *Нивната крв имаше поинаков ракопис*
*од сè друго: некои од нивните зборови*
*имаа тркалезни и јадри форми како плодовите,*
*други беа издолжени како азиски ножови*
*или пак извртени како клучеви, но ниеден збор*
*не страдаше од обични човечки болести.*

6302–6304 *Сам зборот не е надарен*
*на стеблото кое догорува во огнот*
*да му го опише вкусот на неговите први плодови.*

Луѓето од Долината беа упатени во тоа
дека и најскапоцениот камен е презаситен од Бога
и дека со него не владее никој и ништо
освен зборовите. И на јаве и на сон
луѓето се распрашуваа себеси и се мачеа
да одгатнат –
зошто каменот не го поднесува Бога туку –
зборовите?

Едни тврдеа дека секој камен има своја ѕвезда
која згаснува истиот час кога ќе згасне
зборот. Тогаш камењата стануваа гневни
и подивуваа од страв: во смртта на зборовите
камењата го насетуваа своето обезѕвездено небо
а себеси тогаш се чувствуваа
како јагленосани остатоци расфрлани
низ ужасните студови на Судниот ден
кој веќе се покажуваше.

Други, пак, веруваа дека зборовите се најголеми
каменољупци, составени од истите честици од кои
беа составени и камењата. Зборот, тврдеа тие,
и дише и се храни и мисли низ каменот:
колку поцврст камен – толку повозвишен збор,
посеопфатен – позамислен и снужден,
преплашен и заробен во каменот уште од древности;
единствено наследство од предците.

Како и да е, луѓето од Долината,
каменот го поимаа како збор на зборовите!
Конечно беше само она кое ќе го пресудеше
каменот: тој ги храбреше и штитеше зборовите,
ги поучуваше како да ја откриваат својата
промисла и како да се преобликуваат
во клучеви кои ги отклучуваат
сите затворени врати. И првата поделба
на зборовите: на ***тукуштоокотени*** и ***заскаменувани***
беше промисла на најстариот меѓу сите
камења.

Од преголема почит и чест кон зборот,
луѓето од Долината со остри камени српови
ги жнееја летните луњи и громови
а потоа педа по педа ги пребаруваа
своите дворови и ги бараа прашинките од нивниот
празбор пеејќи:

*љубете го зборот*
*зашто тој ќе ни биде единствениот*
*сведок на Судниот ден...*



Луѓето пееја а зборовите уште истиот час –
кај од радости – кај да не им се устаи крвта –
почнуваа да танцуваат сами со себеси:
танцот на зборовите – беше најубавиот сон
виден во Долината.

Во волшебна сообразеност,
на самиот раб меѓу разумот и заумното –
наваму-натаму, налево-надесно –
се нишаа сенките на нозе покрај нозе
и на очи спроти очи: ниту се пристигнуваа
ниту се разделуваа.
Животот и зборот
на каменот му завештаа големи богатства:
наталожени пластови граматички родови,
машко во прегратка на женско;
пласт мајки – пласт деца.
Тоа беше танцот на една скаменета историја
која меѓу каменот и зборот се мачеше да ја открие
онаа точка во која Исток и Запад –
не се споделуваат!

Никогаш луѓето од Долината
меѓу себе не се обраќаа со ист поздрав:
секое утро, секоја вечер – нивните поздрави
беа поинакви. Утринум, некој ќе поздравеше со
добро утро црвено камење, или со
добро утро распеани ластовички, или со
добро утро бистри води...

Тие никогаш не го оставаа зборот на
нечие име да смрзнува само од себеси

туку му го избираа неговото потрајно име
за да навикнува на него. Така појасно
се распознаваа меѓу себе луѓето
зашто во Долината невидливо се таложеше
и едно поинакво камење: –
секаде наоколу надлетуваа зборови
пресоздадени во птици
кои пееја само свој внатрешен пев; –
лазеа суштества кои сами од себе се срамеа; –
неповратно истечуваа или пак стоеја
заедно со луѓето и покрај луѓето –
позамислени и морови води.

И во најпогубни времиња, луѓето од Долината,
не ги напушташе надежта. Знаеја дека во зборот,
и во каменот – како најдревен и најпочитуван меѓу
зборовите, –
можеше да се открие трага на осамен народ
на кој му беше откраднната и –
осамата...
Затоа, на
намерникот кој ќе навратеше тука во злодоба
не му беше неопходно да знае македонски
зашто овој камен тука ги разбираше сите јазици.

Луѓето од Долината не ги напушташе надежта:
знаеја дека ги мирисаат истите цветови
кои ги мирисал и првиот предок во Долината
и дека ги гледаат истите ѕвезди што ќе ги гледа
и последниот потомок и сето тоа
ги охрабруваше и ги правеше спокојни.



Во времиња кога недостигаа и камен и збор
тие со сопствени коски и надежи ѕидаа
богомолни, со широки дворови и конаци
и со чардаци кои беа и во духовно и во крвно
сродство со сонцето. И тогаш, кога се навестуваше
само погибел и крај на сѐ –
луѓето од Долината имаа таен излез
кој водеше кон нешто кое не било дотогаш
ниту видено – ниту чуено – ниту допрено: –
Зборот!

Нивната крв имаше поинаков ракопис
од сѐ друго: некои од нивните зборови
имаа тркалезни и јадри форми како плодовите,
други беа издолжени како азиски ножови
или пак извртени како клучеви, но ниеден збор
не страдаше од обични човечки болести.
Затоа: нивниот збор или беше – или не беше:
Конечно за луѓето од Долината, беше само она,
што ќе го просудеше зборот!
Машките зборови доаѓаа со ноќта: –
потаинствени од сѐ друго и потемни;
женските, пак, беа прозрачни, невини,
и кога се соопштуваа на глас –
гласот нивни прилегаше
на големото љубовно платно на зорите
врз кое првата жена ги запишала
и својата прва молитва и својата – осама...

По сè она што го слушаше и гледаше
Тој постапно осознаваше дека тука, во Долината,
зборовите, сами по себе, ништо не изразуваат
и дека нивното битие е -
човекот. Сам зборот не е надарен
на стеблото кое догорува во огнот
да му го опише вкусот на неговите први плодови,
ниту пак да види дека секавиците се единствениот
печат врз нокта врз која
јасно се распознаваат оседланите ветрови
на кои јава историјата.

Зборовите, сами по себе,
*не беа во состојба да го појаснат дури и тоа!*
Знаеше Тој дека во постојаните битки за победа,
цезарите, пред да им се обратат
на своите војници,
говорницата ја попрскувале
со крвта на отсечените глави



на нивните непријатели
извикувајќи:
моите војници живот не примаат на подарок
туку животи - подаруваат,
а потоа ги вадале прстените
од рацете на загинатите
и со нив ги украсувале своите прсти
и не помислувајќи
дека ставајќи го туѓиот прстен -
тие ја населуваат во себеси
и судбината на мртвите:
во иста таква ноќ и самите да бидат
прободени
и со истата кама
со која бил прободен нивниот непријател.
Така еден по друг
стигнуваа сите во Пределот на Блажените
кај што сонцето ни зајдват - ни угревјат.

*Луѓето од Долината* го слушаа тоа
што го говореа цезарите и нивните војници:
но тоа не ги возбудуваше многу
зашто не во законите и стравот
туку во љубовта тие откриваа
најсигурен штит со кој се бранеа себеси
од времето.

Тогаш се сети на Старците:
Ќе видиш, кралу, две стебла: „Стебло на сонцето
и Стебло на месечината...“ и се согласи со тоа
дека не е можно оние кои ќе бидат мртви

да бидат од оние кои ќе бидат живи.
Зостана под Стеблото на сонцето и се вслуша:
Камбаната престанува на гласот нејзин
сè уште се слуша во мирисот на цвеќињата.
Залудно продолжуваше да довикува: Оницура,
Оницура...

Веруваше Тој и во она кое никогаш не поверува
во него:
стори сè што можеше да стори,
даде сè што можеше да даде
и одново поверува -
не тој на животот - туку животот нему
му должи:
вистинското мое потомство е потомството
на зборот, помисли, - па зборот нека ми биде
и возврат и - искушение.

И кога молчеше и кога разговараше со себеси,
гласот негов се извиткуваше во непрепознатливи
форми и се запишуваше како хиероглиф
врз сè околу него. Не постоеше нешто
врз кое не се запиша: врз воздухот -
врз стеблото - врз душата...
Птиците ги чувствуваше како свое продолжение
па беше уверен дека преку нив
пишува и врз небото: отсекогаш и низ
сите времиња,
своето волшебно писмо
птиците го запишуваа опиени од ритмите
и танцот на ѕвездите.



Тоа, всушност, на ниввото писмо
му даваше сјај на вечност.

Не сакаше Тој ниту на сон да помисли
дека писмото и зборот можат да бидат бездомници
и дека и тие на своите стари коски
го насетуваат и чувствуваат
мешањето на жешките, случајните ветрови
на летото
со студените ветрови на историјата!
Не! Не сакаше Тој во тоа да поверува
па постојано доаѓаше до едно исто
и банално сознание: светот дека постојано
се множи само на крај и на заборав
и дека само писмото на каменот
го зачувало
својот човечки здив!
Писмото на каменот, помисли Тој,
единствено тоа писмо меѓу писмата,
има сила да се возобновува со евангелистичка
дарба која постојано им го прераскажува
на луѓето
обликот во кој незабележливо
и самите се пресоздаваат...

И тоа го восхитуваше него
зошто и неговите копнежи
беа од далечно и незбидната ера.

Многу гробишта и многу мртви а само
една и единствена молитва!
Низ сите времиња! Можеби затоа, помисли Тој,

знамето што се вееше над неговиот народ
имаше големо сонце
и боја на Исусови рани.

Стоеше под тоа знаме а му се молеше
само на каменот! Каменот имаше ракопис
кој ги оживуваше зборовите! Со тие зборови
кого би се обидел да напише стебло -
зборот уште недонапишан -
стеблото почнуваше во исто време
и да цути и да шуми и да зацрвенува
од натежнати плодови.
Се наведна и го бакна каменот:
грев не е, шептеше, зашто љубејќи те -
се љубам и себеси утре. Нема да биде можно
да се стори тоа тогаш.

Долго се допираа усните и каменот.
Така започна неговото вистинско скаменување.

# ПЕСНА XVII

## *Мостови, љубовни мапи и знамиња*

6621–6624 ...*И петок ќе биде најчесниот меѓу деновите*
*зашто на тој ден е чуена првата песна што ја запеале*
*птиците! И нема таква птица која пропеала*
*во туѓа татковина...*

6629–6633 ...*Имаше и*
*птици-еретици, кои откако ќе долетаа во родниот крај*
*слетуваа право во пазувите на девојките*
*и тука пееја: градите на девојките ним им беа –*
*библиско горје...*

6635–6639 *Луѓето, пак, ги запишуваа извивките*
*во песната на птиците и по лакот како се извишуваше*
*и се спушташе нивниот глас – тие ги обликуваа*
*мостовите кои ги градеа, сеедно што и самите*
*сонуваа веќе да нема потоп што ќе ја уништи секоја плот.*

6675–6684 ... *Имаше камења*
*на кои се распознаваа и трагите од прстите*



*на нашите предци кои ги ѕидале мостовите*
*но откриваа и камење што ги фрлале крстоносците*
*по нашите дедовци – богомили... Од допирот*
*со богомилите, некои меѓу камењето,*
*прилегаа на вистински испосници:*
*испиени, бледи, тажни:*
*секој камен – нечиј таен и окрвавен ракопис...*

6790–6794 *Едни брегови гледаа подалеку и од невидливото,*
*други, пак, се загледуваа во себеси и во своите*
*провиденија и преку душевни хроматофори*
*откриваа облици на невидливи мостови кои*
*поврзуваа светлина со светлина и сон со сон.*

6809–6813 *Ѕидаа мостови кои навестуваа беспорочна љубов*
*меѓу сè и мостови кои директно од сонот влегуваа*
*во храмови на молива. Тие мостови носеа*
*запалени свешти во рацете: во левата рака за живите,*
*а во десната – за мртвите.*

6816–6820 *Тоа беа мостови преку кои доколку се мине –*
*сè претходно се заборава: тие мостови беа проколнати*
*преку нив да минуваат само – војните!*

6866–6873 *Македонските соништа, најчисти и најрадосни, беа*
*крај морето: таму престануваше осамата, распламтуваше*
*паметењето, болскотеше светлосната трага на песната...*
*Таа мудра географија на сонот покрај морето*
*не можеше да ги поднесе равенките на ножот.*

*Оние кои сонуваа да изградат мост преку*
*Портите на морето,*
*влегуваа од лето во лето и го изучуваа оној миг*
*сонцето кога ја фрла најдолгата сенка врз ѕидот.*
*Веруваа дека тоа е вистинското време, време на времињата,*
*врата низ која ќе минуваат сонувачи*
*со мапи на пловидби и љубовни знамиња.*

***Ние ги знаеме оние кои ви претходеа вам,***
***но ги знаеме и оние кои ќе ве продолжат...***

*И уште веруваа дека залудно ја бараме*
*изгубената алка,*
*зашто таа, како и сонот, во времето е скриена*
*а кое време на времето му минува – не знаеја...*

*„И рече Бог: 'Еве го знакот на заветот што го поставувам меѓу Мене и вас и меѓу секоја жива душа, која е со вас, за идните поколенија:*

*божилак свој поставувам во облакот за да биде знак на заветот меѓу Мене и земјата.*

*Па кога облак ќе навеам на земјата, ќе се види божилакот во облакот,*

***и ќе спомнам за заветот Мој, кој е меѓу Мене и вас и меѓу секоја душа, што живее во плот; и нема веќе да има потоп за да ја уништи секоја плот...'"***

(1. Мој. 9 : 12-15)

***И нема веќе да има потоп што ќе ја уништи***
***секоја плот***! И петок ќе биде најчесниот меѓу деновите
зашто на тој ден е чуена првата песна што ја запеале
птиците! И нема таква птица која пропеала
во туѓа татковина и нема нивна песна

*која не е гласно продолжение на песната*
*која претходно веќе ја чуле во родниот крај!*
Затоа, постарите славејчиња поубаво пеат
од помладите и затоа женското пее само во гнездото
во кое и самото се испилило. Имаше и
птици-еретици, кои откако ќе долетаа во родниот крај
слетуваа право во пазувите на девојките
и тука пееја: градите на девојките ним им беа –
библиско горје...




Птиците, секоја својата песна ја прицврстуваше со душата
на предците. Луѓето, пак, ги запишуваа извивките
во песната на птиците и по лакот како се извишуваше
и се спушташе нивниот глас – тие ги обликуваа
мостовите кои ги градеа, сеедно што и самите
сонуваа веќе да нема потоп што ќе ја уништи секоја плот...

Мостовите кои се извишуваа беа премузикални
и беспогрешно ги насетуваа стапалата на
лошите и злите: оној час нивна нога штом стапнеше
на мостот –
мостот достоинствено се уриваше себеси пеејќи
го Архимеда:

*Поūоūоū не усūеа – осūана човекоū...*

Подоцна, кога раскопуваа за да откријат страна
од мостовите – во раскопките светкаа живи гласови:



мајсторите и мртви пееја и според нивната песна
толкуваа како растела и човечката свест.

Во раскопките околу мостовите
луѓето откриваа и глинени посатки за храна и вода
и одгатнуваа дека црвениот окер врз глината
е врзан со одломки од некоја распадната
песна на птиците:
и при најневин допир на човечка рака –
се будеше гласот на птицата врз паницата,
стомнето, грнецот и во ист лак како и разурнатиот мост
се префрлаше од едниот на другиот брег.

Тоа беше гласот на Целан:

*Еден камен само меѓу камењево*
*кој би го означил она*
*шūо го премолчува:*
*ūука, на дофаū,*
*покрај сūаūоū со кој ūайка овој сūарец,*
*би се оūворило ūоа, како рана,*
*во која би морало да се нурнеш,*
*сама,*
*далеку од мојоū крик, веќе од*
*издлабениоū, бел...*

Секој камен од мостот што го раскопуваа
имаше своја биографија и свои копнежи.
Секој камен беше сведок на летот на некоја птица
и на нејзината песна која заедно со песната
на мајсторите ги врзувала камењето поцврсто

од секој малтер и секоја вар. Имаше камења
на кои се распознаваа и траги од прстите
на нашите предци кои ги ѕидале мостовите
но откриваа и камење што ги фрлале крстоносците
по нашите дедовци – богомили... Од допирот
со богомилите, некои меѓу камењето,
прилегаа на вистински испосници:
испиени, бледи, тажни:
секој камен – нечиј таен и окрвавен ракопис...

И нема веќе да има потоп што ќе ја уништи
секоја плот! И ридовите и провалиите и стихиите
и Реката на Страдањата и на Плачот
и Огнената Река и Ахеронт и Флегетон
и Кокит и Стикс и Лета и Мнемосина –
сами ќе се премостат со темели и со столбови,
со мостници и со крилја, со чунови и со носачи,
со плочи и со спреговии, со лежишта и со огради...
Ќе стане излишен скокот на Цезар преку Рајна,
на Трајан преку Дунав... Тигар и Еуфрат, Вавилон
и Египет ќе му се придружат на Целан
преповторувајќи:
Никој нас одново не ќе нè меси од земја и глина,
никој правта не ќе ни ја ословува.
Никој.

Слава ти, Никој
за твоја љубов ќе цветаме...

Бевме ништо, и сме, и тоа
ќе останеме цветајќи:
роза на ништо, роза ничија.



Со стебленце –
светло како душа,
со прашник пуст како небо
со круничка црвена
од зборот пурпурен кој го
пеевме над, о, над
тронот...

Покрај мостовите на Месопотамија,
со лакови високи над 5000 години,
ги собираме гласовите на утринските птици
кои ги надлетувале реките и од тие гласови
ќе правиме пишувало за своите псалми
и својата скрб. Ќе одиме по трагите на Хорациј:
зашто сите нас нè чека една долга,
една бесконечна ноќ.

Пред да биде готов мостот,
живите пред да почнат да минуваат по него,
првиот мајстор ги поучуваше мостниците, столбовите
и спреговите на Писмо: најнапред ги упатуваа
во законите и редот на полтенциите на мостот:

$\sum_{n=1}^{\infty} fk\ (x)$ како се пресоздава во $\sum_{n=1}^{\infty} (a_n x^n a)$

а ова во $a/2 + \sum_{n=1}^{\infty} (a_n \cos nx + bn \sin nx)$.

Сите овие знаци му овозможуваа на времето
како на најголем мост
постојано да се шири и да расте и да ја множи

смртта и да го жнее она кое созрева
само – во сонот.

***И нема веќе да има потоп што ќе ја уништи***
***секоја плот!*** И луѓето не да не веруваа во тоа
но повеќе од сè му веруваа на својот страв:
Никогаш не беа сигурни дека не ќе ги изневери злото.
Затоа тргнуваа да прават мостови: што чудо народ
беше овој народ? – се прашуваа ините, –
целата своја земја си ја пресоздаде во мостови?

Ѕидаа и таму кај што немаше ниту нужба ниту разум
да се ѕида: ѕидаа во своите постели, во своите клетки
ѕидаа, тревка со тревка премостуваа и извор со извор:
го премостуваа и разделеното од себеси
во себеси...

Беа уверени дека водите имаат иста судбина и исти
пориви како и луѓето. Кога ги прашаа зошто –
ете така, рекоа: го создаваат животот – ја бришат
историјата!

И навистина надоаѓаа водите: бучеа и рикаа,
надоаѓаа од некаде и ќе исчезнеа, пак, некаде,
оставајќи зад себеси коски затрупани
во глиб и мил.

Се збираа луѓето по ридовите и по долините,
се искачуваа по камењарите,
дењем бдееја на едниот – ноќем на другиот брег
на реките. Застануваа на азискиот брег на



Европа за да му запеат на изгревот
а квечеринум, скокајќи еден преку друг,
се префрлаа на европскиот брег на Азија
за да го гледаат залезот.

Загледани,
тие лесно ги одгатнуваа големите лузни
врз бреговите на континентите,
останати од безмилосниот камшик со кој Кир,
кралот на Персија од династијата Ахемениди,
ги камшикувал бреговите на Азија и на Европа,
зашто при секој обид да извиши столбови на нив
за да ги премости бреговите – тие почнувале да играат
и да се повлекуваат, секој кон себеси и секој
во себеси, а столбовите – се уривале,
сосе гредите и сосе мостиците, сосе крилата и сосе
носачите на мостот што го извишувале.

И ден-денес, и на едниот и на другиот брег,
ноќем се слуша острото швркање на камшикот
на Кир и уште појасно се слуша неговиот глас:
Европа е само ереб, залез на сонцето,
сенка од исчезнатата алка на ачу, на изгревот...

Слушајќи го тоа,
секој човек се надеваше само на својот бог
и на својата вистина и на свој начин
веруваше само во – мостовите. Велеа: мостовите
нам ќе ни бидат и куќа и молитва,
и изгрев и залез, и Божик и Велигден.
Некои одеа дотаму па веруваа дека мостовите

се нивни ребра и нивни очи,
нивна вера и невера...

Гледаа луѓето бреговите како копнеат еден за друг
и не еднаш се случуваше во исто време
едниот брег да тргне кон другиот и раскрвавени,
притоа, двата да се струполат во водите под нив.
Едни брегови гледаа подалеку и од невидливото,
други, пак, се загледуваа во себеси и во своите
провиденија и преку душевни хроматофори
откриваа облици на невидливи мостови кои
поврзуваа светлина со светлина и сон со сон.
Ниеден од мостовите по кои копнееја луѓето
не се вкрстуваа за да му служат на нешто
незнајно и скришно: мостовите ги подаваа своите раце
кон секого и кон сѐ а таму кај што се допираа
со бреговите се слушаа гласови кои оставаа голема
светлосна трага и го распламтуваа паметењето.
Тоа беа знаци според кои мостот,
тесен колку и сечилото на ножот –
е широко поле за праведните.

И ѕидаа мостови: дењем и ноќем, по сонце и по месечина,
и кога ќе се стушеше небото пред луњи и стихии –
и сѐ наоколу кога се пресоздаваше во јаглен и
пустина, – ѕидаа.
Од сѐ што ѕидаа – мостовите ги ѕидаа со најодрицателна
љубов! Ѕидаа мостови кои навестуваа беспорочна љубов
меѓу сѐ и мостови кои директно од сонот влегуваа
во храмови на молитва. Тие мостови носеа
запалени свешти во рацете: во левата рака за живите,



а во десната – за мртвите. Ѕидаа и такви мостови
кои ги поврзуваа сите раскрсници во себеси,
сетилното со – вонсетилното, минливото со бесмртното
и постојано дури ги ѕидаа мостовите а потоа и минуваа
по нив– извикуваа: *ѓуо киао, ѓуо киао...**
Тоа беа мостови преку кои доколку се мине –
сѐ претходно се заборава: тие мостови беа проколнати
преку нив да минуваат само – војните!

Имаше светлосни мостови, како божилакот, кои ги
поврзуваа земјата и небото, но луѓето без никаков напор
ги прескокаа нив: само за миг од земјата ќе се најдеа
на небото, во пределот на Тамас, во пределот на бездните.
Духот божји само рееше над нив и гласот на Евклид
ги уверуваше дека станале само точка без делови:
симион естин у мерос уден... И сѐ се пресоздаваше
само во некоја неноза и мартириј; во понижувања
и маченииштво...

Имаше мостови по кои копнееја и самите реки:
ќе подзастанеа, ќе се загледаа во мостот и во миг
го менуваа својот тек: наместо кон морето – тие
продолжуваа да течат по мостот и од мостот се упатуваа
кон небото.
Имаше мостови кои се покажуваа над реките
само во доба кога изгреваат ѕвездите и траат
само колку да поминат фурнациите. Не беа ретки
и мостовите кои имаа форма на гусле и на нив,
со денови и ноќи, тагуваа и плачеа ослепените војници
на Самоил. Ним мостовите им беа и постела и дамнина,
и место кај се раѓаше и место кај изгаснуваше зборот,
светлосна и звучна трага низ која и самите исчезнуваа.

*Кинеска изрека: да се премине, да се премости...

Тажаленката низ која исчезнуваа гусларите
имаше облик на лак: небото над едниот крак
на лакот – сè уште темно; над другиот – веќе изгреано.

Најпривлечни беа мостовите кои во ист час поврзуваа
два сона и две сонца. Прилегаа на срнички
дури ја прескокнуваат Мала Река. Тие мостови
не беа привидснија туку постела на која се ведеа
јата ѕвезди. Тие ѕвезди на луѓето им служеа
како жив календар: и знајни и незнајни доаѓаа
на мостот, ги допираа ѕвездите, ги листаа како
древна книга на чии страници можеа да го чујат
и својот прв плач и да го допрат
и првото узреано јаболко во нивниот двор,
листајќи ги страниците на тој жив календар
тие можеа да го препознаат и свештеникот кој
им ги разменуваше прстените на судбината...
Ги допираа тие јарки ѕвезди кои на луѓето
им служеа како жив календар и исчитуваа сè
што можеше да се исчита од нивното писмо.
Најчудно им беше кога прочитаа дека
невиноста и вечноста не се симетрични.
Од ова заклучуваа дека сонот сонуван во Македонија
е сосем поинаков од соништата сонувани другаде:
македонските соништа, најчисти и најрадосни, беа
крај морето: таму престануваше осамата, распламтуваше
паметењето, блескотеше светлосната трага на песната...
Таа мудра географија на сонот покрај морето
не можеше да ги поднесе равенките на ножот.

Имаше мостови преку кои не можеше да се здогледа
другиот брег: сета светлина беше збрана на мостот



и таа не го пропушташе видот да пробие и да заскита
подалеку од себеси. Имаше и мостови кои ги симнуваа
небесата а земјата ја поткреваа кон нив.
Тие мостови беа препис и на ракописот и на гласот
и на одот Јованов низ Откровението и на тие мостови
се замонашуваа млади кои на своите прсти го ставаа
прстенот Исусов и кои од тој час во мракот
распознаваа светлина а во крстот – сопствено презиме.

Оние кои сонуваа да извишат мост пред
Портите на морето,
влегуваа од лето в лето и го изучуваа оној миг
сонцето кога ја фрла најдолгата сенка врз ѕидот.
Веруваа дека тоа е вистинското време, време
на времињата, врата низ која ќе минуваат сонувачи
со мапи на пловидби и љубовни знамиња.

Оние кои сонуваа да извишат мост
пред Портите на морето, копнееја тој да биде
мост – прстен, на кој ќе се венчаваат вљубените,
на кој ќе се крштаваат новородените.
Копнееја тој мост да биде врата на виното
и на плодовите; пристан на оние кои им пеат
на ѕвездите! И навистина:
имаше ѕвезди кои согоруваа истиот час
доколку се случеше мостот да остане без пејачите
на Кандински кои пееле високо це
со огнена портокалова светлина
или пак пееле со гласот на апостол Матеја
дури ги сричел Псалмите.
Тоа беа пејачи чии гласови беа

јажиња за кои се врзани
ѕвоната на Целан.

Она кое ги поврзуваше сите нешта, единственото кое
можеше да ги одгатне гласовите како слушаат глас
и во која црква се крстат црквите; преку кој мост
минуваат мостовите и на кој јазик говорат јазиците;
ноќвите во кои ноќви го ставаат својот леб и брашно
и кое време му минува на времето беше –
изгубената алка.

Таа, изгубената алка само, и ништо друго,
можеше да ја одгатне светата геометрија
според која – преку градовите на мртвите
се влегува во градовите на живите! Апостолите
сами себеси си се чудеа, сами себеси се прашуваа
и сами со себеси спореа: во луѓето ли сега
бараме добра волја или во Бога? Или пак
на луѓето ли сакаме да им угодуваме?
Ако беше сме сакале на луѓето да им угодуваме –
немаше да бидеме слуги Исуса Христови![*]

Луѓето, пак, барајќи ја и под земја и над небо
изгубената алка, талкаа низ големи неизвесности
и жртви, превозмогнуваа и животи и стихии,
и не можејќи да ја откријат никаде во минатото –
продолжија да ја бараат во иднината.
Само изгубената алка знаеше да одгатне
зошто се разминуваат народ со народ, толпа
со толпа и човек со човека,
дури и човекот сам со себеси

[*] Апостол Павле: Послание до Галатјаните 1 : 10.



зошто се разминува?
Еден наваму – друг натаму,
постојано разминувајќи се и цел живот барајќи го
мостот преку кој да се мине
за да се открие патот што води до
изгубената алка.

Одеа и се враќаа и одново тргнуваа зашто патиштата
умееја да бидат и почесни и подостоинствени,
од некои меѓу оние кои тргнуваа и се враќаа.
Патиштата не допуштаа секој да врви по нив:
доколку се случеше да се намери некој
кого патиштата не го поднесуваа – тогаш
сите патишта се собираа еден до друг,
се вкрстуваа и се прекрстуваа еден со друг
и никој веќе трага кон изгубената алка
не можеше да фати...

И немаше два исти пата или две исти
раскрсници, како што немаше два исти камена
и два исти сона. Но, имаше една неодгатлива
симетрија помеѓу судбината на човекот и
животот на мостот. И колку што постоеја селидби
на душата толку постоеја и селидби на мостовите:
дури има смрти – ќе има и време, веруваа
луѓето, и продолжуваа да ѕидаат мостови низ животот
но кои се и каде се тие мостови кои водат
кон изгубената алка
кажуваше само Умил Ќитаби, Хиџра 24:

*Ние ги знаеме оние кои ви претходеа вам,*
*но ги знаеме и оние кои ќе ве продолжат...*

И уште веруваа дека залудно ја бараме
изгубената алка,
зашто таа, како и сонот, во времето е скриена
а кое време на времето му минува – не знаеја...

Сите ѕвезди кои имаат смисла да сонуваат
им станаа помошници на ѕидарите на мостови.
Сите ѕидари беа или синови на битките, абдери,
или пак оние кои никогаш не зајдуваат, админи,
најмногу меѓу нив беа оние кои стоеја цврсто
на своја почва – адрасти. Сите тие, абдери,
админи, адрасти, постојано стоеја на брегот
или пак беа притаени зад ридовите,
блиску до морето,
и се восхитуваа од оние од кај ѕвезденото небо,
астеријанците, гледајќи ги како жнеат високо
а нивното молчење звучи божествено.
И сите нив ги викаа уриони, зашто живееја околу
водите, и од некоја огнена точка зрачеа прашинки
мнемосина, според која – секој од нас
некогаш бил некој Орфеј или Јасиј, исцелител.
И сите сонуваа: леб од морето,
халијарт што го именуваа и еврибиј,
долгиот живот на надежта. Така слушаше и
Василиј К. кому црвеното му звучи
како црковно ѕвоно,
глас на контраалт во ларго. А можеби и тој
да го насетувал лебот од бесконечните ниви
на океаните; можеби и тој да ја претчувствувал
мојата аура на големи жетви;
црвени гласови на распеани жнејачи...
Глас на контраалт во ларго.



Строителите на првите мостови ги викаа и менојти,
луѓе кои ѝ пркосеа на иднината, а најстариот
меѓу нив беше мајандар, оној кој цел живот
го барал човекот! Мајандарот извишуваше мостови
чии лакови прилегаа на кинира, на нечиј тажен
крик. Тие мостови прилегаа на црвен камен
кој јури кон небесата. Сите мостови на мајандарот
беа мостови – исцелители, кои летем,
во времето на големите жетви од морето,
се извишуваа во мостови – епопеи. Најголемиот
мост, возвишен и горд, имаше и најцинично име:
правда на народите!

Имаше и улави мостови кои го носеа името
на Никита Станеску и по цели ноќи преповторуваа:

*Да не минуваш веќе со коњите*
*по овој мост, по овој мост;*
*тој е стоулавен, почна да се окрилува*
*сношти рикаше по водата од под него*
*дека ќе лета,*
*дека ќе стане мост врз облаците,*
*дека ќе стане мост меѓу еден врабец од месо*
*и еден врабец од камен...*
*Тој ѝ рече на водата од под него*
*дека не сака да се оглeдува во неа*
*туку во плач на дете*
*што се откажува од боската на мајка си;*
*дека во тој плач, тој се оглeдува...*
*Тој е улав мост*
*Затоа те молам:*
*да не минуваш со коњите по него.*

Ѕидарот на мостови за себе тврдеше дека е пасинок
на својата земја зашто нему и дом и гроб
му е мостот. Во глинена посатка мостовите
сами им ги собираа коските на своите строители
и им ги закопуваа во својот носечки светлосен столб.
Од свој сопствен опит строителот
на мостови тврдеше дека достоинствените реки
сами од себе пресушуваат: тие не допуштаат
небото да им го засенува мост кој не се потпира
на големи столбови светлина! Не доверувај
им се на реките кои не течат, советуваа
ѕидарите, самиот престори се во пустина
но не љуби ја пустината; не љуби пресушени
реки! Изгаснато огниште...

Имаше и реки кои се обидуваа да го сменат
својот тек, бегајќи од грди мостови. Ѕидарите
кои ќе го насетеа тоа се довикуваа од сите страни
и доаѓаа од секаде,
и сами легнуваа еден врз друг, па скаменувајќи се
правеа еден од најтрајните мостови.

Најтрајните мостови ги сметаа за свети книги
а мајсторите – апостоли. На рацете
што им ги бакнуваше
уште се распознаваат усните на Целан.



Знаеше Тој
петок дека е најчесен меѓу деновите
и знаеше уште дека има и птици-еретици
кои откако ќе долетаа во родниот крај
слетуваа право во пазувите на девојките
и тука пееја:
градите на девојките им беа библиско горје...

Знаеше Тој
дека има камења на кои се распознаваа
траги од прстите на нашите предци
кои ги ѕидале мостовите,
но откриваа и камење
што ги фрлале крстоносците
по нашите дедовци - богомили...
Од допирот со богомилите,
некои меѓу камењето,
прилегаа на вистински испосници:
исцрпени, бледи, тажни: -
секој камен - нечиј таен и окрвавен ракопис.

Но, она кое го воскитуваше него -
беше помислата за изгубената алка:
само тоа, изгубената алка,
можеше да одгатне:
- гласовите како слушаат глас,
- во која црква одат на молитва црквите,
- преку кој мост минуваат мостовите,
- на кој јазик говорат јазиците, и
- кое време му минува на времето -
можеше да одгатне -
само изгубената алка.

Знаеше тој,
дека без мостовите и без оние кои ги извишуваа мостовите -
историјата и понатаму ќе раскопуваше
само остатоци на варвари и волци,
на пештери и дувла.
Затоа Тој кој ги бакнуваше рацете на мајсторите
кои цел живот поучуваа кого и каде
да се сѕида мостот
и со каков камен паднат од ѕвездите
да се сѕида. Знаеше Тој
мајсторите дека беа надарени да го видат
и да го допрат и својот дух,
нивното око да се види себеси,
огнот нивни - себеси да се изгори.
Затоа тие не им се доверуваа на реките
кои не течат и
не изгаснуваа оган дури гори:
на тоа ги поучуваше изгубената историја
на земјата во која ги извишуваа мостовите.



Знаеше Тој
дека секој мост е жива книга
низ која шетаат фурнаџиите и јагленарите,
на орачите и на рибарите,
на војските и на затворениците...
Поминале, заминале и веќе не се вратиле
ниту војските ниту затворениците,
ниту гусларите по нив,
останал само мостот, како жива книга
и како камен жртвеник:
врз него биле полагани цели потомства -
како осветена тросфора со Исусов монограм.

# ПЕСНА XVIII

## *Копнееше себеси да се вдвои*

7105–7107 *Составени од време –*
*сами низ времето се расчинуваа*
*само на соништа и зборови.*

7112–7115 *Ако не го изнесеа од себеси*
*она кое беше во нив –*
*тоа што не ќе го изнесеа –*
*ги ништеше.*

7142–7147 *Тој клуч*
*беше тајната на севкупното постоење,*
*единствен пред кој можеше*
*да се одгатне зошто е*
*неопходно да се воскресне –*
*пред да се умре!*

7244–7246 *Стигнуваа пред да тргнат:*
*нивно основно начело беше –*
*да се воскресне пред да се умре!*

7291–7293 *Само во буквиtе, сè уште,*
*свеtка искраtа*
*на исконскаtа светлина на семироt!*

7354–7358 *Ги восфалувам моиtе горди монаси*
*кои ги извадиле tиtициtе од илуминациите*
*на нашиtе древни ракоtиси*
*и сега како tечаt*
*живи ги носаt на своеtо рамо.*

Составени од време –
сами низ времето се расчинуваа
само на соништа и зборови.

Тоа беа мигови себеси кога
се откриваа воплотени во совршенство:
од себеси го изнесуваа она
кое потоа ги спасуваше.
Ако не го изнесеа од себеси
она кое беше во нив –
тоа што не ќе го изнесеа –
ги ништеше.

Се расчинуваа само во миговите
дури сонуваа,
делејќи се на волшебни честици
соништа и зборови.
Дарбата беше едно од нивните најголеми
проклетства, но таа беше

и нивната најубава вистина:
беа уверени дека со отворени очи
можат да останат и во смртта
и дека и до наједноставната вистина
не може да се стигне без –
клучеви!
До нив вистините доаѓаа
само низ облици и слики,
и најчесто тоа беше клучот!
Копнееја својот сопствен мрак
да го осветлуваат
делејќи се на своите свети составки:
зборовите и сонот.
Тој клуч нив ги поучуваше и на тоа
дека тие во исто време стојат
и над и под, и тука и таму,
зашто сами од себеси беа родени,
сами од себеси израснати,
сами себеси и мајка и татко,
и сестра и маж,
и жена и ќерка и син. Тој клуч
беше тајната на севкупното постоење,
единствен преку кој можеше
да се одгатне зошто е
неопходно да се воскресне –
пред да се умре!

Се расчинуваа само дури сонуваа
а се расчинуваа
само на соништа и зборови.
Така се возобновуваа и размножуваа



но притоа ја губеа и целата светлина
од себеси:
така и небото над нив го исполнуваа
само со прашања,
така на својот пат кон заборавот
ги оставаа своите пориви
во облик на зборови.
Затоа не се колнеа ниту во имињата
на сопствените деца,
ниту во светците и боговите,
ниту пак во честа или
во морето и сонцето. Единствено
во што се колнеа
беше нивниот јазик и зборовите:
доколку се случеше да се заколнат
во што и да е друго освен во зборовите –
тие истиот час гореа на жива клада.

Расчинувајќи се
и губејќи ја сопствената светлина
која се пресоздаваше во соништа и зборови,
преплашени,
тропнуваа во себеси како да тропаат
на непозната врата,
влегуваа во себеси, шетаа низ себеси
како по донедоодлив пат. Гледаа, притоа,
големи жетви наоколу
и слушаа насекаде како ги пеат
*Кружниот танц на сонцето*
и *Громот – совршен ум.*

Влегувајќи во себеси, минувајќи
низ непознатото и незнајното,
тие откриваа непозната светлина,
светлина на светлините, ја именуваа.
Во сјајот на таа светлина
јасно се распознаваше границата
меѓу загубеното и стекнатото,
врската меѓу отресното детство
на човештвото
и неизвесноста на незбиднатото:
во сјајот на таа светлина
и сенките на иднината исчезнуваа
низ дамнините!
На таа светлина луѓето се возобновуваа
и просветлени однатре,
имаа дарба да разговараат
и со тукушто родените дечиња
прашувајќи ги:
О, невино, кое си Ти?
Едното меѓу нив, самата надмилливост,
ќе кажеше:
облик сум озарен од Λόγος. Verbum. Слово...

Во аскетски подвиг,
во свети тихувања низ кои
се допираа себеси,
неискажливото го пресоздаваа
во своја *мудра*, во знак и печат
според кој
изоморфите на сите пророци
се пресоздаваа во прашина на



ходочастија, милости и пости.
*Тој нè роди а – роден не е –*
за нив беше изрска со која
истиот час кога ќе почнеа
да ги сонуваат своите деца –
се будеа од сонот
и во своите дворови
им ги садеа имињата.
Кога ќе огрееше првата месечина
самогласките
од имињата на сонуваните деца –
веќе беа изникнати.

Доколку се случеше тоа
во лета земјата кога гори,
кога јагленосува и со душа и со коски –
најбујно тогаш израстуваа **А** и **О**.
Овие самогласки
имаа голема семантичка дарба:
влегуваа во тајните на светлината,
скриена само во луѓето и во
древните свитоци,
шетаа низ таа светлина,
се крieја низ редовите и буквите
на свитоците,
распрашуваа и толкуваа,
се потпираа врз сенките на големите
букви,
се одразуваа во свирките
на сите венчавки и духовни свадби,
светлината на сопственото писмо,

гласот на секоја буква, одделно,
го изедначуваа со дарбата
насекаде –
да стигнат пред да тргнат:
нивно основно начело беше –
да се воскресне пред да се умре...

***А*** и ***О***,
а покрај нив и ***Е*** и ***И*** и ***У***
себеси не се чувствуваа
само како мостови преку кои
ќе патува и ќе се враќа
мислата, туку –
себеси се гледаа
како посебни светови:
низ нас и преку нас се множат
сите сознанија, велеа,
во секоја од нас се крие искра
од исконската светлина и на она
кое никогаш не било но допрва –
ќе се случува.

Сите букви, заедно,
стоеја повисоко од вселенската свест,
секоја самогласка, посебно,
беше надинтелигентно
суштество: низ нив се остваруваше
потресниот предизвик на судбината:
да се воскресне пред да се – умре!

Секоја буква живееше
во сопствен телеолошки предел



во кој не постои време:
времето проникнуваше низ светлината
и истечуваше низ семирот на буквите.
Затоа тие,
светлината на сопственото писмо
и глас,
ги изедначуваа со дарбата
да стигнат – пред да тргнат:
нè заморува должината на чекањето...

Неупатените
и самото создавање
го изедначуваа со Создавањето
на буквите,
но тоа не беше така:
Создавањето и Родословот
дојдоа после буквите
и никој и ништо друго
освен буквите,
посебно – никој и ништо друго
освен – самогласките,
не знае за вистинскиот почеток:
само во буквите, сè уште,
светка искрата
на исконската светлина на семирот!

Волшебно беше да се следи,
и не само дворовите
во кои ги садеа буквите од имињата на
своите деца, туку насекаде:
врз сите живи,

по ридовите и по камењарите,
врз гласот и врз коските на сè
што одминало и било,
врз делниците и врз празниците –
волшебно беше да се следи
срамежливо од земјата
како се покажуваат сè уште
невидливите главчиња на буквите:
најнапред главчињата на самогласките –
првите пупки на цветови во прабитието,
во праматеријата.

Ништо телесно во тие цветови
никнати од буквите на имињата
освен нивниот молк, нивната тишина:
заедно со нив во целосен молк
за сè што не се случило
беше и јазикот: не се толкува
зошто птицата пее –
таа – пее;
зошто цвета цветот –
тој – цвета.
И петок да доаѓа по петокот,
и камен по каменот.

Се веднам со усни да го насетам
пророчкиот шепот на цветовите,
да го помилувам нивниот синкав здив
што потреперува
врз светата белина на зорите
и постапно осознавам:



само цветот е најголемиот пророк,
само цветот насети сè:
свеста негова единствено влегува
во строежот и на телесното и на –
вонтелесното!
И одеднаш,
Македонија која умееше и во смртта
да остане со отворени очи,
извикува: само цветовите и само коските
вистина единствена се и
мракот кој од мрак
отстојание само на секавица го дели.
Се знае уште дека невидливите цветови
кои никнат по дворовите
од буквите на имињата на децата, –
низ илјадници и илјадници ноќи
можел да ги насети само еден и единствен:
оној
кој небото го гледал испразнето
и од божества и од нивни сенки
и кој со својата дарба,
со неговото најголемо проклетство,
сè уште го памети она искричаво звучење
на студовите пред Создавањето.

Се будам од невидливото
од каде што го црпам својот говор
и ги восфалувам моите горди моноси
кои ги извадиле птиците од илуминациите
на нашите древни ракописи
и сега како печат
живи ги носат на своето рамо.

На местата на птиците во ракописите
сега се слуша како јачи
еден убав ветор откај македонското море.



# ПЕСНА XIX

## *Мракот на мојата постела*

7387–7390 *Мракот на мојата постела и*
*далечната светлина на твоето писмо*
*запишани со усните твои*
*врз моите...*

7436–7439 *Осознававме*
*секој збор кој ќе ѝ се довери*
*на хартијата –*
*дека таа безмилосно го растајнува.*

7482–7486 *Светлината минувајќи низ нас*
*ги позема тие честици*
*и сега, вобличени во сенка,*
*крвта наша ги шета низ дамнини*
*кои допрва ќе се случат.*

7580–7585 *И сите до еден тврдеа*
*дека без значење е*
*кое и да е Исусово или нечие страдање*



*и очај –*
*доколку и сега ние страдаме*
*од она од кое страдале и Исус и другите.*

7845–7850 *Позеде една ѕвезда од сводот небесен*
*и таа му беше и рима –*
*и акцентиран вокал, и еуфонија, и цезура.*
*Со неа ги римуваше сите честици*
*отргнати од безобличноста,*
*од хаосот. Со неа се – потпишуваше.*

Постојано патувајќи –
луѓето продолжуваа да се бараат
до бесконечности:
И колку повеќе се бараа –
тие сè повеќе се оддалечуваа
од себеси:
минуваа низ светови во кои
никогаш не постоеле
ниту време – ниту сеќавање:
предели без небо и ѕвезди,
без реки и залези,
камења и врати,
жетви и трпези,
предели –
без аз буки веди и глаголи...

Патуваа сосем сами. Напати –
и без себеси. Помножени со сонцето
веруваа дека секој нивни дел



се пресоздава во светлина
а од таа светлина –
или се пресоздаваа во јагленосани
трупови
или пак заспиваа
со очи свртени кон месечината
потпевнувајќи си:
мракот на мојата постела и
далечната светлина на твоето писмо
запишани со усните твои
врз моите...

Оние кои сè уште не беа јагленосани
и не веруваа во писмата усни врз усни
запишани –
продолжуваа да пишуваат
знаци во песокот
кои подоцна ги бришеа!

Страхуваа од буквите
кои ги запишуваа
зашто напишаното постапно
оживуваше, се збиднуваше. Затоа
имаа рака со која пишуваа
и многу раце со кои –
бришеа.

Ретки беа сонувачите
кои ја пропуштаа сета светлина
низ себеси.
Тоа беа или необесчестени или –

мртви.
Само тие, необесчестените и мртвите,
немаа сенка
и само за нив се веруваше
дека немаат веќе ниту битие свое.

Никој не беше сигурен
и каков поредок владее
меѓу необесчестените и мртвите.
Само оние сонувачи кои веруваа
во силата и животворноста
на сенката
тврдеа
дека свеста не се сеќава на
дамнините
туку дека само сенката наша
и крвта наша
го паметат исконот:
тие и мртви преповторуваа
дека крвта е постара од сè
и дека само таа е светлина
која самата себеси
се осветлува и –
ништи.

Дури бевме живи,
како децата љубејќи се
само себеси,
ние учевме да љубиме и други
и друго;
осознававме



секој збор кој ќе ѝ се довери
на хартијата –
дека таа безмилосно го растајнува
на составки
според кои ги распознававме
и сопствената сенка
и својот облик
и својот сон
и сè друго заедно
кое стоеше од другата страна
на свеста.

Така сонот нам ни беше
*pater* и *mater* наш,
и наш неприкосновен судија,
скриен во нашето битие и тајни.
Тој постојано нè прекоруваше:
сенката по која цел живот копнеете
е најневиното и најнежното,
пајажинка составена
од трагите на летот на птиците;
твар бојазлива и
невина,
која при допир со вашиот поглед
се распаѓа на она кое некогаш сте биле
и на она кое – никогаш не сте биле.
Сенката наша, нè поучуваше сонот,
е пепелта која го придружува
нашиот изгаснат оган,
твар изложена
на смртни заразии и зла.

Сонот нè поучуваше дека
сликите и зборот во него
не доаѓаат од нашиот опит
туку дека тие се само прашинки на ἀρχή,
нешта кои
нашата крв ги носи како жив одглас
на исконите
и кои стигнале до нас
прескокнувајќи ги сите
онтолошки провалии.
По патиштата на ἀρχή
минале и одминале сите потомства
и сите векови,
и сè што останало од нив
е само одгласот нивни во нашата крв:
светлината минувајќи низ нас
ги поземa тие честици
и сега, вообличени во сенка,
крвта наша ги шета низ дамнини
кои допрва ќе се случат.

На таа сенка,
на тој догорен оган,
на таа наша темна страна
која нè придружува,
ние, самите, и никој друг
сме нејзин олтар:
и нејзин гроб –
и нејзино воскресение...

Криејќи се низ сонот
и предавајќи му се целосно



на поривот,
живите копнееја да остават нешто
зад себеси,
слично на она што го прават ѕвездите
или буквите или птиците:
птиците во нивниот глас сè уште криеја
некој потаен збор
во кој се вкрстуваа сите времиња
во едно
и со кој се римуваа сите луњи и секавици
кои некогаш се збиднале
или ќе се збиднат.
Секој жив се измачуваше да осмисли тајна
според која
самиот одново ќе се открива
низ недојденото. Секој знаеше
дека секој миг може да биде
и последен миг,
последна улица и последна птица,
која надлетува –
последна тишина која царува –
последна врата која чкрипи зад тебе –
последен сон –
последна секавица која го римува мракот –
последен збор во кој се содржани
и изгревот и залезот...

И секој жив во таков миг,
немајќи кому
се обраќаше самиот себеси:
допри се,

помилувај се
со своите исцелителни раце,
седни покрај себеси и во себеси,
допри се сам со своите усни,
запиши си врз усните што ги целуваш
писмо кое никој друг
нема да го прочита,
писмо на кое никој и никогаш
нема да му ги изгребе –
буквите...

Седни до себеси,
целувај се,
зашто друг кој да те целува –
веќе нема...

Ниеден сонувач не се ни обиде
животот да го толкува
според законите на Вечното тркало
направено од медитации, безизлез и очај
на Истокот. Никој во такво тркало
не гледаше
ниту почеток – ниту крај.

Секој копнееше да остави нешто свое
зад себеси:
своја трага, свое семе,
свој архетип,
кој ќе се населува во нашето
продолжение.
Тоа, пајажинесто нежно,



копнееја да биде нешто
кое ниту се гледа – ниту се заборава,
ниту се менува – ниту исчезнува:
како знакот на челото Каиново е тоа:
ниту некој некогаш го видел тој знак
ниту пак некој некогаш го заборавил:
најголемото страдање
е да се копнее, да се допира невидливото,
најзалудно е некој да се обидува
да го избрише споменот на првото писмо
врз усните.

Секој што копнееше да се остави себеси
во иднината,
преземаше од незнајното и непознатото
нешта кои не знаеше што се
и непогрешно ги криеше во своите соништа.
Така тие се пренесуваа низ времето,
така секој копнееше сам, во себеси
и само – по себеси:
столот се измачуваше во крвта на столарот
да остави траги од истородни столови,
каменот – истородно камење,
огнот – оган,
човекот да се пресоздаде
во своја посестрима – земја која памети...

И сите до еден тврдеа
дека без значење е
кое и да е Исусово или нечие страдање
и очај –

доколку и сега ние страдаме
од она од кое страдале и Исус и другите.

Смислата е наместо страдањата
да се повторуваат соништата.
Наукот да се проштава
значи дека никогаш
нема да го докрајчи она што било
зашто секој жив одеше
по она што никогаш – не било:
В. Б. Јејтс извикуваше
потсетувајќи ги сонувачите:

*Many times man lives and dies*
*Between, his two eternities,*
*That of race and that of soul.**

* Многупати човекот живее и умира / помеѓу неговите две вечности:
меѓу векот на неговиот живот и – душата.

Загледан беше Тој во предел
отаде Кибела и Буда, отаде Исуса
и отаде Мохамеда. Загледан беше
во време во кое никогаш не бил
ниту мртов ниту жив,
и откриваше на гол камењар
како никне и смил
и друго озлатено цвеќе,
и во тие цветови
тој ги откриваше правите вистински
верници на боговите.
Повтори на глас колку самиот да се чуе:
цвеќето - пророк на сѐ -
црвеното бие како камбана во залезот,
црното - како угасена клада,
како згаснатото огниште на Кандински.
Скина неколку стракчиња жолти цветови
и пишува со нив:
мракот на мојата постела и

светлината на твоето писмо
запишани со твоите усни
врз моите...
Додаде: од каде тој страв на земјата
дека ќе остане
без човекот?
Зошто го спречува неговиот порив
да се одлепи од неа и да полета?
Зошто таа постојано го пресоздава -
во себеси? Посилен ли е од неа?

Одново скина неколку стракчиња
жолти цветови
и одново со нив запиша:
мој братски поздрав до сите
од големото братство кое шета
низ страниците на пергаментите
и свитоците,
оние кои отсекогаш
поодблиску ги допираа ѕвездите
и си поигруваа со нив
тркалајќи ги меѓу рацете
и кои допирајќи ги
насетуваа
дека тие не се ниту дух
ниту привидение
туку огнени грутки зборови
при што
ниеден збор не го разбира другиот.



Позеде една ѕвезда од сводот небесен
и таа му беше и рима -
и акцентиран вокал, и еуфонија, и цезура.
Со неа ги римуваше сите честици
отргнати од безобличноста,
од хаосот. Со неа се - потпишуваше.

# Песна XX

## Го бришеа смртното од прстените

7711–7716 Бојазливо, љубопитно
ги допираа нештата,
ги бакнуваа грутките и плочките,
го бришеа смртното од прстените
расфрлани околу коските
и ги ставаа на своите прсти.

7761–7767 Немаше вистини туку само чувства
и душевни погроми:
таа историја тврдеше дека
доколку бараш поинаква вистина
од нејзината –
таква работа и во минливоста –
нема!

7819–7826 На тие места
историјата имаше исти граници
со земјата;
и имаше места во тие места

*каде што историјата*
*од сите страни граничеше*
*само со –*
*Македонија.*

7885–7887 *Еден и ист бран на светот,*
*еден и ист бран од Троја и сè до нас*
*се тркала и вала, вала и тркала.*

7978–7980 *Ќе остане само* ***времето,***
*првиот збор што го изговорил Бог*
*во миговите дури се создавал и – себеси!*

Копаа и прекопуваа,
ораа и ја преорувaа земјата,
се симнуваа сè подлабоко и подлабоко
и постојано откриваа нешта
за кои ништо и никогаш –
ниту чуле ниту виделе.

До неподносливост достоинствени
и спокојни беа нештата
кои ги откриваа: –
7660 молчаливи, мазни, тркалезни камчиња,
пронижани на средината –
далечни одзиви на недогорени стебла –
огништа и коски човекови –
обетки и висулки –
белегзии и цурајки –
скаменети баби –
свирачки на флејти –
амвони и коњаници со вперени копја –

крстја и житно класје –
лозови лисја –
букви и знаци запишани врз плочки:
меѓу буквите и знаците –
мирисот на едно стракче горocвет
кое ѝ го враќа на душата
сеќавањето на сите пролети
и на морињата
кои пред наши очи
горса и во пустини се пресоздаваа...

Цел живот копаа и прекопуваа,
ораа и ја преоруваа земјата
и постојано наидуваа
на сè поинакви и позагадочни
нешта и знаци
но никогаш
не одгатнаа ниеден глас
закопан во земјата;
никогаш не погледнаа
со отворените очи на оние
на кои наидуваа
и не оживеаја ниедна коска
меѓу коските.

И не престануваа да копаат
и да прекопуваат,
да ораат и да преоруваат.
Копајќи,
откриваа подвижни патишта
кои сами продолжуваа некаде,



откриваа мориња од сенки,
чувствуваа со душата на оние
на чии прашинки наидуваа.
Некој меѓу копачите беше надарен
да ги забележи и обликот и содржината
на неизречената мисла
на мртвите:
ние не постоиме тука кај што сме –
ние сме таму кај што не сме...
Преку бездните на времето
тие здогледуваа
сосем поинаков свет
од оној кој дотогаш го познаваа.

Бојазливо, љубопитно
ги допираа нештата,
ги бакнуваа грутките и плочките,
го бришеа смртното од прстените
расфрлани околу коските
и ги ставаа на своите прсти.
Ги зачистуваа коските расфрлани наоколу,
им шепотеа милувајќи ги,
чекаа долго да изустат
некој глас,
да проговорат нешто, но –
залудно:
коските не копнееја по живите
туку молеа да бидат вратени
на нивните места во земјата
од која беа откопани.

И не она што го откриваа и допираа
туку само она што го помислуваа и сонуваа
ѕидајќи –
го сметаа за вистина;
скала Јаковова по која се искачуваа...

И продолжуваа да копаат
и да прекопуваат,
да ораат и да преоруваат.
Наидуваа на плетенки и чешли скаменети,
на мостови и на тврдини
во кои
живи беа заѕидани невести и моми.
Нивните крикови одзиваа во бескрајот
на сите страдања;
на средниот прст на левата рака –
*digitum impidicum,*
заѕиданата сенка на невестата
носеше прстен – печат:
на прстенот две птици
и бела роза меѓу птиците.
Наидуваа и на камени коритца
во кои, наместо оставените сирачиња,
се капеа сенки на гулаби
и водни духови;
наидуваа на грнци и на паници,
на гробници и на глинени кадилници,
наидуваа на гласот на божицата Ма,
облечена во бело
и наведната врз синкавите прамени
на темјанот и на миртата...



Сето заедно беше некаква историја
но неподатлива да биде скротена
во ред или два на некакво писмо,
зашто во таа историја
немаше вистини туку само чувства
и душевни погроми;
таа историја тврдеше дека
доколку бараш поинаква вистина
од нејзината –
таква работа и во минливоста –
нема!

Копајќи и орајќи,
од честиците и од писмата
на кои наидуваа
тие постапно доаѓаа до размисла
да го президаат минатото:
жените и девојките
кои ќе допреа камен изваден
од изворите на Јаков покрај Харон –
затруднуваа и трудни
носеа амулети:
бели ковчиња проникани на средината.
Ковчињата беа од крилца на птици
кои сè уште не научиле да летаат.
На залез,
во ист миг сонцето кога клонеше
отаде ридовите и дамнините –
коските кои ги носеа како амулети
почнуваа да пеат.
Низ таа песна

луѓето го насетуваа сопствениот крај
па во таков страв и занес
и Ајдона си го убила сина си Тал.
Сега таа,
пресоздадена во славеј,
лета од гора во гора
и од сон во сон,
барајќи го и оплакувајќи го
своето мртво дете...

Ја копаа и ја прекопуваа,
ја ораа и ја преоруваа земјата
и сè повеќе осознаваа
дека минливоста
е неподносливо самовљубена
па ниту себеси таа се откриваше
ниту што и да е друго
во и околу себеси. Осознаваа:
доколку ја бараш вистината –
таква работа и во минливоста –
нема!

И копнееја да го президаат минатото...

Копајќи и орајќи,
низ честиците и писмата на кои
наидуваа,
тие среќаваа и сенки на мажи
затворени во осамени пештери на карпите.
Сè она што ќе го проговореле тие во
пештерите –



можеше да се чуе со векови подоцна
и само на едно и единствено место:
во храмот во кој свештенички беа
нивните необесчестени ќерки.

На тие места
историјата имаше исти граници
со земјата;
и имаше места во тие места
каде што историјата
од сите страни граничеше
само со –
Македонија.

Копаа луѓето,
и од едната и од другата страна
на историјата
и се прашуваа:
што правел светот во времето
кога немало ниту писмо
ниту строители кои
од непостојни честици
извишувале здanија
и на кои
и сите соништа кога би им се исполниле –
тие пак немало да бидат
ниту спокојни ниту задоволни
зашто секогаш, барем една ѕвезда,
трепкала повисоко
од градбата која ја извишувале.

Копале под двоен конец:
еден испуштале десно од себеси
другиот – озгора надолу.
Таму кај што се вкрстувале конците
ставале голема тепсија
со јачменово брашно.
Тепсијата не се потпирала на ништо
но таа стоела рамно
зашто неа од сите страни
ја чувале рацете на ветровите.
Ѕидарите го знаеле тоа и гласно
им пееле на пастувот и на ждребицата,
на волците и на птиците.
Се случувало,
песната уште недопеана –
а во брашното на тепсијата
веќе да се распознаваат јасни траги
од копитата на пастувот и на ждребицата,
на волците и на птиците:
стигнале тие со песната на ѕидарите,
излегле од песната и лесно,
како нивниот татко-ветрот,
трчале и скокале, играле и виштеле
над самите врвои
на жолтото зрело класје –
без да го свиткаат;
пројуриле преку врвот на брановите –
без да се натопат.

Тоа беа места во историјата
во кои зборот ги оживуваше нештата:



нештата кои ќе се споменеа во песната –
оживуваа.
Тоа беше убав знак кој кажуваше
дека жив живот ќе се откопа
меѓу ѕидовите на градбата
а не реки
кои истечуваат од моришата на сеќавањето
и брзо потоа –
пресушуваат!

*Une même vague par le monde,*
*une même vague depuis Troie,*
*Roule sa hanche jusqu'à nous...*[*]

*Така, еден и ист бран на светот,*
*еден и ист бран од Троја и сè до нас*
*се тркала и вала, вала и тркала,*
уверувајќи нè
дека сите ние се преобразуваме
само во сеќавање за себеси
и дека со сопствени очи
го следиме она во нас кое незабележливо
еден по друг ги ништи нашите спомени
и како избледени писма
му ги фрла на ветрот: *ouvrez, ouvrez au vent*
*de mer nos jarres d'herbes odorantes:*[*]
*отворете му ги, отворете му ги*
*на ветрот од нашето море*
*ќуповите со нашите мирисливи тревки...*

Пееја оние кои копаа сè погласно и погласно
расфрлајќи низ песната зборови

[*] Сен Џон Перс: „Морекази".

кои оживуваа
во нежни стракчиња билки
кои растеа на самиот раб меѓу јавето
и сонот
и кои положени врз мртвото –
мртвото го оживуваа
и му пееја потоа:

*... Смртију смрт поправ*
*и суштим во ѓробја*
*живот дарува...*

И се извишуваше градбата која ја откопуваа
и со нестварна леснотија сите кои раскопуваа
се искачуваа по нејзините врвои:
тогаш поверуваа дека
нешто сосем совладливо и лесно
ги дели нив од –
небото
и дека севкупната историја
ја носат во своите раце
и во умеењето
да го насетат поривот на каменот –
зашто секој камен е една
човечка ера и зашто
колку подобро го осознаваа
каменот –
толку помалку им останувате време
за да покажат дека севкупната историја
ја носат во своите раце.



Оние кои копаа се чувствуваа
за жива костурница на годишните доба
а каменот со кој ѕидаа –
жива архива на нивната судбина:
тој ги поучуваше дека
не постои ништо во височините
а тоа да не е и нивно.
Така ги поучуваше и *времето*,
првата реч што ја изговорил Бог,
дека секое создавање
стои на самиот раб
меѓу почетокот и –
уривањата.

Нека биде високо, пеат мајсторите
и истиот час
потреперува ѕвездата
кон која гледаат
и ја благословуваат.
И засвирете ми, заповеда протомајсторот,
и запејте ми
како кога ги ѕидавме
тврдините на Троја!

Тогаш другите мајстори
се упатуваа кон купиштата метеорско
камење,
собирано по бреговите на Стиг и Ахерон
и во земјата на Бригите.
Тоа камење
ги довикува своите небески роднини –

секавиците и громовите,
и сите заедно тогаш
осознаваа дека
сè што постоело веќе оставило траги
и дека тука, во Македонија,
и наједноставниот камен
е една човечка судбина!
Сè заедно тогаш: камењето, секавиците,
громовите –
проповедаше:
одземете им го памтењето на рацете
и на мистријата
и човекот веќе ниту за љубов ќе знае
ниту за –
омраза: крај е тоа;
тука нема никого –
тоа мора да е крик на Бога!
Во каков ли очај и зло
самиот себеси се нашол!
Ќе остане само *времето,*
првиот збор што го изговорил Бог
во миговите дури се создавал и – себеси!

Копајќи тие осознаваа:
Кога и каде ќе започнела
градбата на нешто –
зависело само од звучното камење!
Тоа било и почеток и крај на сè:
кога снемувало камен за височините –
во жив камен се пресоздавале
некогашните ѕидари:



излегувале од својот сон
и гледале душите нивни
како полетуваат
и брзо потоа
како се пресоздаваат
во камење што пее.
Тоа камење го вѕидувале
во темелите на сите нивни градби
и достатно било
вѕиданиот камен
да биде само допрен
од светлината на сонцето
за да почне тој гласно да пее
на ист глас
на кој пред тоа пееле
сите кои се скамениле!
Песната на звучното камење
го оживувала духот на скаменетите:
нам ни здодеа веќе
да бидеме само мртви,
да бидеме само деца
на заборавот и на крајот;
да бидеме одломки свети четива
кои се преповторуваат низ мисите,
сè дури и самите светци од иконите
не почнат да проповедаат:
нашиот живот ниту трае ниту продолжува
туку со секој камен
што го заѕидуваме –
тој започнува!

Севезден мисли Тој на оние кои цел живот
само копаат и прекопуваат, ораат и преоруваат,
и се прашува: зошто копаат тие и зошто ораат?
Што бараат и по што копнеат? Што очекуваат
и од земјата и од вековите и што разговараат
со нив дури копаат?

Колку подлабоко раскопуваа - тие сѐ почесто
наидуваа на недоизгниени честици и штички
од ралото на Каин; допираа недосушена крв
на сините знамиња на Сарацените; го боготвореа
ракописот на молњите; ги полеваа стеблата
јагленосани од рофја и веруваа дека еден ден
тие одново ќе раззеленат зашто се чесно дрво:
нема ништо почесно од трагите на огнот, тврдеа,
а такви траги најмногу има во земјата -
на Македонците...

На потомства и потомства само надоаѓаа
и само одминуваа, надоаѓаа и пак - одминуваа,



копаа и прекопуваа, ораа и преоруваа,
и наспроти сѐ на кое наидуваа и допираа
копајќи - никој не престануваше и да копа
и да ора: копаа и низ знајно и низ незнајно
и копајќи тие го загубија животот
но не преминаа во смрт туку во - копање!
Самите се пресоздадоа во некој скршен прстен,
во некоја згазена ѕвезда, во некој
оживеан глас кој го поткрева каменот врз себе!

Доцна тие осознаа дека не копале ништо друго
освен себеси што се откопувале: поривот да се
воскресне - пред да се умре! И не ирисот
на Нарцис туку сенката на сопствениот цвет
врз нив ги вознемируваше...

Го кине стракчето врз себе, го позема цветот
и - пишува со него!

# ПЕСНА XXI

## *Големите домостроители од еповите*

8074–8077 *Кога се раѓа зборот,*
*исто како и детето кога се раѓа,*
*не смее да се допира никакво сечило,*
*ништо кое може да предизвика крв!*

8153–8156 *Само строеја и пеја, ѕидаа и пеја,*
*зашто без нив историјата и натаму*
*ќе раскопуваше остатоци само на варвари*
*и волци, на пештери и дувла...*

8199 *Секој камен имаше сопствена биографија...*

8253–8255 *Имаше камења црвени како наметки*
*на јаничари и нив ги чуваа*
*за лакот над вратата.*

8344–8346 *Тихата песна го врзува камењето*
*поцврсто од секој малтер*
*и од секоја вар.*

8434–8436 *Со секоја нова греда*
*тој ја прицврстуваше и душата на предокот*
*и покрај неа – душата сопствена.*

8464–8467 *И дури пее мајсторот*
*на секоја негова самогласка*
*застанува по една птица и*
*само слуша таа и само се чуди...*

Наспроти сеќавањето на земјата –
луѓето од Долината
постапно го откриваа своето сеќавање:
тоа беше далечно доба на човек во човекот
и на сенка во сенката.
Се одвиплуваа големи валма време
од кои можеше да се види
дека сè она кое постоело или постои
имало и има само облик на збор. Затоа
луѓето од Долината,
единствено на кое му се молеа –
беа големите камени книги
кои умееше да ги пишува и чита –
само времето.

Зборот, осознаа тие, првата човекова причесна,
е голема и совршена светлина
која потекнува од она кое нема облик
но кое создава облици

и кое не е слично на ништо
но создава сличности и кое не е
ниту намисла ниту пак дело на плотта:
кога се раѓа зборот,
исто како и детето кога се раѓа,
не смее да се допира никакво сечило,
ништо кое може да предизвика крв!
Допуштено е само
да се помислува на оган
и да се допира зрело жито:
светлината на огнот цел живот ќе се чипчи
за зборот и рака за рака со него
ќе преповторува:
јас веќе не живеам во себеси
зашто зборот живее во мене
и сега заедно сме првата крстица
ожнеана на вечната и света нива на
божјото у човека.

Свети нешта се миговите
големите камени книги во Долината
кога почнуваат сами да ги листаат
своите страници и сами на глас
да ги преповторуваат
долгите монолози низ кои одминуваат
потомства и потомства
и кои во голема возбуда
ја глаголат првата
меѓу сите молитви:
О, зборови! О, светлино!
Достојно ест што низ сите времиња



другите немаа ништо – а ние имавме сè –
ја имавме смртта!

На луѓето од Долината,
и смисла и бесмисла и крај и почеток
им беше зборот ***дом*** и најмногу од сè
љубеа да страјат: вeздeн шетаа
покрај морето, рисуваа куќи во песокот:
така тие на јаве ја обликуваа
и оживуваа куќата
која дотогаш постоеше само
во нивните соништа и во нивната намисла.

Влегуваа потоа во куќите
кои ги рисуваа, се искачуваа и симнуваа
по нивните скалила,
кон сите страни отвораа врати и прозорци
и шепотеа: овој ѕид ќе дели мајка од мома
чија љубов е многу густа
и која и наутро и навечер ќе ги полева
пеејќи им и на темјанушките
и на гераниите на големите чардаци.
Тука ќе биде дојалниче;
од овој прозорец ќе се гледа
првата птица која пролети долетува
откај морето и ќе се гледа уште
нашите раце како ги допираат нештата
пред сами во себе да се овистинат.

Седнати пред вратата на куќата
која ја рисуваа

ќе го одгатнуваат писмото
на снопјето и на крстиците
како единствени сведоци на далечните жетви
под кои сè уште ѕиркаат потомства орачи
и ја гледаат Богородица
како помирисува цвет никнат меѓу класјето
и како затруднува од тоа
и како го раѓа Исуса...

Ќе излезеа, потоа, од нивините волшебни
домови и безмилосно со дланка го бришеа она
кое го рисуваа врз песокот:
сами себеси беа и виор и луња
кои ги бришат сите траги што ги оставаат:
тие немаа свој живот зашто во нив беше
населен Исус. Исус го бришеше своето писмо
запишано во песокот на пустината.
Само тој не остави трага зад себеси –
зашто самиот сè уште е тука...

Во своите соништа тие имаа целосни
и подробни нацрти
и не само за куќи и не само за цркви
и библиотеки, туку и за цели градови
и родини. Затоа и ги викаа:
*големите домострои* кои насекаде низ светот
само строеја и пееја, ѕидаа и пееја,
зашто без нив историјата и натаму
ќе раскопуваше остатоци само на варвари и волци,
на пештери и дувла...



Низ сите времиња
занаетот на сторителите беше тајна
подеднакво света како и божјата.
Тасја сè и постапно,
како што се отвораше сеќавањето на земјата –
така во нејзиниот го додаваа и својот
ракопис: застануваа покрај реките
за да ја насетат поодблиску светлината
која допрва од нив ќе зрачи кон куќите
кои почнуваа да ги прават.

Првиот мајстор одеше опашан со црвен појас
како појасот на Ахил и в раце држеше
бројаници со нанижани дробни камчиња
обликувани во бројки и букви. И во ова
луѓето од Долината
штедеа на самогласките: на секоја седма
согласка беа нанижани и по една самогласка
и бројка. Затоа нивните зборови беа
исклучително тешки и лесно не се поткреваа
да лебдат а потоа и да исчезнуваат
низ воздухот.

Првиот мајстор шеташе по ридовите и низ
полињата, кружеше, застануваше покрај реките
и сеедно во која точка ќе се загледаше –
точката се пресоздаваше во жива мисла.
Врз таа мисла тој ги исцртуваше најпрво
ликовите на мајсторите кои му помагаа
а потоа гледаше кој и каков камен
каде ќе биде поставен. Секој камен

тој го доживуваше како предисториска птица,
како печат на мудроста и како сведок
на бесконечни преселби. Се наведнуваше
и го бакнуваше камењето околу него
и според горчината која ќе ја почувствуваше
во допирот со нив
насетуваше што и каде се крие и кој, кога
и каде ќе тргне и дали ќе се врати.
Многу се плашеше од безобличноста
на некои камења кои требаше да ги ѕидува
зашто поставени на несоодветно место
тие одново можеа да го довикаат и оживеат
пеколот на првичната безобличност.
Секој камен имаше сопствена биографија:
и влакно да се променеше во неговиот распоред
меѓу камењето –
значеше почеток на нова и конечна бесмисла!

Првиот мајстор тоа добро го знаеше и
со години кружеше наоколу
сè дури не го насетеше вистинското место
на кое ќе се извишува новиот ***дом.***
На тоа место легнуваше тој на земјата
како на света постела и наслушуваше
да не би да чуе тука глас на некој предок;
се загледуваше во небото и остануваше така
со рака придржувајќи се
на непостојната греда на мостот
кој ги поврзуваше неговото јаве
и неговиот сон. Загледан нагоре
преповторуваше колку самиот да се чуе:



секоја куќа што ќе ја извишиме
треба да биде мала одломка
од небеска престолнина! Продолжуваше да оди
по тој невидлив мост кој ги поврзуваше
неговото јаве и неговиот сон и гледаше
сенката на уште несоѕиданата куќа
како танцува со сонцето и потпевнуваше
тој поради тоа
а гласот му беше како и животот:
создаден од многу сон и од многу скрб и чест!

Спроти денот кога почнуваше градбата
домостроителите седнуваа на гозба
на која ги поканувaa и мртвите и живите
во Долината: макаа леб и ѕвезди
и свиреа на флејти направени од долгите коски
на своите предци. Ќе отсвиреа неколку езгии
и почнуваа да пеат: и убавите куќи
се наше потомство!
И наша сенка!

Првиот мајстор тогаш заповедаше:
одете сенката како што оди
и каде што оди,
застанувајте таа кај што застанува,
нагазете ја и стојте како скаменети
врз неа за да не се помести! Првиот мајстор
потоа го влечеше конецот долж сенката
на куќата која допрва требаше да се
соѕида.

Најпрво,
долж сенката на куќата
која сè уште не беше сосидана,
ја раскопуваа земјата, копаа за темелите
и сите тајни кои ги откопуваа
ги споредуваа со камењето кое допрва
требаше да биде сосидано. Карактерот
на камењето најдобро го познаваше
првиот мајстор.
Имаше камења црвени како наметките
на јаничарите и нив ги чуваа
за лакот над вратата. Тоа беа камења
кои го распознаваат гласот на оние
кои влегуваат во куќата и кои излегуваат
од неа.
Имаше жолти камења кои како да зрееле
заедно со сите жетви на јачменот
и за нив тврдеа дека се постари од сè:
од нив, тврдеа е создадено и срцето
на Бога и срцето на сите кои веруваа
во него: без толку јако срце
не можеше да ја издржи ниту болката
ниту страдањата никој.
Имаше и камење кое не беше сè уште
достатно стврднато.
Постарите ѕидари раскажуваа дека тоа камење
сè уште не знае да зборува
но умее одлично да црта бизони
и диви коњи по пештерите и гласно да вишти
во ноќите со полна месечина.
Острите камења имале облик на сор



и со нив можело да се ожнее цело небо
веди и громови!
Најтажно беше да се допира камењето
болно од несоници и црни болести: –
на допир тие се ронеа како исушено лисје...

Во гласот на тој камен светкаше нешто
многу тажно. Само за еден меѓу сите
камења не се знаеше како заскитал
и како се нашол во Македонија:
врз тој камен
првиот мајстор го прочита записот
на Хадријан:
одберете си камен на кој сакате да прилегате...

Според мислата што ја криеја во себеси
и според времето кое зрачеше од камењето
мајсторите ги трупаа на купишта
камен врз камен
и дури потоа првиот мајстор
одново ќе го допреше секој камен одделно.
Им шепотеше нешто, разговараше со нив
а потоа врз секој камен го втиснуваше печатот
на својата дружина домостроители:
печат му беше парче црн камен
обликуван во прстен,
подарок од строителите на Првиот храм
во Ерусалим:
трагата што ја оставаше печатот под себе
беше линија која точно во пладнето
тргнуваше од земјата кон сонцето

и во остар врисок
оставаше црвена трага на небото.
Трагата исчезнуваше дури в полноќи
откако секоја ѕвезда одделно
не го испееше дваесет и петтиот псалм
Давидов:

*Не припомнувај си*
*за гревовите од моите младешки години*
*и за моите бунтовни постапки;*
*според љубовта твоја помини ме*
*зашто си добар, Господе...*

Првиот камен, крстатот, го осветуваа
со миро и со вино од винородите на Јосифа
и на Марија, невини,
и го поставуваа на аголот
меѓу исток и југ.

Секој мајстор
од првиот камен кој го вѕидуваа во темелите
одлупуваше ситно парченце. Тие добро знаеја
дека на Судниот ден, точно тоа парченце
камен, ќе им биде единствен сведок.
Сипеа врз него вино и разгорена жар
и го допираа потоа
окрвавеното писмо на Адам
во кое раскажува
како првпат се поздравил со Ева
и цел живот потоа како
одел со стисната дланка



за да не пробие светлина во неа
и не избледат трагите во писмото на тој список.

И почнуваа да стројат,
со дрвени мистрии и чекани
и постојано пеејќи зашто при втемелувањето
не чини да превсени ниту завивање на пес
ни грачење на гавран
ниту на кукавица – кук!

Уште од своите претходници
секој строител убаво знаеше
сè дури не се изгради домот
дека е неопходно да се пее:
тихата песна го врзува камењето
поцврсто од секој малтер и од секоја
вар. Секој слог и секој такт на нивната
песна беа поиздолжени и потсвиткани,
подналеднати нанапред
за да се искачуваат побрзо нагоре,
песната полесно за да ги позема камењата –
сè повисоко и повисоко,
сè поблиску до покривот.
Секој глас на строителите беше
поинаков хиероглиф од другиот,
поиздолжен и попурпурен.
Гласот на најмладите строители
беше нафрлан со зеленикави петна
врз пурпурното:
сите во песната ја гледаа куќата
која ја извишуваа:

бела, со строги и чисти линии,
препишана од далечните епови.

Првиот мајстор беше многу горд на песната
на неговите строители зашто неа ја сметаше
за дел од домот: моите другари
полесно владеат со харфата и не ја почитуваат
одмаздата. Навечер, кога ќе поседнеа
во дворот, тој ги поучуваше дека
може да се пишува и без зборови
и дека секоја новонаправена куќа
е нивното свето и долговечно писмо.
И тие пееја! Сè погласно и погласно,
знаеја дека така го пишуваат своето
писмо од кое беа составени и вратите
и прозорците и чардаците на кои
веќе се распознаваа боите на идните
темјанушки и герании...

На првиот мајстор му беше најмило ноќем,
една по една светулките од полето,
потскокнувајќи кога се искачуваа
меѓу строителите
и застануваа по ѕидовите
или по алиштата и по рацете на мајсторите
за да им светат,
за да им помагаат при ѕидањето.

Веќе се насетуваше дека новата куќа
има свое срце кое не стои на едно место
како човечкото, туку потскокнува, игра, тупка,



кружи заедно со светлината.
Првиот мајстор тоа најдобро го чувствуваше
и маѓепсан од убавината на куќата
со право забележуваше дека
да ѕидаш значи да ги испревариш
другите:
прв меѓу сите да му дадеш и облик и живот,
пред очите на сите да го населиш она
кое е скриено длабоко само во тебе,
во душата:
прв меѓу сите –
да ги овистиниш сликите на духот.

Тој тоа го знаеше најдобро од сите
но во исто време тој го знаеше и тоа дека
сè дури постои куќата – не постои мајсторот!
Го снемува него,
исчезнува некаде тој,
куќата го прогонува него,
го оддалечува од себеси,
го истиснува,
го засенува и го засолнува
во некоја заветрина,
во некој скришен земник,
во некој клед.
И дури откако ќе го изживее својот век
куќата,
дури откако ќе ја снема неа,
луѓето се прашуваат:
– Каде е мајсторот?
– Кој беше мајсторот?
– Што се случи со мајсторот?

Откако ќе замолчеше народот –
почнуваше да зборува каменот,
да го бара, да го довикува мајсторот.

Како и сè друго –
куќата покрај себе довикува друга куќа,
тревката – тревка и
огнот – оган!
Тоа добро го знае мајсторот
и се прашува: што сум јас,
каде сум и кој сум јас кога не ѕидам?

И продолжуваше тогаш да ѕида,
сам да се вѕидува во куќата,
сам низ неа да се пресоздава во време,
во нешто кое се допира и гледа.
И со секоја нова греда
тој ја прицврстуваше и душата на предокот
и покрај неа – душата сопствена.

На сè живо и сè мртво
сенката што ги придружува –
снагата нејзина и главата,
рацете нејзини и нозете –
исти се како и човекот,
како и нештата
чие продолжение е;
само сенката на мајсторот
е поинаква:
нему сенка му е куќата
која допрва треба да се извишува!



Таа куќа,
и само намисла дури беше
во душата негова –
во сè прилегаше на него:
имаше ист ôд,
исти навики и иста чест како и мајсторот,
исти гестови и исти соништа.

Кога ќе се извишеше куќата,
мајсторот кога ќе ја венчаше и последната
напрека со столбот на покривот,
кога ќе ги оковеше и последните клинци
врз крстатот на кој ги спростираше
даровите кои му ги носеа, ќе запееше:
Благословете ги мајсторите
кои секој камен, одделно, го поучуваа –
да расте кон ѕвездите...
И дури пее мајсторот
на секоја негова самогласка
застанува по една птица и
само слуша таа и само се чуди
и прашува:
Мајсторе, Мајсторе, кога бевме мали
ти ли нè поучуваше да пееме?
Нашите гнезда немаат покрив –
за да ги гледаме ѕвездите
и гласот твој како се искачува кон нив,
Мајсторе, Мајсторе...

Кога беше сосема готов ***домот***
мајсторите, секој во бела кошула,

се загледуваа во куќата,
ја допираа, ја милуваа и само чекаа
и чекаа. Што чекате и кого чекате
кога ги прашуваа
тие со рака ставена над срцето одговараа:
дека го чекаат оној кој во ниедна доба
ќе стигне меѓу нив и со жезол во рацете
ќе затропа на вратата и прв ќе влезе
во ***домоӣ:*** Тој треба да стави амин
на нашата намисла, велеа. Оној
кој го забодел неуништливиот жезол
во огништето на Адам –
е наш предок и ние него го чекаме
и нему му се молиме:
света прашинка сме од неговиот пат
и кој друг ако не ние
може да ги издржи и огнот и сјајот
на неговиот жезол?

И го чекаа, и само го чекаа
да се покаже на бел коњ.
И ѕвезда падната во гривата на коњот
му го осветлува патот кон нив
во летната ноќ.



Тој и самиот копнее да се потпише
врз молитвата на домот.

Куќите што ги правиме, велеше Тој,
личат на нас и секоја од нив
е поинаква од сите други. Најнесреќен
е оној кој нема сон каква да биде
неговата куќа.

Веруваше Тој, како и минатото -
и куќата дека ја носиме во себеси
и дека таа од нас може но ние од неа
дека не можеме да се ослободиме: живее таа
во исти граматички родови, како и ние самите,
страда таа, и од соништа и од несоници -
како и ние самите,
и дека кога умираат татковците -
куќите стануваат татковци
и ни ги поучуваат децата: исправи го главчето,

гледај во ѕвездите,
виткај ги колената - не виткај го грбот!
И детето - заодуваше! Се испроваше!
И куќата постојано зад него
го придржува да не падне...

Тој тогаш заедно со првиот мајстор
почнуваше да пее и во песната
да ги довикува и сонцето и месечината
која некогаш ги осветлуваше ноќите
и предците во овие исти дворови -
кои утринум ги мешаа своите гласови
со гласовите на птиците
и од нив правеа пишувало
за своите псалми и својата скрб:
Тој и самиот копнееше да се ѕида во домот
и со своите коски да ја потпише
светоста негова.

# ПЕСНА XXII

## *Време како исушен смил*

8534–8535 *Она што го бараа како живи –*
*тие продолжуваа да го бараат и како мртви:*

8546–8556 *...Им станувааше*
*сè појасно дека ќе живеат низ зборот*
*зашто животот е пократок од зборот*
*и зашто зборот и мислата не се крвожедни:*
*клетките и на мислата и на зборот,*
*наспроти сè друго, не содржат крв.*
*Тоа беше причината, неосквернавен наследник*
*човеков да се сметаат само мислата и зборот.*
*И особено – сонот меѓу нив...*

8593–8601 *Големото О било создадено од бесконечните*
*и продолжени довици на времињата низ вечноста*
*и затоа тоа О е светиот спомен*
*на големите кругови*
*кои постојано се распаѓале на помали:*
*кругови очи ⊙ ⊙, боски, топани и клопчиња могли.*



*Навистина: без О зборовите и книгите*
*се разболуваа, помолтуваа и се ронеа*
*како исушен смил.*

8630–8632 *Луѓето и не помислуваа да се одречат*
*од своето родство со смртта па затоа и ја*
*посакуваа неа и вежбаа смрт:*
8637 *осеменети сме од ѕвездите и каде ако не при нив?*

8644–8645 *Нека живее следниот, извикуваа, vivant sequens*
*кога веќе никаде не е оној кој е насекаде...*

8648–8651 *Оној меѓу нив кој приживе не се научил да моли*
*и да се моли тргнуваше накај морето*
*за да се увери самиот дека и тој и сите заедно*
*сме само pulvis et umbra, само прав и сенка...*

8696–8698 *И ѕвездите ниту миг не можеа без луѓето –*
*и кога беа живи и, особено, кога беа мртви:*
*ѕвездите очовечуваа, луѓето – озвездуваа...*

8752–8757 *Сите мртви до ситници беа упатени во животот*
*на ѕвездите и ним, како на сопствени деца,*
*им ставаа имиња, ги носеа на крштавање,*
*ги смируваа кога плачеа и никогаш не сонуваа*
*за светови кои некогаш постоеле туку којнееја*
*по светови кои никогаш и никаде не постоеле!*

8810–8820 *...Секоја*
*недела, оној меѓу мртвите кој ќе се родеше прв –*
*ги собираше гласовите на утринските птици*

*на небото и од нив правеше пишувало*
*за своите псалми и својата скрб:*

- *не спијам и седам како птица сам, без никого и без себеси...*
- *јадам пепел место леб и она што го пијам го растворам во солзи...*
- *и деновите мои како сенка се која одминува и како трева изгорена сум...*

Она што го бараа како живи –
тие продолжуваа да го бараат и како мртви:
ги спростираа своите соништа на ветрот
и слушаа големи хорови како надоаѓаат
откај морето, ги распознаваа гласовите
што доаѓаа од дамнините и според нив заклучуваа
дека таму, на небесата, не се неопходни очи
за да се гледаат ѕвездите и дека она
што треба да се види е –
на земјата. Осеменети сме од ѕвездите, велеа,
и каде ако не при нив?
Каде?

Им стануваше сè појасно дека човекот ќе може
и без земјата но земјата нема да може
без неговите коски. Им стануваше, исто така,
сè појасно дека ќе живеат низ зборот
зашто животот е пократок од зборот
и зашто зборот и мислата не се крвожедни:

клетките и на мислата и на зборот,
наспроти сè друго, не содржат крв.
Тоа беше причината, неосквернавен наследник
човеков да се сметаат само мислата и зборот.
И особено – сонот меѓу нив...

Само тие, мислата и зборот, и ништо друго,
содржеа во себеси огромни блокови време
кое од потомство во потомство сè повеќе се згуснуваше.
Мислата и зборот беа точката во која се сечеа
постоењето и непостоењето. Затоа
сите сеќавања беа и величествени и трагични;
беа една бесконечна археологија
на стравот; камено писмо на човековите
страдања и моќ.

Од неизвесности составен, животот нас нè поучуваше
да бидеме свои и кога сме поразени. Да бидеме
како и Виеру: *кога пишувам – како да орам со крст!*
*И силен не сум: куќа не можам да изградам,*
*крст не можам да издлкам.*
Од неизвесности составен, животот нас нè поучуваше
дека од него излегуваме и во зборовите
на Џон Адамс сè повеќе се препознаваме: *добро сум,*
*добро, но телото во кое живеам – добро не е...*

И сите заедно и секој сaме
Најсуровите бојшта ги носеа во себеси
и најтаинствените соништа ги носеа со себеси,
одеа и шепотеа: како тоа никој да не ги насети
неволјите на Сонцето; како тоа



никој да не го размрси јазолот –
и смртта да се доживува како и секоја болест
која одминува?

Ги обожаваше самогласките во зборот
и беше сосем уверен дека само тие и ништо друго
се животворни клетки; галактички знаци
кои имаат својства да го спречуваат распадот
и кои не се ништо друго освен смрзнати клетки
на дамнешни апостоли, пастири, поети.
Ги разликуваше младите зборови
кои сè уште не созреале во говор. Тие имаа
протоплазма стара со милиони години
па се веруваше дека зборот или поточно
големото О било создадено од бесконечните
и продолжени довици на времињата низ вечноста
и затоа тоа О е светиот спомен
на големите кругови
кои постапно се распаѓале на помали:
кругови очи ⊙ ⊙, боски, топани и клопчиња могли...
Навистина: без О зборовите и книгите
се разболуваа, пожолтуваа и се ронеа
како исушен смил.

Ги разликуваше според душевното страдање
вокалите на каменот од вокалите на радоста,
вокалите на светлината од вокалите на ужасот.
Знаеше точно тие, зборовите со многу вокали,
дека имаат духовно својство да ги возобновуваат
и враќаат назад милионите години кои пред тоа
веќе прошетале по земјата. Тие одминати времиња

зборовите на својот врат ги носеа како низа,
како знак дека живеат меѓу две смрти:
онаа која веќе се збиднала и онаа која допрва
ќе се случи. Со вродена дарба
и најнеоскврнавениот вокал се сеќаваше
на некој блажен мир и светлина која изгрева
само пред средбата на живите со оние кои некогаш
биле живи...

Секој жив знаеше за исцелителната моќ на вокалите:
еден од нив ги будеше луѓето од стравот,
друг ги спасуваше од помрачување на умот. Имаше
некои понепознати вокали, црвеникави по боја,
кои во себеси ја чуваа пепелта на мртвите. Прилегаа
на обетките есени, што ги носеа само варвари
на кои им се раѓаа деца точно првата недела
во која се вкрстуваа првиот изгрев со последниот
залез. Тоа беше земјата во која беа населени
само птици кои умееја пеејќи да предочат
дека смртта е некој облик на животот
кој многу прилега на сонце кое умее самото
да си ја измери својата старост... Затоа,
луѓето и не помислуваа да се одречат
од своето родство со смртта па затоа и ја
посакуваа неа и вежбаа смрт. Сите живи,
едноставно, се препознаваа себеси во неа
скаменети, изладени, легнати и спокојни
одгатнувајќи ги големите тајни на нејзината
постела. Си преповторуваа и будни во сонот:
осеменети сме од ѕвездите и каде ако не при нив?



Сите тие и мртви имаа своја географија, своја земја,
своја адреса. Бидејќи приживе на земјата тие немаа
своја очовечена земја, со големи радости се упатуваа
на нивната небеска земја и таму легнуваа
на своја постела, еден до друг, со смртта меѓу нив,
како единствено и најголемо родство.
Нека живее следниот, извикуваа, *vivant sequens*
кога веќе никаде не е оној кој е насекаде
а потоа продолжуваа да го ронат меѓу прстите
сувото лисје на некогашните секавици и луњи.
Оној меѓу нив кој приживе не се научил да моли
и да се моли тргнуваше накај морето
за да се увери самиот дека и тој и сите заедно
сме само *pulvus et umbra,* само прав и сенка:
прав – и кога сме живи и кога сме мртви;
сенка – и кога сме живи и кога сме мртви.
Како мртви имавме подолга сенка
отколку кога бевме живи. Како мртви
бевме поситна прав отколку кога бевме живи...

И камењето на земјата уште те памети, си довикуваа
еден на друг и сите се двоумеа дали не згрешиле
дури биле живи, прашувајќи се еден другего
зошто секој од нив не му додал барем уште една ѕвезда
на небото: *sidera coelo addere,* велеа
и почнуваа да ја пеат најомилената песна
на мртвите низ сите времиња: *PAULO MAIORA CANAMUS!*
Да запееме за поголеми нешта и нека живее следниот,
*vivant sequens,* викаа а потоа, кај сам кај со друг
излегуваа да поразговараат со камењето, да одбираат
поретки облици, да ги проучуваат нивните тајни

а потоа и да се пресоздаваат и да учат од нив
зашто тука тие јасно распознаваа дека под историјата
има една друга историја и над неа пак една друга
историја и дека над сите и меѓу сите истории
летаат птици и меѓу птиците шета една историја
мајка на сите истории! Таа историја поучуваше
дека знаците на времето живите не можат да ги
одгатнат и затоа сè што постои или не постои
– под зборот се крие: *sub voce,* велеа некои мртви
кои лежеа тука, но не беа
од Македонија туку само прошетале низ неа
и останале во неа како прав.

Голема недоумица беше за сите мртви дури гледаа
низ голема бучава како се урива и она
кое никогаш не постоело. Тоа за нив беше нешто
што прилега на волшепство: појавното излегуваше
од невидливото и секое знајно битие
на ист начин се враќаше во себеси, во корените
на своето небитие а потоа секое небитие
настојуваше да се збидне во појавното. Беше
сето тоа некој заборавен календар
кој ги определуваше сите биогени и морни,
сите гласови и генетски игри:
парченца живи ѕвезди светкаа на градите на
мртвите како амулети и тие им го покажуваа
патот на сите рожби кон небото...
Осеменети сме од ѕвездите, пееја мртвите,
и каде ако не при нив?



И ѕвездите ниту миг не можеа без луѓето –
и кога беа живи и, особено, кога беа мртви:
ѕвездите очовечуваа, луѓето – оѕвездуваа...

Само тука и на ниедно друго место
секој јасно ги распознаваше и владееше
со своите сопствени знаци: знаците не го одредуваа
говорот со кој се служеа живите
но затоа ги упатуваа сите мртви кон
непостојното: кон она кое повеќе е изложено
на светлина која ги чита имињата
на уште нероденитe... Таа светлина ги насетуваше
сите облици што живите го именуваа како
онтолошко, како ὄντος, како изумено битие
исчезнато во надежта...

Така осознаваа дека и смртта само намисла е
и сеќавање, можеби, на нешто или продолжение
можеби – на нешто! И сите кои ќе го допреа
тој миг – го допираа самото битие на појавното:
Осеменети сме од ѕвездите, пееја мртвите,
и каде ако не при нив?

Напати, смртта излегуваше од мртвите и застануваше
спроти нив возвишена, бесконечна, умна: сама меѓу сè друго.
Спротивност на спротивностите. Феномен на феномените.
Доколку некогаш таа веќе била нечија мисла или
намисла, сега стоеше спроти нив како сеќавање,
како ехо на некое дамнешно прашање. Излегуваше
од себе, кружеше, создаваше и пресоздаваше облици.
Бесконечна, возвишена и умна, загледана во своите мртви,

долго размислуваше и самата која е и што е: крај
или пак крај и на она што е и отаде крајот? Можеби
сеќавање на животот е, знак на знаците, израз на изразот,
широко, плавно ***О*** на ***о***-то или ***Б*** на ***б***-то? Долго
размислуваше за сето ова, за темпоралноста сопствена
размислуваше и на крајот заклучуваше дека
таа и нешто друго го крие во себе и крајот на времето:
за појавноста размислуваше, за бесмртноста на
паметењето како крај на секоја темпоралност зашто
само по себе и животот значеше смрт на времињата.

Секој меѓу мртвите својата смрт ја сметаше за
единствена прамајка на сите други смрти. *Magna mater,*
извикуваше, живата и само моја *Magna mater!* Ничија
освен моја, ниту на најблискиот ниту на најдалечниот
– освен моја! Моја во намислата – моја и во сеќавањата,
велеа, и во прелагата и во појавноста моја, моја на
моите допири и моја на моите заборави и прелаги,
на моите чувства и височини, на моите провалии,
на моите населувања и на моите откажувања! Секој
меѓу мртвите својата смрт ја сметаше за единствената
прамајка, ничија друга освен своја! Беа уверени дека
во нејзиниот корен зачнувало и ќе зачнува сè:
смртта им беше и синтагма и парадигма, и време на
историјата и историја на времето; таа им беше нивно
и внатрешно и надворешно време; и парабола и хипербола.
Со своите предци се познаваа според парчето сонце
кое светкаше на нивните ревери како амулет:
осеменети сме од ѕвездите и каде ако не при нив?

Сите мртви до ситници беа упатени во животот
на ѕвездите и ним, како на сопствени деца,



им ставаа имиња, ги носеа на крштавање, ги смируваа
кога плачеа и никогаш не сонуваа за светови
кои некогаш постоеле туку копнееја по светови
кои никогаш и никаде не постоеле! Сон на секој
мртов беше да слушне како пее ѕвездената прав:
одново се враќа некаде оној кој не веруваше
дека враќање има...

Меѓу мртвите смешно беше да се говори за можноста
на смртта, само по некој размислуваше за смртта на
можното. Од некои смртта се поимаше како севкупност,
како утеха; можеби пристан во бесконечната пловидба
на ѕвездените честици од кои беше создавана мислата;
се поимаше како единствена зрелост и на деновите
и на ноќите, и на летата и на зимите; како крај на
времето и миса на можното невозможно. Во доба
која ние, живите, сè уште не можеме да ја одгатнеме,
мртвите тргнуваа на причесна секој во рацете
носејќи по една мала запалена ѕвезда и пеејќи:
никаде не е оној кој е секаде; *nusquam est, qui
ubidue est!* И почнуваа да сонуваат за уште
поголеми нешта од оној што не е. Гледајќи дека
и ѕвездите имаат своја чест тие и во сонот преповторуваа:
*ut ameris ama;* љуби за љубен да бидеш...

Мртвите кружеа со векови и со вечности и многу љубеа
да ги читаат и препрочитуваат псалмите: заборавен сум
од сите; како да сум скршена стомна. Друг додаваше:
подобро беше снагата кога ми беше овената и коските
кога ми се сушеа... Сега сум како во некоја пустина
во која се слушаат само завивања на којоти и

утови... Како утка во пустина, како був меѓу урнатини.
Буден лежам, не заспивам, гледам и само гледам: станав
како осамена птица на покривот. Дните на мојот дух сега
како чад исчезнуваат и срцето овенува како покосена трева -
и кожата за коските ми се залепи... Оние пак кои
само слушаа а ништо не кажуваа, како в хор ќе извикаа:
Ти си никој ако не се сакаш и себеси...

Живите се плашеа да ја спомнат вечна зашто таму
тие немаа своја сенка а без сенка не можеа. И водата
што млави не може без сенка како што и сенката
без себеси не може. Мртвите, пак, кога би ѝ се плашеле
– би немале сенка. И живите и мртвите свое продолжение
ги сметаа само вокалите. Беа уверени дека само вокалите,
и ништо друго, се животворни клетки; галактички
знаци кои имаат антиоксидантни облици и својства
и кои не се ништо друго освен смрзнати клетки на
дамнешни апостоли, пастири, поети... Тие според тоа
заклучуваа дека постојното и непостојното имаат иста крв
и дека и меѓу мртвите има луѓе кои ги засенуваат и
живите: меѓу духовите се распознаваше и оној на Израилецот
кој приживе сам си ја запалил жетвата и на императорот
Хадријан му принесол една кошница пепел велејќи му:
Ова е данокот што Израел му го плаќа на завојувачот...

Во смрзнатите клетки на дамнешните апостоли,
пастири и поети се распознаваше и Ајсхил загледан
во Егејското Море како им цвета на мртвите. Со јаглен
од ѕвездени вокали, мртвите дењем пишуваа графити
долж целото небо а ноќем седнуваа на најјарката
ѕвезда и прераскажуваа земски здодевности... Секоја



недела, кој меѓу мртвите ќе се родеше прв – ги собираше
гласовите на утринските птици на небото и од нив
правеше пишувало за своите псалми и својата скрб:
- не спијам и седам како утка сам, без никого
  и без себеси...
- јадам пепел место леб и она што го пијам
  го растворам во солзи...
- и деновите мои како сенка се која одминува
  и како трева изгорена сум...

Оној пак прв кој ќе ги чуеше псалмите санок
пееше низ небесата: О, сега гледам: *As a crucified
man cannot move*, и како се измачува
Тед Хјуз, распнат на крст да се искачи отаде
заборавот, отаде секој камен кој ги памети
спокојните беседи меѓу пријателите.

И на небото имаше мигови во кои човек да почувствува
и гнев и скрб. И Исус, гневен на својата вечност,
одеше осамен со врзопче исушено билје брано покрај
Мртвото Море. И ќе седнеше Исус,
и ќе го распостелеше врзопчето а билјето уште на првиот
допир со светлината се пресоздаваше во звуци
од харфите што ги свират и што ги пеат
псалмите Давидови. Оди и си потпевнува Исус,
тагувајќи што нема сопствен пород. Грешка е, Господи,
пее Исус, сега убаво осознавам дека првиот плач
на сопствено дете бил Песна над песните!
Кој освен мене, Господи, им погледна в очи
и на сонцето и на смртта, но што од сето тоа
и што од многу друго? Трагичниот валцер
што го изиграв со крстот ми покажа

дека со крв се разделени епоха од епоха
но и ден – со ден! Подобро е да се исчезнува
отколку да се умре и дека во прелага се сите
кои веруваат дека човекот е создаден за смртта
и поради – смртта! О, Господи,
првиот плач на сопствено дете бил Песна над песните!

Никој друг освен земјата не се сеќава ниту на Исуса
и уште помалку на – некој друг. Тие и горе,
на небесата, ги почитуваа мудростите земски: не им се
доверуваа на реки кои не течат; не изгаснуваа оган
дури гори. Во ужасната пустина на небото тие ја
претчувствуваа аурата на големите жетви на земјата
па од рано тргнуваа и одеа со срповите в раце
но ниви стасани тие не гледаа. Фатени еден до друг,
во бесконечни редици, залудно се обидуваа да му
погледаат на Сонцето в очи! И само молчеа: знаеја
дека зборот ја разорува смртта и дека поради тоа
живите се плашат од молкот на мртвите. Мртвите
зборовите ги изрекуваа само во денови кога заедно
со птиците одеа на молитви кај што се читаше
Евангелието по Лука кое беше напишано на македонска
земја. Тој ден, Исус на своитеревери,
како амајлија носеше птица од првото јато
по создавањето! Тоа беше птица со голема дарба а
голема дарба значеше и големо проклетство:
таа птица имаше црвени крилца кои зрачеа гласови
на орфејски свештеници. И имаше виолетово главче,
нешто болникаво и тажно. Само таква птица умееше да
пророкува светови кои никогаш и никаде не постоеле.
Птицата знае дека тие светови се множат само таму
кај што се копнее да се биде заборавен и сам.



Сите мртви со страв и чудење се загледуваа во себеси:
ниеден од нив ниту поголем ниту пак помал од атом!
Беа горди зашто убаво знаеја дека ништо не исчезнува
но дека само атомите во кои се пресоздадени се вечни:
само со едно обично вдишување внесуваа во себеси
со милијарди и милијарди атоми кои вчера или пред
векови и векови ги вдишувале Хомер,
Александар Македонски или Цезар и Исус. Затоа живите
при секое вдишување, кога ќе го препознаеја во себе
атомот на Цезар, извикуваа: *AVE CAESAR*– а кога ќе го
препознаеја атомот на Исуса во себе почнуваа да се
крстат и да се молат: Благослови Исусе... Имаше атоми
кои го пренесуваа звукот на планетите во вселената
и според тоа луѓето заклучуваа дека во тој миг вдишале
и атоми кои ги вдишувале Демокрит и Ајнштајн. Имаше
атоми за кои со сигурност се тврдеше дека ги вдишувале
орфејците и првите будистички свештеници во пештерите
на Тибет. Но, сето тоа беше залудно зашто веднаш,
со издишувањето, атомите излегуваа од атомите на мртвите
и продолжуваа да кружат меѓу живите. Така мртвите
беа во постојан допир со живите. Преку атомите
влегуваа во телата на своите роднини и пријатели
и забележуваа човекот дека веќе ѝ здодеал на земјата
и дека скоро таа, пресоздавајќи се во огнена грутка,
ќе ги избрка луѓето од себе, пресоздавајќи ги во атоми
што ќе нема кој да ги вдишува и издишува. Ништо телесно
нема да остане во нив: само зборови и самогласки
расфрлани низ правта на пустините...

Поради сето ова некои помислуваа дека само смртта
е совршенство и дека таа не е од овој свет ниту пак

е во силата на човсковото искуство: човекот не успеа
да ја превозмогне смртта – таа беше само честица
време а времето пак беше само дел од смртта; една,
таа само, беше – бесмртна.
Ева, ставајќи билки врз мртвите, залудно
се обидуваше да ги оживее. Попусто беше сето тоа.
Затоа мртвите со денови и ноќи ги листаа и прелистуваа,
ги читаа и препрочитуваа страниците на бесконечната
небеска пустина – писмо пишувано со пустинска прав:
секоја прашинка – историја до историја и свет до свет;
секој подруг – секој поокрвавен од другиот. Од небеската
пустина, од таа бесконечна библиотека не се делеа
само Бог и – смртта. Господи, кога ќе запрашаа
мртвите, како ги пишуваш и читаш твоите книги
кога ниту ука имаш ниту писмо знаеш? Со камејна,
одговараше Господ, ќе откорнам неколку планиње
одеднаш, ќе ги превртам и ќе ги треснам од земја.
Ете тоа е моето писмо, моето камено мастило
кое никогаш и со ништо не се брише. А кога ќе го прашаа:
А зошто и Ти си со нас тука, Господи, ќе речеше:
Иста судбина зашто имаме и зашто ова наше
Братство на мртвите не постои никаде – освен тука...

И навистина: тука некоја сила сите мртви ги правеше
совршени, во секоја нивна помисла беа содржани
сите вистини: знаеја дека духот не зачнува во нивната
мисла туку мислата во него и поради тоа тие беа
надарени да го видат и допрат и својот дух; нивното
око да се види себеси, огнот нивни – сам
себеси да се изгори...



Планините таму беа привидение на нешто кое
со знаење не може да се одгатне: земјата – чиста,
гласот таму – нема звук и неподвижен е
а се зборува низ облици во кои мислата се пресоздава:
не одеа повторно таму каде што веќе биле,
не го доживуваа она кое веќе претходно го доживеале,
не се среќаваа со оние со кои веќе некогаш
се сретнале. Секој почеток таму беше крај
и секој крај обдарен со мноштво вокали:
таму мртвите сами го определуваа и времето и местото
на своето второ раѓање и никогаш обликот
на сопствените преобразби не го преповторуваа:
Големото тркало на создавањето
ги преобразуваше мртвите во кругови
кои се ширеа сами од себе:

Да се живее животот, да се умира – смртта!

Се откриваа себеси преобразени во време
и никогаш веќе не беа ништо друго освен време.
Некои веруваа дека тоа е битието на преминот
за кој не знаеја ниту од каде е ниту пак за што е:
го живееја животот – ја умираа смртта
и тврдеа дека ѕвездите умираат порано од луѓето
а светлината што ја оставаа тие зад себеси
беше само обично сеќавање дека некогаш биле.

Мртвите лежеа на постела послана во точката
во која се вкрстуваа вечноста и осамата. Тоа, всушност,
беше едно и исто: оној кој ќе влезеше низ вратите
на вечноста – излегуваше низ вратите на осамата.

Во тој свет владееше светлината на бројките
и оној кој ќе влезеше во 2 или во 3 или во S
или во *mc*$^2$ се здобиваше со магичност
и самиот да учествува во големите множења
на амфибрахот со степенуван облик на првата
ѕвездена непозната или пак во процесот
на окрвавените поделби на јамбот чии честици
пливаа низ светите води на бесконечната река на
времето. Некои таинствени бројки кои како плодови
никнеа на стеблото на *DNA* говореа низ едноставни формули:
и она кое е простум – продолжува во легната положба
да го живее животот – да ја умира смртта!

Ослободени од сите болести и зла, никој не умираше
заради другиот туку заради себеси; не умираше
на земјата туку – во себеси. Така ја слушаа
светлината и отелотворени во неа ја проповедаа
гледајќи – до кај што гледа и таа и говорејќи
како што говори таа. Мртвите знаеја дека нивните
некогашни имиња на светлината не ѝ беа познати.
Не беа безимени зашто на тоа провидение можеа
да сметаат само оние кои не постојат.
А таква состојба – немаше!

Тој гледаше, Тој веќе знаеше дека заминуваат сите но,
секој одделно, секој сам. Знаеше дека на Судниот ден,
на *Dies Irae*, му се судеше само на поединецот а не
на сите заедно. И можеби затоа и не се чувствуваше
осетно тоа заминување зашто во меѓувреме или во
истиот час надоаѓаа други кои требаа да минат
низ сите привиденија низ кои минуваа претходно оние
кои веќе беа заминати.



Мртвите не знаеја да зборуваат, тие никогаш и никаде
не проговорија ништо но се знаеше дека постојано
поучуваат оти треба да се оди напред, да се продолжува...
Што да се продолжува, кога ги прашуваа, одговараа:
Живите да оземјуваат – земјата да се оѕвездува. А од кај сте,
кога ги прашуваа, и која ви е татковината, одговараа:
Од нашите гробишта сме; гробиштата ни се татковина.
Постапно, знакот преку кој ги распознаваа луѓето
дури беа живи се пресоздаваше во знак преку кој ги
распознаваа и мртви: *DNA* стануваше [illegible] а [illegible] се преобразуваше
во *DNA*.

Ги гледаше еден по еден како одминуваат и исчезнуваат
а кога праша кој каде оди - секој на свој начин појаснуваше
дека едни одат во [illegible] други кон [illegible] трети, неури ги викаа,
својата *DNA* ја пресоздаваа во ✳ или во ♉. Некои, добро се
знаеше тоа, одеа на Платоновата чиста земја – или
во Вечна. Некои сонуваа да се искачат на [illegible] или на
☾. Сите внимаваа ветриштата да не ги одвеат на Ψ
и насекаде каде што одеа ги пречекуваше Создателот.
Престолите му беа поставени и Одамнешниот, Вечниот,
седеше на својот престол и им се смешкаше. Облечен
во облека бела како снег, со долга, бела коса а престолот
како пламења огнени и река огнена тече под него
и илјадници и илјади понизно стоеја пред него а потоа,
Судот веќе беше седнат и Книгата отворена. Во неа
беа запишани имињата на сите живи и нивните дела.
Така на *Dies Irae*, *Thanatos*, и син и брат на Вечната ноќ
го распрашуваше дојдениот и потоа му ја отпеваше
химната на Инките: *Ете, влези сега во земјата,*
*твојата мајка, влези*

*во бесконечниѿе ѿредели на милосѿ ѓолема.*
*Таа нека ѿе чува од заборавоѿ и ништожностѿа.*
*Прими ѓо, Земјо, мајко на смрѿниѿе,*
*ѿрифаѿи ѓо, ѿокриј ѓо со ѿвојаѿа уѿа*
*и шѿиѿи ѓо како мајка сина си свој...*

*Thanatos* тогаш ќе станеше од својот престол
и ќе ги вкрстеше Земјата со Нептун, ♁ и ♆
и ќе речеше: *Mors janua Vitae;* смртта носи живот.
И навистина: точно на тој миг на земјата се раѓаше
нов човек!
Тој човек почнуваше да ја пее истата песна која
претходно веќе ја испеале оние на кои им ја пееше:
Дојдовме за да сонуваме, дојдовме за да копнееме,
и не е вистина дека сме дошле тука на земјата
за да живееме! Ние нема веќе одново да раззелениме
како тревата; нашето срце
заедно со нашето тело
веќе пресуши и изгоре...



Тој постојано се прашуваше кои се оние што не се
и каде се оние што не се. Тој знаеше дека секој јазол
се одврзува по обратен ред и затоа и на јаве и на сон
тој ги кажуваше псалмите:

*Како палма цвета праведникот,*
*висока и -*
*без глуждови...*

Тој знаеше дека не требо да се влезе во јазол
но не знаеше како да го направи тоа и
затоа си пееше:

*Кој ќе ми претскаже што ќе се случи утре?*
*Кој ќе го распара навезаното*
*но градиве што ми го заврза?*

Тој стои загледан во оној што некогаш беше
и прашува: што излегла да бара твојата душа и

дали, навистина, она што го бара таа
не постоеше на земјата? Цветовите од земјата
зошто ги носиш во Чистата земја кога веќе знаеш
дека тие таму не цветоат? Каде е таа земја
на поинаква светлина, кој ќе ти ја каже и кој во неа
ќе те одведе кога веќе Создателот се крие?
Каде отпатува, прашува тој, што бараш таму кој што
никогаш веќе нема да умреш? И навистина ли веруваш
во тоа дека и таму ќе живееш? Би можел ли ти
таму одново да ги видиш мајка ти и татко ти
или пак тие да те видат и дали би можеле
некоја песна да ти испеат и неколку збора
да ти проговорат? И, навистина ли зборувам со тебе
и навистина ли некој тука, на земјава,
не ја кажува вистината?

Каде се нашите пријатели, прашува Тој, нашите другари
каде се? На земјата, тука, или пак на небото
се оние кои веќе немаат тело? Кој е тој што таи
каде се нашите пријатели и рода?

Одеше тој накај оние што отпатувале
и постојано преповторуваше: Доба е кога е неопходно
да му се додаваат ѕвезди на небото: sidera coelo addere.

✣ ✣ ✣

Зошто ми префрлаш дека сум стар,
нели сме деца на јазикот
и нели јазикот никогаш не старее?



Ако не е така
барем да се вежам,
да си донесам наромник дрва

за кладата на која да догорам...

Зошто ми префрлаш дека сум стар,
о, смрти,
о, sancta simplicitas,
о, едноставности света...

# КРАТОК ЖИВОТЕН И КНИЖЕВЕН ЛЕТОПИС НА АНТЕ ПОПОВСКИ

## *Летопис*

**1931** Роден е на 3.6.1931 година, во Лазарополе.

**1937** Се запишува во прво одделение на основното училиште.

**1943** Под терор на балистички банди, во есента на 1943 година, неговото семејство се иселува од Лазарополе и најпрво се населува во Охрид, потоа во Скопје и во Битола. Тука го продолжува образованието.

**1950** Завршува средно образование во гимназијата „Гоце Делчев" во Битола.

Се запишува на Медицинскиот факултет во Скопје. Дипломира во есента на 1957 година.

**1955** Излегува од печат неговата прва збирка поезија „Одблесоци".

**1958** Излегува неговата втора книга поезија „Вардар".

**1964** Излегува од печат неговата трета книга поезија „Непокор", за која ја добива наградата „Браќа Миладиновци" на Струшките вечери на поезијата, а подоцна и националното признание „11 Октомври".

**1967** Избран е за потпретседател на Републичката комисија за културни врски со странство.

**1969** Избран е за член на Извршниот совет на Македонија.

**1970** Назначен е за директор на НИП „Нова Македонија".

**1972** Излегува четвртата негова книга поезија „Камена".

**1974** Назначен е за директор на „Вардар-филм".

Од **1975** наваму ги објавува книгите: „Тајнопис" (1975), „Љубопис" (1980), „Сина песна" (1984), „Глас од дамнината" (1985), „Ненасловена" (1988), „Провиденија" (1995), „Светата земја на зборот" (1995) и „Окото, светлините" (1996).

Работи и живее во Скопје. Член е на МАНУ.



### *I Првпат објавени книги*

**1955** „ОДБЛЕСОЦИ", поезија, „Кочо Рацин" – Скопје (50 стр.).

**1958** „ВАРДАР", поезија, „Кочо Рацин" – Скопје (70 стр). Второ издание: 1971.

**1964** „НЕПОКОР", поезија, „Култура" – Скопје (61 стр.).

**1972** „КАМЕНА", поезија, ЗИД „Нова Македонија" – Скопје (66 стр.).

**1975** „ТАЈНОПИС", поезија, „Македонска книга" – Скопје (73 стр.).

**1980** „ЉУБОПИС", поезија „Стремеж" – Прилеп (121 стр.).

**1984** „СИНА ПЕСНА", поезија „Македонска книга" – Скопје (65 стр.).

**1985** „ГЛАС ОД ДАМНИНИТЕ", црковни средновековни записи, „Македонска книга" – Скопје (149 стр.).

**1988** „НЕНАСЛОВЕНА", поезија, „Мисла" – Скопје (92 стр.).

**1995** „ПРОВИДЕНИЈА", поезија, „Детска радост" – Скопје (220 стр.).

**1996** „ОКОТО, СВЕТЛИНИТЕ", есеи, „Детска радост" – Скопје (267 стр.).

### *II Избори од поезијата на Анте Поповски на македонски јазик*

**1966** „МАКОВИ", „Мисла" – Скопје (97 стр.). Второ издание: 1969.

**1966** „ТРИПТИХОН", „Мисла" – Скопје (93 стр.).

**1977** „КОРЕН ЕДИНАК", „Мисла" – Скопје (223 стр.). Второ издание: 1985.

**1983** „РОДОПИС", „Мисла" – Скопје (165 стр.).

**1986** „НЕОБЈАТИЈА", СВП, „Наша книга" – Скопје (51 стр.).

**1988** „ПЕСНИ", избор и поговор Слободан Мицковиќ, „Наша книга" – Скопје (173 стр.).

**1990** „ПОЕЗИЈА", избор, редакција и поговор Слободан Мицковиќ, „Наша книга" – Скопје (551 стр.) – избрани дела во три книги.

**1991** „ОКОВАНО ВРЕМЕ", статии и коментари, избор, редакција и поговор Слободан Мицковиќ, „Наша книга" – Скопје (415 стр.) – избрани дела во три книги.

**1991** „МЕЃУ ЖИВОТОТ И ЗНАЦИТЕ", есеи, избор, редакција и поговор Слободан Мицковиќ, „Наша книга" – Скопје (406 стр.) – избрани дела во три книги.

**1991** „ДРВО ШТО КРВАВИ", избор и поговор Санде Стојчевски, „Детска радост", „Наша книга", „Македонска книга", „Култура", „Мисла" – Скопје (213 стр.).

**1994** „ТИШИНА", авторски избор, ГИП „Гоце Делчев" – Скопје (84 стр.).

*III Избори од поезијата на Анте Поповски објавени на странски јазици*

1963 „САМУИЛ" / поему „САМУИЛ" превео с македонског Влада Урошевић, остале песме превео Зоран Јовановић, „Багдала" – Крушевац (14 стр.).

1972 „TERRA DI MACEDONIA" / a cura di Giacomo Scotti. – Trieste : Lint (106 стр.).

1973 „ТИХО ЛЕТО" / превео с македонског и поговор написао Радивоје Пешић, „Слово љубве" – Београд (73 стр.).

1975 „SËMUNDINA" / zgjodhi e përktheu nga maqedonishtja Adem Gajtani, „Rilindja" Prishtine (69 стр.).

1976 „PESMI" / Blaže Koneski, Aco Šopov, Ante Popovski, Jovan Koteski; izbral, uredil in spremno besedo napisal Georgi Stalev; prevedla Ivo Minatti in Veno Taufer s sodelavci, „Mladinska knjiga" – Ljubljana (253 стр.).

1977 „ПЕСМЕ – ПЕСНИ" / избор и поговор Александар Петров; превод Александар Петров и Марија Кукубајска, „Народна књига" – Београд (301 стр.).

1978 „ОГЊЕНА" / избор, превод и препјев Сретен Перовић, „Побједа" – Титоград (119 стр.).

1981 „MACCII" / selectie si traducere de Dumitru M. Ion, „Cartea românească" – Bucuresti (62 стр.).

1983 „ΤΑ ΠΟΙΗΜΑΤΑ ΑΓΑΠΗΣ" / μετάφραση: Βασίλη Κορατζα, „Λύφος" – Αθήνα (59 стр).

1989 „ПЕСМЕ" / са македонског препевао Бранислав Петровић, „Просвета" – Београд (70 стр).

1991 „KUŞU BEKLERKEN" / Türkçesi Suat Engülü, „Tekin yayinevi" – Istanbul (86 стр.).

1994 „ARCANUM" / Foreword by Justo Jorge Padron; Translated from Macedonian by Zoran Ančevski, David Bowen, Dragi Mihajlovski, „La meridiana" – Roma (62 стр.).

1996 „ARCANUM II", / Translated from Macedonian by Zoran Ančevski, David Bowen, Dragi Mihajlovski, „Detska radost" – Skopje (136 стр.).

1996 „ONSEZI" / Türkçesi: Fahri Ali, „ERA" – Istanbul (69 стр.).

1998 „БЕЛЫЕ ХОЛМЫ ОТЕЧЕСТВА", Фонд им. Ю. Лермонтова – Москва (43 стр.).

1998 „LIST WIAROLOMNY" / Wstep, wybór i przeklad z makedonskiego Marek Wawrzkiewicz, „Ksiazka i Wiedza" – Warszawa (61 стр.).

2000 „L'INNOMÉ", „Lesprit de peninsules", Paris.

2000 „PROVIDENCA", „Mësonjëtorja e Parë", Tiranë.



Во печат се подобени избори од неговата поезија на германски (Берлин), француски (Париз) и албански јазик (Тирана).

Застапен е во Антологијата на светската поезија, издадена во Атина, 1982.

Одделни сепарати и тематски избори од неговата поезија објавувани се на француски, германски, шпански, руски, кинески, хинду, полски, бугарски, унгарски и многу други јазици.

*IV Преведувачката дејност на Анте Поповски*
*(Посебни изданија)*

1968 „ГОРЧИН" / Мак Диздар; препев Анте Поповски, „Македонска книга" – Скопје (133 стр.).

1973 ИЗБОР / Еуџенио МОНТАЛЕ; препев и превод Анте Поповски, Наум Китановски, „Нова Македонија" – Скопје (259 стр.).

1981 „ИЗБРАНИ И НОВИ ПЕСНИ" / Иван В. ЛАЛИЌ; избор, препев и поговор Анте Поповски, „Македонска книга" – Скопје (106 стр.).

1983 POETRY = ПОЕЗИЈА / Сакидананд Хирананд Ватсјајан–Агјеј; избор и препев Анте Поповски, Шјорај Синг Генг; предговор Анте Поповски, „Македонска книга" – Скопје (277 стр.).

1988 „ЗАРОБЕНИОТ УМ" / Чеслав Милош, есеи. Шревод од српскохрватски Анте Поповски, „Наша книга" – Скопје (253 стр.).

1995 „СВЕТАТА ЗЕМЈА НА ЗБОРОТ", антологија на современата јидиш-поезија / составувач, избор, препев и предговор Анте Поповски, „Детска радост" – Скопје (414 стр.).

1995 „СВЕТА ЗЕМЈА" / Јехуда АМИХАЈ, избор Анте Поповски, Паскал Гилевски; предговор Анте Поповски, „Детска радост" – Скопје (136 стр.).

1995 „ВОДЕН ПЕЧАТ" / Јосиф Бродски, превод Анте Поповски, „Детска радост" – Скопје (176 стр.).

1997 јануари, „ПЕСНА НАД ПЕСНИТЕ" / препев и предговор Анте Поповски, „ОКО" – Скопје (99–113 стр.).

1997 „СЕМЕТО ПРВО" / Јоргос Сеферис, избор и препев Анте Поповски, Паскал Гилевски; предговор Паскал Гилевски, „Детска радост" – Скопје (126 стр.).

1997 „ДРУГА ЕПОХА" / Јанис Рицос, избор и препев Анте Поповски, Паскал Гилевски; предговор Анте Поповски, „Детска радост" – Скопје (126 стр.).

**1997** „ЗЛАТЕН СОН" / Никифорос Вретакос, избор и препев Анте Поповски, Паскал Гилевски; предговор Паскал Гилевски, „Детска радост" – Скопје (124 стр.).

**1997** „СВЕТИ ОСТРОВИ" / Одисеас Елитис, избор и препев Анте Поповски, Паскал Гилевски; предговор Анте Поповски, „Детска радост" – Скопје (124 стр.).

**1998** „ЛУДИЛАТА НА СВЕТОТ" / Фатос Арапи, превод и препев Анте Поповски, Али Алиу, Луан Старова; предговор Анте Поповски, „Детска радост" – Скопје (138 стр.).

**1998** „КОСКИ И МАСЛИНИ" / Џевахир Спахиу, избор и препев Анте Поповски, Али Алиу; предговор Анте Поповски, „Детска радост" – Скопје (138 стр.).

**1998** „СМРАЧЕНО НЕБО" / Исмаил Кадаре, избор и препев Анте Поповски, Али Алиу; предговор Анте Поповски, „Детска радост" – Скопје (122 стр.).

Антологиски избор од современата албанска поезија

Антологиски избор од современата грчка поезија

„Песна над песните"

Посебни циклуси и сепарати препејувал од поезијата на: Вислава Шимборска, Ханс Магнус Енценсбергер, Чеслав Милош, Јосиф Бродски, Дерек Волкот, Артур Лундквист, Томас Шалкот, Умберто Еко, Јанис Рицос, Мелих Џевадет Андај, Никита Станеску и други.

*V Награди и признанија*

**1964** Наградата „Браќа Миладиновци" на Струшките вечери на поезијата за најдобра книга поезија од македонски автор (за „Непокор").

**1964** Националната награда „11 Октомври", за највисоки остварувања во уметноста (за „Непокор").

**1972** „Nostro vivajo" – прва награда за поезија на Европа.

**1984** Наградата „Кочо Рацин" за најдобра книга издадена во текот на годината на книгоиздателството „Македонска книга" (за: „Сина песна").

**1995** Наградата „Браќа Миладиновци" на Струшките вечери на поезијата за најдобра книга поезија од македонски автор (за: „Провидениjа").

## СОДРЖИНА

Предговор ........ 5

ПЕСНА I
*Каин и Авел* ........ 7

ПЕСНА II
*Земјата не љуби зборови* ........ 51

ПЕСНА III
*Зборот. Патријархот.* ........ 61

ПЕСНА IV
*Втроени камени врати* ........ 73

ПЕСНА V
*Сами себеси и земја и крст* ........ 85

ПЕСНА VI
*Крстици сончева светлина* ........ 123

ПЕСНА VII
*Коските потпевнуваат:*
*врати ми го переченото* ........ 157

ПЕСНА VIII
*Друга земја освен земјата – нема* ........ 171

ПЕСНА IX
*Бело време. Нема епоха.* ........ 181

ПЕСНА X
*Вини и дамнини* ........ 193

ПЕСНА XI
*Голема преселба на облиците* ........ 227

ПЕСНА XII
*Прво ние одевме по сабјата*
*– а потем сабјата по нас* ........ 251

ПЕСНА XIII
*Оѕвезден камен* ........ 283

ПЕСНА XIV
*Бели ветрови со црвени гриви* ........ 301

ПЕСНА XV
*Скриј се во осама* ........ 319

ПЕСНА XVI
*Каменот – најстариот меѓу зборовите* ........ 337

ПЕСНА XVII
*Мостови, љубовни мапи и знамиња* ........ 353

ПЕСНА XVIII
*Копнееше себеси да се вдвои* ........ 379

ПЕСНА XIX
*Мракот на мојата постела* ........ 395

ПЕСНА XX
*Го бришеа смртното од прстените* ........ 413

ПЕСНА XXI
*Големите домостроители од еповите* ........ 433

ПЕСНА XXII
*Време како исушен смил* ........ 455

Краток животен и книжевен летопис
на Анте Поповски ........ 483



ISBN 9989-649-87-1
9 789989 649875



* * *

Зошто ми префрлаш дека сум стар,
кога сме деца на јазикот
и кога јазикот никогаш не старее?

Ако не е така
барем да се вежбам,
да си фрлам нацепени дрва

за кладата на која да догорам...

Зошто ми префрлаш дека сум стар,
о, старост,
о, sancta simplicitas,
о, едноставноста свето...

ISBN 9989-649-87-1
9 789989 649875